# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 30.12/2016 - 31.12/2017

*Почитувани,*

*Пред Вас е Извештајот за работата на деветтиот пратенички состав на Собранието на Република Македонија.*

*Податоците презентирани во овој Извештај се добиени со употреба на стандардната методологија и претставуваат сублимирани информации за пленарните седници, седниците на работните тела, парламентарните делегации и групи за соработка, односно за работата на пратениците - нивните активности во Собранието и нивните меѓународни активности, како и активностите и динамиката на работа на Службата и учеството на граѓанските и невладините организации во работата на Собранието на Република Македонија.*

*Почитувани,*

*Првите месеци од работата на овој пратенички состав на Собранието беа несомнено турбулентни, но истовремено исполнети со многу позитивни чекори преземени во насока на целокупен развој на општеството.*

*Во Извештајот евидентна е меѓународната активност на пратениците, а во исто време, забележливо е дека Собранието е целосно транспарентно и отворено за граѓаните и граѓанските организации.*

*На крајот, би го искажал своето задоволство од фактот дека зад нас е успешен период во работа на Собранието и увереност дека активностите кои што се пред нас ќе бидат одбележан со уште поголеми успеси, подинамична парламентарна дипломатија и напредок во работата на Собранието кој што ќе се отслика и во целокупното општество на Република Македонија.*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Македонија***
***Талат Џафери***

# СОДРЖИНА


**1. Вовед 2**
**2. Пратенички состав 4**
2.1.Изборни резултати **5**
2.2.Пратенички групи 9
2.2.1. Пратеници 9
2.2.2. Промени во пратеничкиот состав 17
2.2.3 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 22
2.2.4 Полова структура на пратениците по пратенички групи 22
2.2.5 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 22
2.2.6 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 22
**3. Пленарни седници на Собранието 23**
3.1. Пленарни седници 24
3.1.1. Посебни седници 25
3.1.2 Времетраење на седниците 26
3.1.3. Одлучување и гласање 27
3.2 Разгледувани акти 28
3.2.1. Поставени акти на седница 28
3.2.2. Разгледани акти на седница 29
3.3. Закони 30
3.3.1. Донесени закони 35
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 38
3.3.3. Закони по редовна постапка 39
3.3.4. Донесени ратификации 42
3.3.5 Недонесени закони 43
3.3.5. Повлечени закони 43
3.3.6. Неприфатливи закони 44
3.4. Одлуки 45
3.5. Други акти 52
3.5.1. Усвоени акти 52
3.5.2 Само разгледани акти 54
3.5.3 Акти за усвојување 55
3.5.4. Неусвоени и повлечени акти 56
3.6. Амандмани 58
3.7. Пратенички прашања 61
**4. Работни тела на Собранието 63**
4.1. Постојани работни тела 64
4.2. Посебни работни тела 118
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 118
4.3. Совети 120
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 120
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 122
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 123
**5. Претседател и потпретседатели 129**
5.1. Претседател 130
5.2. Потпретседатели 143
**6. Меѓународна соработка 144**
6.1. Мултилатерална соработка 147
6.2. Други меѓународни активности 158
6.3. Билатерална соработка 160
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието 161**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 162
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 162
7.3. Свечени изјави 163
7.4. Доделување на државни награди 165
**8. Јавност во работата на Собранието 166**
8.1. Собраниски ТВ канал 167
8.2. Електронска комуникација 172
8.3. Средства за јавно информирање 177
**9. Клуб на жени пратеници 180**
**10. Активности на невладини организации во Собранието 183**
10.1. Национален демократски институт НДИ 184
10.2. МОСТ 188
**11. Служба на Собранието 190**
11.1. Внатрешна организација 191
11.1.1. Одделение за внатрешна ревизија 195
11.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси 197
11.1.3. Парламентарен Институт 202
11.2. Податоци од стручно-административен карактер 210
**12. Прилози 214**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 215
Прилог 2 Дневни редови на седници 218
Прилог 3 Меѓународни активности 231

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1.ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Деветите предвремени парламентарни избори во Република Македонија, се одржаа на 11 декември 2016 година по самораспуштањето на осмиот парламентарен состав на 17 октомври 2016 година.

Врз основа на членот 4 став 2 од Изборниот законик, во Собранието на Република Македонија се избират 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избират според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици, во кои се избират по 20 пратеници и тројца пратеници се избират според пропорционален модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија.

Во седумте изборни единици, односно на **3524** избирачки места, од вкупно евидентираните **1.784. 416** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го остварија **1.191.852** избирачи односно **66,79 %.**

Според утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предложени и утврдени **58** листи со вкупно **1.160** кандидати за избор на пратеници, а во изборната единица 7 се предложени и утвредени **4** листи со вкупно **12** кандидати за избор на пратеници.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати за пратеници со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **295.858** избирачи во избирачкиот список на **522** избирачки места гласале **217.823** избирачи односно **73,62%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **8** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионери граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **10** пратенички места, Движење БЕСА - **1** и Демократска унија за интеграција - **1.**

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати за пратеници со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **306 471** избирачи во избирачкиот список на **504** избирачки места гласале **203 923** избирачи односно **66,54%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **9** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионери граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **8** пратенички места, Движење БЕСА - **1** и Демократска унија за интеграција - **2 .**

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **8** листи на кандидати со вкупно **160** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **280 727** избирачи во избирачкиот список на **682** избирачки места гласале **204 193** избирачи односно **72,74%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **11** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионерии граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **9** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **7** листи на кандидати со вкупно **140** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **282 537** избирачи во избирачкиот список на **599** избирачки места гласале **211 897** избирачи односно **75 %.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **10** пратенички места и Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионерии граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **10** пратенички места.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **10** листи на кандидати за пратеници со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **307 817** избирачи во избирачкиот список на **516** избирачки места гласале **157 960** избирачи односно **51,32%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **9** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионерии граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **9** пратенички места, Коалицијата Алијанса за Албанците (ДР-АДП, УНИТЕТИ, НДП) - **1** и Демократска унија за интеграција - **1.**

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **9** листи на кандидати за со вкупно **180** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **307 817** избирачи во избирачкиот список на **516** избирачки места гласале **157 960** избирачи односно **51,32 %.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - Демократска Партија за Македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија – СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО - ДП (ВМРО - Демократска партија), Бошњачка демократска партија – БДП, Демократска партија на ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на ромите, Движење на национално единство на турците, Демократски сили на Ромите" освои **4** пратенички места, Коалицијата "Социјалдемократски сојуз на Македонија- СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтенатива - НА, Демократски сојуз на Власите во Македонија - ДСВМ, Српска странка во Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - ПЕП 21, Партија на обединети пензионерии граѓани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнаова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на Ромите - ПЦЕР" - **3** пратенички места, Демократска партија на Албанците - ДПА - **2** пратенички места, Коалицијата Алијанса за Албанците (ДР-АДП, УНИТЕТИ, НДП) - **2,** движење БЕСА - **3** и Демократска унија за интеграција - **6 .**

**Изборна единица број 7**

Во Седмата изборна единица се утврдени **4** листи на кандидати за пратеници со вкупно **80** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **20 573** избирачи во избирачкиот список на **46** избирачки места гласале **8 232** избирачи односно **40 %.**

Согласно со членот 4 став 3 од Изборниот законик од оваа изборна единица не се избра ниту еден пратеник, поради неисполнет цензус согласно законот.




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | КОАЛИЦИЈА ВМРО-ДПМНЕ | 8 | 9 | 11 | 10 | 9 | 4 | 51 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА СДСМ | 10 | 8 | 9 | 10 | 9 | 3 | 49 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ) | 1 | 2 | - | - | 1 | 6 | 10 |
| 4. | БЕСА | 1 | 1 | - | - | | 3 | 5 |
| 5. | АЛИЈАНСА | - | - | - | - | 1 | 2 | 3 |
| 6. | ДПА | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | 120 |

# 2.2.ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ

## 2.2.1.ПРАТЕНИЦИ

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Ане Лашкоска


Антонијо Милошоски


Благица Лашковска


Благоја Деспотовски


Борис Змејковски


Ванковер Манчев


Васил Пишев


Весна Дамчевска-Илиевска


Весна Пемова


Владимир Ѓорчев


Горан Манојлоски


Даниела Рангелова


Дафина Јованоска-Стојаноска


Димитар Стеванаџија


Драган Данев


Драган Цуклев


Емилија Александрова


Елизабета Камчевска-Милевска


Емил Димитриев


Жаклина Пешевска


Зоран Ѓорѓиевски


Зоран Илиоски


Иван Иванов


Илија Димовски


Јохан Тарчуловски

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Крсто Јовановски


Крсто Мукоски


Лилјана Затуроска


Лилјана Кузмановска


Љубен Арнаудов


Магдалена Манаскова


Нада Ципушева


Никола Груевски


Никола Мицевски


Никола Поповски


Невенка Стаменковска


Нора Исмаилоска-Старова


Павлинче Честојнова


Сашо Василевски


Слаѓана Митовска


Трајко Вељановски


Трајчо Димков

## Граѓанска опција за Македонија



Панчо Минов

## Движење Беса



Африм Гаши



Биљал Касами



Реџеп Мемеди



Теута Биљали



Фадил Зендели

## Демократска обнова на Македонија-ДОМ



Маја Морачанин



Лилјана Поповска

## Демократска партија на Албанците (ДПА)



Мерал Узеири Ферати



Мендух Тачи

## Демократска партија на Србите во Македонија



Иван Стоилковиќ

## Демократска партија на Турците во Македонија-ДПТМ



Јусув Хасани

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Агим Шаќири


Али Ахмети


Артан Груби


Бранко Манойловски


Ејуп Аљими


Мирсада Емини-Асани


Реџаиљ Исмаили


Талат Џафери


Џеват Адеми


Шпреса Хадри

## Здружение за културно обединување на Бошњаците - АБАЗ


Зеќир Рамчиловиќ

## Партија за целосна еманципација на Ромите (ПЦЕР)


Самка Ибраимоски

## Коалиција "Алијанса за албанците" (ДР-АДП, Унитети, НДП)


Весел Мемеди


Зиадин Села


Сурија Рашиди

## Либерално-демократска партија


Горан Милевски


Јулиана Николова


Никица Корубин

## Независни пратеници


Ивана Туфегџиќ


Ирена Стефоска


Павле Богоевски


Чедомир Саздов


Ферид Мухиќ

## Нова социјадемократска партија (НСДП)


Горан Мисовски


Соња  Мираковска

## Партија за движење на Турците


Енес Ибрахим

## Партија за европска иднина


Алија Камберовски

## Партија на обединети пензионери и граѓани


Илија Николовски

## Сојуз на Ромите од Македонија


Амди Бајрам

## Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Агим Муртезанов


Анета Симеска-Димоска


Александар Кирацовски


Бетијан Китев


Благојче Трпевски


Бети Рабаџиевска-Наумовска


Далибор Богдановски


Диме Велковски


Ѓулумсер Касапи


Жаклина Лазаревска


Јагода Шахпаска


Јован Митрески


Катерина Кузмановска


Кети Смилеска


Костадин Ацевски


Костадин Костадинов


Лидија Тасевска


Мери Лазарова


Милева Ѓорѓиева


Мира Стојчевска


Мухамед Зеќири


Панче Иванов


Петар Атанасов


Ристе Ташев


Сашко Атанасов

## Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Сашко Костов


Славица Шуманска-Митева


Тања Ковачев


Татијана Лалчевска


Татјана Прентовиќ


Томислав Тунтев


Фросина Ташевска-Ременски


Хари Локвенец

## Социјалистичка партија на Македонија


Владанка Авировиќ


Љупчо Димовски


Стојан Миланов

## Српска странка во Македонија


Мирослав Јовановиќ

# Пратеници на кои порано им престана мандатот

## Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Благоја Бочварски


Коста Јаневски


Курто Дудуш


Максим Димитриевски


Рената Дескоска


Стефан Богоев


Дамјан Манчевски


Петре Шилегов


Сашо Поцков


Оливер Спасовски


Љупчо Николовски


Зоран Заев


Радмила Шекеринска-
Јанковска


Васко Ковачевски

## Движење Беса


Биљал Касами


Зеќирија Ибрахими

## ДПА


Бардуљ Даути

## Независни


Стево Пендаровски

## 2.2.2ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | политичка партија | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Александрова Емилија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 4. | Аљими Ејуп | ДУИ | |
| 5. | Арнаудов Љубен | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 6. | Атанасов Петар | СДСМ | |
| 7. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 8. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 9. | Богоев Стефан | СДСМ | 01.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Симеска Димоска Анета |
| 10. | Богоевски Павле | независен | |
| 11. | Бочварски Благој | СДСМ | 08.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Муртезанов Агим |
| 12. | Биљали Теута | БЕСА | |
| 13. | Василевски Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 14. | Велковски Диме | СДСМ | |
| 15. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 16. | Гаши Африм | БЕСА | |
| 17. | Груби Артан | ДУИ | |
| 18. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Дамчевска Илиевска Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Данев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 21. | Даути Бардуљ | ДПА | 01.11.2017, оставка заменет со Узеири Ферати Мерал |
| 22. | Дескоска Рената | СДСМ | 31.05.2017, избрана за министер Заменета со Поповска Лилјана |
| 23. | Деспотовски Благоја | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Димитров Емил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 25. | Димитриевски Максим | СДСМ | 01.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Тасевска Лидија |
| 26. | Димков Трајчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Димовски Љупчо | СПМ | |
| 29. | Дудуш Курто | СДСМ | 08.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Ацевски Костадин |
| 30. | Ѓоргиева Милева | СДСМ | |
| 31. | Ѓорѓиевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Емини Асани Мирсада | ДУИ | |
| 34. | Заев Зоран | СДСМ | 31.05.2017 - избран за Премиер, Заменет со Атанасов Сашко |
| 35. | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Зеќири Мухамед | СДСМ | |
| 37. | Зендели Фадил | БЕСА | |
| 38. | Змејковски Борис | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Ибрахим Енес | ПДТ | |
| 40. | Ибрахими Зеќирија | БЕСА | 01.11.2017 - оставка, заменет со Мемеди Реџеп |
| 41. | Иванов Иван | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 42. | Иванов Панче | СДСМ | |
| 43. | Илиоски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 44. | Исмаили Реџаил | ДУИ | |
| 45. | Исмајлоска Старова Нола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 46. | Јаневски Коста | СДСМ | 01.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Ташев Ристе |
| 47. | Јовановски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 48. | Камберовски Алија | ПЕИ | |
| 49. | Канчевска Милевска Елизабета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 50. | Касами Биљал | БЕСА | 20.09.2017 - оставка, заменет со Каремани Неџбедин |
| 51. | Касапи Ѓулумсер | СДСМ | |
| 52. | Китев Бетиане | СДСМ | |
| 53. | Кирацовски Александар | СДСМ | |
| 54. | Ковачев Тања | СДСМ | |
| 55. | Ковачевски Васко | СДСМ | 22.12.2017 - оставка, заменет со Ибраимовски Самка |
| 56. | Костов Сашко | СДСМ | |
| 57. | Кузмановска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 58. | Кузмановска Катерина | СДСМ | |
| 59. | Лазаревска Жаклина | СДСМ | |
| 60. | Лазарова Мери | СДСМ | |
| 61. | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 62. | Лашкоска Ане | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 63. | Локвенец Хари | СДСМ | |
| 64. | Манаскова Магдалена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 65. | Манчев Ванковер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 66. | Манчевски Дамјан | СДСМ | 31.05.2017, избран за министер Заменета со Корубин Никица |
| 67. | Манојлоски Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 68. | Маноиловски Бранко | ДУИ | |
| 69. | Мемеди Весел | АЛИЈАНСА | |
| 70. | Миланов Стојан | СПМ | |
| 71. | Милевски Горан | ЛДП | |
| 72. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 73. | Минов Панчо | ГРОМ | |
| 74. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 75. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 76. | Митовска Слаѓана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 77. | Митревски Јован | СДСМ | |
| 78. | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 79. | Морачанин Маја | ДОМ | |
| 80. | Мукоски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 81. | Мухиќ Ферид | независен | |
| 82. | Николова Јулијана | ЛДП | |
| 83. | Николовски Илија | ПОПГМ | |
| 84. | Николовски Љупчо | СДСМ | 31.05.2017 - избран за министер, заменет со Шуманска Митева Славица |
| 85. | Пемова Весна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 86. | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 87. | Пендаровски Стево | независен | 22.12.2017 - оставка, заменет со Богдановски Далибор |
| 88. | Пишев Васил | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **89.** | Попоски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **90.** | Поцков Сашо | СДСМ | 01.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Костадинов Костадин |
| **91.** | Прентовиќ Татјана | СДСМ | |
| **92.** | Рангелова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **93.** | Рамчиловиќ Зеќир | АВАЗ | |
| **94.** | Рашиди Сурија | АЛИЈАНСА | |
| **95.** | Саздовски Чедомир | ГРОМ | **од 20.09.2017 независен пратеник** |
| **96.** | Села Зијадин | АЛИЈАНСА | |
| **97.** | Смилеска Кети | СДСМ | |
| **98.** | Спасовски Оливер | СДСМ | 31.05.2017 - избран за министер, Заменет со Јовановиќ Мирослав |
| **99.** | Стефовска Ирена | независен | |
| **100.** | Стевананџија Димитар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **101.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **102.** | Стојановска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **103.** | Стојчевска Мира | СДСМ | |
| **104.** | Тарчуловски Јохан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **105.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **106.** | Ташевска Ременски Фросина | СДСМ | |
| **107.** | Тодоров Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 30.05.2017 - оставка, заменет со Стаменковска Невенка |
| **108.** | Трпевски Благојче | СДСМ | |
| **109.** | Тунтев Томислав | СДСМ | |
| **110.** | Туфегџиќ Ивана | независен | |
| **111.** | Хадри Шпреса | ДУИ | |
| **112.** | Хасани Јусуф | ДПТМ | |
| **113.** | Ципушева Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **114.** | Цуклев Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **115.** | Честојнова Павлинче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **116.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **117.** | Шаќири Агим | ДУИ | |
| **118.** | Шахпаска Јагода | СДСМ | |
| **119.** | Шеќеринска Јанковски Радмила | СДСМ | 31.05.2017 - избрана за министер, заменета со Рабаџиевска Н. Бети |
| **120.** | Шилегов Петре | СДСМ | 01.11.2017 - избран за градоначалник, заменет со Лалчевска Татијана |
| **121.** | Стаменковска Невенка | ВМРО-ДПМНЕ | 01.06.2017, наместо Тодоров Никола |
| **122.** | Поповска Лилјана | ДОМ | 01.06.2017, наместо наместо Дескоска Рената |
| **123.** | Корубин Никица | ЛДП | 01.06.2017, наместо Манчевски Дамјан |
| **124.** | Атанасов Сашко | СДСМ | 01.06.2017, наместо Заев Зоран |
| **125.** | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | 01.06.2017, наместо Шеќеринска Ј. Радмила |
| **126.** | Јовановиќ Мирослав | ССМ | 01.06.2017, наместо Спасовски Оливер |
| **127.** | Шуманска Митева Славица | СДСМ | 01.06.2017, наместо Николовски Љупчо |
| **128.** | Каремани Неџбедин | БЕСА | 20.09.2017, наместо Касами Биљал |
| **129.** | Лалчевска Татиана | СДСМ | 01.11.2017, наместо Шилегов Петре |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **130.** | Симеска Димоска Анета | СДСМ | 01.11.2017, наместо Богоев Стефан |
| **131.** | Тасевска Лидија | СДСМ | 01.11.2017, наместо Димитриевски Максим |
| **132.** | Костадинов Костадин | СДСМ | 01.11.2017, Наместо Поцков Сашко |
| **133.** | Ташев Ристе | СДСМ | 01.11.2017, наместо Јаневски Коста |
| **134.** | Мемеди Реџеп | БЕСА | 01.11.2017, наместо Ибрахими Зеќирија |
| **135.** | Узеини Ферати Мерал | ДПА | 01.11.2017, Наместо Даути Бардуљ |
| **136.** | Ацевски Костадин | СДСМ | 08.11.2017, наместо Дудуш Курто |
| **137.** | Муртезанов Агим | СДСМ | 08.11.2017, наместо Бочварски Благој |
| **138.** | Богдановски Далибор | СДСМ | 22.12.2017, Наместо Пендаровски Стево |
| **139.** | Ибраимовски Самка | ПЦЕР | 22.12.2017, Наместо Ковачевски Васко |

| Реден број | Скратен назив | Политичка партија | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 30.12.2016 | 31.12.2017 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 42 | 42 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 3 |
| 3. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 5. | СРМ | Сојуз на Ромите на Македонија | 1 | 1 |
| 6. | АВАЗ | Здружение за културно обединување на Бошњаците | 1 | 1 |
| 7. | ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија | 2 | 1 |
| 8. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 10 | 10 |
| 9. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 36 | 33 |
| 10. | НСДП | Нова социјал -демократска партија | 2 | 2 |
| 11. | ЛДП | Либерално демократска партија | 2 | 3 |
| 12. | ПДТ | Партија за движење на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 13. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 2 |
| 14. | ПЦЕР | Партија за целосна еманципација на ромите | - | 1 |
| 15. | ПЕИ | Партија за европска иднина | 1 | 1 |
| 16. | ПОПГМ | Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 1 | 1 |
| 17. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 2 | 2 |
| 18. | БЕСА | Движење БЕСА | 5 | 5 |
| 19. | АЛИЈАНСА | Коалиција Алијанса на Албанците (ДР-АДП, УНИТЕТИ, НДП) | 3 | 3 |
| 20. | ССМ | Српска странка во Македонија | - | 1 |
| 21. | НП | Независни пратеници | 5 | 5 |
| | | **ВКУПНО:** | **120** | **120** |

## 2.2.3. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 30.12.2016 | 89 | 74,2 | 22 | 18,3 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 1 | 0,8 |
| 31.12.2017 | 87 | 72,5 | 23 | 19,1 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 | 1 | 0,8 |

## 2.2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 30.12.2016 | 82 | 68,3 | 38 | 31,7 |
| 31.12.2017 | 75 | 62,5 | 45 | 37,5 |

## 2.2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 30.12.2016 | 2 | 1,66 | 26 | 21,6 | 41 | 34,2 | 41 | 34,2 | 8 | 6,7 | 2 | 1,66 |
| 31.12.2017 | 2 | 1,66 | 30 | 25 | 36 | 30 | 39 | 32,5 | 11 | 9,16 | 2 | 1,66 |

## 2.2.6. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 30.12.2016 | 1 | 0,8 | - | - | 119 | 99,2 | 17 | 16 | 12 |
| 31.12.2017 | 1 | 0,8 | - | - | 119 | 99,2 | 13 | 15 | 13 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1.ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 29 седници од кои девет останаа незавршени со триесет и една преостаната точка (18 закони, 3 одлуки, еден извештај, една информација, 5 интерпелации и 3 автентични толкувања).




вкупно седници - 29

завршени - 20

незавршени - 9



## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 30.12.2016 – 31.12.2017

**Пратенички прашања - 2**

- 23 седница одржана на 24.11.2017 година и
- 29 седница одржана на 28.12.2017 година.

**Обраќања - 2**

- Обраќање на Н.Е. господин Милан Брглез, претседател на Државниот збор на Репблика Словенија (14 седница, 12.09.2017 година) и
- Обраќање на Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов (28 седница, 26.12.2017 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е првата конститутивна седница со 22 работни дена и со четири точки на дневен ред.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е исто така првата конститутивна седница со 127 часа и 55 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија почетокот на осмата седница кој аимала 28 точки на дневен ред, која траела од 11 часот и 5 минути на 14 јули до 3 часот и 35 минути по полноќ на 15 јули, или во континуитет 16 часа и 20 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 24-та седница која траела само 10 минути и имала една точка на дневен ред.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 1 седница | 22 | 127 часа и 55 минути |
| 2 седница | 2 | 19 часа и 40 минути |
| 3 седница | 1 | 15 минути |
| 4 седница | 1 | 25 минути |
| 5 седница | 7 | 30 часа и 40 минути |
| 6 седница | 16 | 100 часа и 35 минути |
| 7 седница | 1 | 45 минути |
| 8 седница | 7 | 31 час |
| 9 седница | 1 | 15 минути |
| 10 седница | 1 | 30 минути |
| 11 седница | 5 | 26 часа и 20 минути |
| 12 седница | 11 | 37 часа и 10 минути |
| 13 седница | 3 | 15 часа и 45 минути |
| 14 седница | 1 | 20 минути |
| 15 седница | 10 | 56 часа и 20 минути |
| 16 седница | 1 | 6 часа и 10 минути |
| 17 седница | 1 | 20 минути |
| 18 седница | 1 | 4 часа и 15 минути |
| 19 седница | 2 | 7 часа |
| 20 седница | 1 | 6 часа и 40 минути |
| 21 седница | 2 | 4 часа и 30 минути |
| 22 седница | 4 | 8 часа и 35 минути |
| 23 седница | 1 | 5 часа и 35 минути |
| 24 седница | 1 | 10 минути |
| 25 седница | 1 | 25 минути |
| 26 седница | 1 | 7 часа |
| 27 седница | 1 | 2 часа и 20 минути |
| 28 седница | 1 | 55 минути |
| 29 седница | 1 | 2 часа и 25 минути |
| **вкупно: 29 седници** | **84 дена** | **504 часа** |

## 3.1.3.ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2.РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1.ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | информации | завршна сметка | иницијативи | програми | извештаи | интерпелации | декларации | планови | автентични толкувања |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | | 4 | | | | | | | | | |
| 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 3 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 4 | 6 | 4 | 2 | | | | | | | | | |
| 5 | 23 | 1 | 12 | | | 1 | | 9 | | | | |
| 6 | 36 | 1 | 17 | 1 | | | | 14 | | | 3 | |
| 7 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 8 | 28 | 6 | 15 | | 1 | | | 6 | | | | |
| 9 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 10 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 11 | 7 | 7 | | | | | | | | | | |
| 12 | 20 | 11 | 9 | | | | | | | | | |
| 13 | 9 | 6 | | | | | | | 3 | | | |
| 15 | 10 | 6 | 1 | | | | | | 3 | | | |
| 16 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 17 | 3 | | 3 | | | | | | | | | |
| 18 | 6 | | 2 | | | | | | | | | 4 |
| 19 | 23 | 4 | 13 | | | | | | | | | 6 |
| 20 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 21 | 6 | 5 | 1 | | | | | | | | | |
| 22 | 8 | 7 | 1 | | | | | | | | | |
| 24 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 25 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 26 | 19 | 15 | 3 | | | | 1 | | | | | |
| 27 | 33 | 20 | 8 | | | | | | 1 | | 1 | 3 |
| ВКУПНО | 250 | 96 | 97 | 1 | 1 | 1 | 1 | 29 | 6 | 1 | 4 | 13 |

## 3.2.2.РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **96** | 42 | 1 | 3 | 20 | | | | | 11 | **19** |
| **2.** | одлуки | **97** | 93 | | | | | | | | 1 | **3** |
| **3.** | завршни сметки | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **4.** | декларации | **1** | 1 | | | | | | | | | |
| **5.** | интерпелации | **6** | | | | | | | 1 | | | **5** |
| **6.** | информации | **1** | | | | | | | | | | **1** |
| **7.** | извештаи | **29** | | | | | 15 | 10 | 3 | | | **1** |
| **8.** | планови | **4** | | | | 1 | | 3 | | | | |
| **9.** | програми | **1** | | | | | | 1 | | | | |
| **10.** | автентични толкувања | **13** | | | | | | | | 10 | | **3** |
| **11.** | иницијативи | **1** | | | | | | | 1 | | | |
| | **ВКУПНО** | **250** | **135** | **1** | **3** | **55** | **15** | **16** | **5** | **10** | **12** | **32** |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот

е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на Службен весник на Република Македонија - меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

| 10. | Барање за давање на автентично толкување на членот 42-а став 2 од Законот за управните спорови | Пратеник<br>Соња Мираковска | 19<br>08.11.2017 |

# 3.6. АМАНДМАНИ

Предлогот за изменување или дополнување на предлогот на законот се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе секој пратеник во Собранието, пратеничка група и работно тело.

Амандманот се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и мора да биде образложен и потпишан од предлагачот.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можните извори за обезбедување на тие средства.

Претседателот на Собранието амандманите веднаш ги доставува до пратениците, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија каде што се разгледуваат.

На второто читање на седница на Собранието се води претрес само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела и само на тие членови можат да се поднесат амандмани на самата седница.

| реден број | седница | усвоени | | | неусвоени | | | повлечени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пратен. | ком. | Влада | пратен. | ком. | Влада | пратен. | ком. | Влада |
| 1. | 4 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. | 5 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 3. | 8 | - | | - | 1 | - | - | - | - | - |
| 4. | 10 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 5. | 11 | - | | - | 48 | - | - | 14 | - | - |
| 6. | 12 | 6 | | - | 2 | - | - | - | - | - |
| 7. | 19 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 8. | 21 | 1 | | - | - | - | - | - | - | - |
| 9. | 22 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 10. | 26 | 4 | 2 | - | 263 | - | - | 14 | - | - |
| | **ВКУПНО** | **18** | **6** | **-** | **314** | **-** | **-** | **28** | **-** | **-** |

## РАЗГЛЕДАНИ АМАНДМАНИ ПО АКТИ

| реден број | седница/закони | усвоени | | | неусвоени | | | повлечени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | прат. | ком. | Влада | прат. | ком. | Влада | прат. | ком. | Влада |
| 1. | **(4)** Закон за изменување на Законот за основното образование | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. | **(4)** Закон за изменување на Законот за средното образование | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 3. | **(5)** Одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, "Алтеа" во Босна и Херцеговина | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 4. | **(8)** Одлука за именување на функцијата заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| 5. | **(10)** Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 6. | **(11)** Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година | - | - | - | 48 | - | - | 14 | - | - |
| 7. | **(12)** Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 8. | **(12)** Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување | 5 | - | - | 2 | - | - | - | - | - |
| 9. | **(19)** Закон за изменување на Законот за јавните набавки | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 10. | **(21)** Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 11. | **(22)** Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 12. | **(22)** Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 13. | **(26)** Програма за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2018 година | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| 14. | **26)** Буџет на Република Македонија за 2018 година | 2 | 4 | - | 263 | - | - | 12 | - | - |




| предлагачи | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **Пратеници** | **360** | *18* | *314* | *28* |
| **Комисии** | **6** | *6* | - | - |
| **Вкупно** | **366** | **24** | **314** | **28** |

# 3.7.ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА






| Седница број | | 23 | 29 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Број на пратеници кои поставиле прашање | | 7 | 7 | |
| ПОСТАВЕНИ | Политички систем | 11 | 6 | 17 |
| | Економски систем | 8 | 10 | 18 |
| | Јавни дејности | 2 | 4 | 6 |
| Вкупно: | | 21 | 20 | 41 |
| Одговорени на самата седница | Политички систем | 10 | 5 | 15 |
| | Економски систем | 6 | 8 | 14 |
| | Јавни дејности | 2 | 4 | 6 |
| Вкупно: | | 18 | 17 | 35 |
| Одговорени во писмена форма | Политички систем | 1 | - | 1 |
| | Економски систем | 2 | - | 2 |
| | Јавни дејности | - | - | - |
| Вкупно: | | 3 | - | 3 |
| Неодговорени прашања | Политички систем | - | 1 | 1 |
| | Економски систем | - | 2 | 2 |
| | Јавни дејности | - | - | - |
| Вкупно: | | - | 3 | 3 |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО

# 4.1 ПОСТОЈАНИ РАБОТНИ ТЕЛА

*Со Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14, 114/14 и 142/14) во Собранието на Република Македонија се основани 21 комисија.*

***Доминантни законите од областа на јавните дејности***

Во извештајниот период 30 декември 2016 година 31 декември 2017 година, собраниските комисии одржале вкупно 148 седници, а на дневните редови биле поставени 365 точки од делокругот на нивната работа.

Комисиската работа главно беше насочена на законодавната функција на Собранието на Република Македонија. Низ деловнички пропишаната постапка на донесување на законите, комисиите расправале по 186 точки посветени на предлози на закони, од кои 69 предлози на закони во прво читање, 19 предлози на закони во второ читање, 68 предлози на закони во скратена постапка како и 5 точки по буџети и 25 точки по Закони за ратификации.

Според области, собраниските комисии расправале за 32 законски предлози од политичкиот систем, 27 предлози на закони од економската област и 22 предлог закони од јавната дејност, притоа собраниските комисии поднеле 6 амандмани.

***Јавни расправи по законски предлози и теми од комисиска надлежност***

Карактеристика на комисиското работење во текот на 2017 година се јавните расправи. Во извештајниот период, собраниските комисии одржаа 12 јавни расправи, од кои седум расправи биле на актуелни теми од комисиска надлежност, а пет расправи по предлози на закони на дневен ред на комисиските седници.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците оргaнизираше јавна расправа по Предлогот на законот за за амнестија;

Комисијата за европски прашања одржа една јавна расправи на тема "Младинските организации како дел од Балканскиот процес";

Постојаната анкетна комисија за правата на човекот и граѓанинот оддржа две тематски јавни расправи и тоа, првата по прашањето на ограничување на правото на слободно движење и дискриминација на граничните премини кон граѓаните од Ромската етничка заедница и втората на тема "70 година Универзална декларација на правата на човекот: Осврт";

Комисијата за образование одржа една јавна расправа по Нацртот на сеопфатната стратегија за образованието во периодот 2018-2025 година;

Комисијата за здравство одржа јавна расправа по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропски супстанци, поднесен од неколку пратеници во скратена постапка;

Комисијата за труд и социјала е посебно активна во овој период во однос на јавните расправи. Одржа три и тоа две по предлог на закони и тоа по Предлог законот за изменување на законот за работни односи и Предлог на законот за дополнување на законот за исплата на платите во Република Македонија и една тематска по Нацрт стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година и нацртот на национален акциски план за интеграција на бегалци 2017-2027 година.

Комисијата за еднакви можности на мажите и жените во три наврати организираше јавни расправи и тоа една по Предлог на законот за изменување на законот за работни односи, додека другите две јавни расправи се тематски и тоа едната по годишниот извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2016 година и другата на тема "Говор на омраза во медиумите насочен кон жените".

***Табела: работно тело и број на членови***

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ |
|---|---|
| Комисија за уставни прашања | претседател + 16 члена |
| Законодавно - правна комисија | претседател + 14 члена |
| Комисија за одбрана и безбедност | претседател + 12 члена |
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | претседател + 14 члена |
| Комисија за надворешна политика | претседател + 12 члена |
| Комисија за европски прашања | претседател + 14 члена |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | претседател + 12 члена |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | претседател + 14 члена |
| Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнување и на Агенцијата за разузнавање | претседател + 8 члена |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и од Министерството за одбрана | претседател + 4 члена |
| Комисија за финансирање и буџет | претседател + 14 члена |
| Комисија за економски прашања | претседател + 10 члена |
| Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство | претседател + 10 члена |
| Комисија за транспорт, врски и екологија | претседател + 10 члена |
| Комисија за образование, наука и спорт | претседател + 14 члена |
| Комисија за култура | претседател + 10 члена |
| Комисија за здравство | претседател + 10 члена |
| Комисија за труд и социјална политика | претседател + 12 члена |
| Комисија за локална самоуправа | претседател + 12 члена |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | претседател +10 члена |
| Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | претседател + 8 члена |

***Разгледани закони по области***



# Комисија за уставни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ**
-спроведување на Уставот,
-предлози за изменување и дополнување на Уставот,
-начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од уставен карактер и
-други прашања од уставен карактер.

Комисијата за уставни прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Начинот и обемот на работа на Комисијата е диктиран и произлегува од карактерот и специфичноста на прашањата што се во нејзина надлежност.

Во извештајниот период Комисијата не оддржа седници.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТАЛАТ ЏАФЕРИ,** претседател | |
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ:** | |
| 1. | Бетиане Китев | |
| 2. | Енес Ибраим | |
| 3. | Соња Мираковска | |
| 4. | Горан Милевски | |
| 5. | Лилјана Поповска | |
| 6. | Анета Симеска Димовска | |
| 7. | Татиана Лалчевска | |
| 8. | Сурија Рушиди | |
| 9. | Никола Груевски | |
| 10. | Трајко Вељаноски | |
| 11. | Димитар Стевананџија | |
| 12. | Нада Ципушева | |
| 13. | Дафина Стојановска | |
| 14. | Иван Стоиљковиќ | |
| 15. | Стојан Миланов | |
| 16. | Фадил Зендели | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Милева Ѓорѓиева | |
| 2. | Илија Николовски | |
| 3. | | |
| 4. | Мухамед Зеќири | |
| 5. | Ферид Мухиќ | |
| 6. | | |
| 7. | Агим Шаќири | |
| 8. | Зиадин Села | |
| 9. | Емил Димитриев | |
| 10. | Амди Бајрам | |
| 11. | Благоја Деспотовски | |
| 12. | Владанка Авировиќ | |
| 13. | Драган Цуклев | |
| 14. | Невенка Стаменковска | |
| 15. | Сашо Василевски | |
| 16. | Африм Гаши | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Законодавно-правна комисија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка,

-усогласеност на законите со законодавството на Европската унија,

-барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите,

-утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена,

-давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на законодавната дејност и правните системи и

-други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија.

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СОЊА МИРАКОВСКА,** претседател | |
| | **ФРОСИНА ТАШЕВСКА РЕМЕНСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ:** | | |
| 1. | Алија Камберовски | |
| 2. | Костадин Костадинов | |
| 3. | Бетиане Китев | |
| 4. | Сашко Костов | |
| 5. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 6. | Ејуп Алими | |
| 7. | Весел Мемеди | |
| 8. | Зоран Илиоски | |
| 9. | Нада Ципушева | |
| 10. | Весна Пемова | |
| 11. | Павлинче Честојнова | |
| 12. | Иван Стоиљковиќ | |
| 13. | Невенка Стаменковска | |
| 14. | Фадил Зендели | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Енес Ибраим | |
| 2. | Мира Стојчевска | |
| 3. | Илија Николовски | |
| 4. | Мирослав Јовановиќ | |
| 5. | | |
| 6. | Артан Груби | |
| 7. | Сурија Рашиди | |
| 8. | Благица Ласовска | |
| 9. | Емилија Александрова | |
| 10. | Никола Мицевски | |
| 11. | Иван Иванив | |
| 12. | Лилјана Затуроска | |
| 13. | Дафина Стојановска | |
| 14. | Африм Гаши | |

**Од областа на политичкиот систем Комисијата ги разгледа следните предлози на закони:**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од пратениците Оливер Спасовски, Ејуп Алими, Африм Гаши, Весел Мемети и Илија Димовски;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, поднесен од пратениците Панчо Минов, Невенка Стаменковска, Ане Лашкоска, Драган Цуклев, Павлинче Честојнова, Трајчо Димков, Чедомир Саздовски;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавното обвинителство, поднесен од пратениците Илија Димовски, Антонијо Милошоски, Весна Пемова, Ане Лашкоска, Димитар Стеванаџија, Лилјана Затуроска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратениците Томислав Тунтев, Ејуп Алими, Африм Гаши и Илија Димовски;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за извршување, поднесен од пратениците: Невенка Стаменковска, Илија Димовски и Драган Данев;

-Предлог на закон за употреба на јазиците;

-Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесен од пратениците Африм Гаши, Томислав Тунтев, Ејуп Алими и Илија Димовски;

-Предлог на закон за рестриктивни мерки;

-Предлог на закон за изменување на Законот безбедност на сообраќајот на патиштата, поднесен од пратениците Томислав Тунтев, Мирсада Емини Асани, Јован Митрески, Јагода Шахпаска, Шпреса Хадри, Илија Николовски и Горан Мисовски;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија;

-Предлог на закон за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал;

-Предлог на закон за реализирање на рамноправноста на службените јазици и писма во Република Македонија, поднесен од пратениците Мендух Тачи, Бардул Даути и Мерал Узеири Ферати;

-Предлог на закон за амнестија;

-Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина во процесот на пристапување во Европската Унија;

-Предлог на закон за ратификација на Договорот од Париз;

-Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за заемно признавање и замена на возачки дозволи;

-Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за меѓусебно ослободување од визи за носителите на дипломатски и службени пасоши;

-Предлог на закон за ратификација на Договорот за основање на транспортната заедница;

-Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот од 13 јули 2006 година меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот;

-Предлог на закон за ратификација на Дополнителен билатерален договор кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година, со цел олеснување на нејзината примена;

-Предлог на закон за ратификација на Дополнителен билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за екстрадиција од 13 декември 1957 година за олеснување на нејзината примена;

-Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство;

-Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за ноќна работа, 1990 (C 171);

-Предлог на закон за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија И

-Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за редовен воздушен сообраќај помеѓу и вон нивните територии.

**Од областа на јавните дејности** Комисијата ги разгледа следните предлози на закони:

-Предлог на закон за изменување на Законот за наставници во основните и средните училишта, поднесен од пратениците Зоран Заев, Радмила Шеќеринска, Оливер Спасовски, Стефан Богоев, Дамјан Манчевски, Александар Кирацовски, Фросина Ременски, Стево Педаровски, Петре Шилегов, Љупчо Николовски, Ферид Мухиќ, Мухамед Зеќири, Рената Дескоска, Хари Локвенец, Максим Димитриевски, Ѓулусер Касапи, Благоја Бочварски, Тања Ковачев, Диме Велковски, Татјана Прентовиќ, Васко Ковачевски, Томислав Тунтев, Благојче Трпески, Петар Атанасов, Бетиане Китев, Коста Јаневски, Катерина Кузмановска, Панче Иванов, Сашо Поцков, Јагода Шахпаска, Мира Стојчевска, Милевка Ѓорѓиева, Курто Дудуш, Енес Ибрахим, Сашко Костов, Павле Богоевски, Јован Митрески, Жаклина Лазаревска, Кети Смилеска, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Горан Милевски, Јулијана Николова, Ивана Туфегџиќ, Ирена Стефоска, Мери Лазарова, Маја Морачанин, Илија Николовски, Алија Камбероски, Ејуп Алими, Весел Мемети и Африм Гаши;

-Предлог на закон за изменување на Законот за средното образование, поднесен од пратениците Зоран Заев, Радмила Шеќеринска, Оливер Спасовски, Стефан Богоев, Дамјан Манчевски, Александар Кирацовски, Фросина Ременски, Стево Педаровски, Петре Шилегов, Љупчо Николовски, Ферид Мухиќ, Мухамед Зеќири, Рената Дескоска, Хари Локвенец, Максим Димитриевски, Ѓулусер Касапи, Благоја Бочварски, Тања Ковачев, Диме Велковски, Татјана Прентовиќ, Васко Ковачевски, Томислав Тунтев, Благојче Трпески, Петар Атанасов, Бетиане Китев, Коста Јаневски, Катерина Кузмановска, Панче Иванов, Сашо Поцков, Јагода Шахпаска, Мира Стојчевска,

Милевка Ѓорѓиева, Курто Дудуш, Енес Ибрахим, Сашко Костов, Павле Богоевски, Јован Митрески, Жаклина Лазаревска, Кети Смилеска, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Горан Милевски, Јулијана Николова, Ивана Туфегџиќ, Ирена Стефоска, Мери Лазарова, Маја Морачанин, Илија Николовски, Алија Камбероски, Ејуп Алими, Весел Мемети и Африм Гаши;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основното образование, поднесен од пратениците Зоран Заев, Радмила Шеќеринска, Оливер Спасовски, Стефан Богоев, Дамјан Манчевски, Александар Кирацовски, Фросина Ременски, Стево Педаровски, Петре Шилегов, Љупчо Николовски, Ферид Мухиќ, Мухамед Зеќири, Рената Дескоска, Хари Локвенец, Максим Димитриевски, Ѓулусер Касапи, Благоја Бочварски, Тања Ковачев, Диме Велковски, Татјана Прентовиќ, Васко Ковачевски, Томислав Тунтев, Благојче Трпески, Петар Атанасов, Бетиане Китев, Коста Јаневски, Катерина Кузмановска, Панче Иванов, Сашо Поцков, Јагода Шахпаска, Мира Стојчевска, Милевка Ѓорѓиева, Курто Дудуш, Енес Ибрахим, Сашко Костов, Павле Богоевски, Јован Митрески, Жаклина Лазаревска, Кети Смилеска, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Горан Милевски, Јулијана Николова, Ивана Туфегџиќ, Ирена Стефоска, Мери Лазарова, Маја Морачанин, Илија Николовски, Алија Камбероски, Ејуп Алими, Весел Мемети и Африм Гаши;

-Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, поднесен од пратениците Нола Исмајлоска, Магдалена Манаскова и Весна Пемова;

-Предлог на Закон за докторска дејност поднесен од пратениците Зоран Ѓорѓиевски, Сашо Василевски, Дафина Јованоска Стојаноска, Ванковер, Манчев, Весна Пемова, Љубен Арнаудов;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, поднесен од пратениците Илија Димовски, Антонијо Милошоски, Љубен Арнаудов, Крсто Јовановски, Крсто Мукоски, Љупчо Димовски, Драган Данев Јусуф Хасани, Лилјана Затуроска;

-Предлог на закон за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија поднесен од пратениците: Томислав Тунтев, Ејуп Алими и Весел Мемеди;

-Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата поднесен од пратениците: Томислав Тунтев, Ејуп Алими и Весел Мемеди;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија поднесен од пратениците: Илија Димовски, Драган Данев и Невенка Стаменковска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на децата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик;

-Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;
Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, поднесен од пратениците Горан Милевски, Ивана Туфегџиќ, Реџаил Исмаили, Маја Морачанин, Лилјана Поповска;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата.

**Од областа на економскиот систем** Комисијата ги разгледа следните предлози на закони:
-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој;
-Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година;
-Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесен од пратениците Антонијо Милошоски, Илија Димовски, Љубен Арнаудов, Крсто Мукоски, Драган Данев Љупчо Димовски, Јусуф Хасани, Лилјана Затуроска, Крсто Јовановски;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
-Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација;
-Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесен од пратениците: Томислав Тунтев, Ејуп Алими и Весел Мемеди;
-Предлог на закон за издавање на вредносни бонови поднесен од пратениците: Драган Данев, Илија Димовски и Невенка Стаменковска - ваучери;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, поднесен од пратениците Благица Ласовска, Илија Димовски, Никола Мицевски, Владанка Авировиќ и Владимир Ѓорчев;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за водостопанство, од поднесен од пратениците: Љупчо Димовски, Никола Мицевски, Љубен Арнаудов, Павлинче Честојнова, Димитар Стефананџија, Илија Димовски, Слаѓана Митовска, Жаклина Пешевска, Зоран Ѓорѓиевски и Панчо Минов;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид;
-Предлог на закон за изменување на Законот за јавните набавки;

-Предлог на закон за трговија на зелени пазари, поднесен од пратениците Ејуп Аљими, Петре Шилегов, Весел Мемеди и Артан Груби;

-Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите;

-Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година;

-Предлог на Буџет на Република Македонија за 2018 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, поднесен од пратениците Јован Митревски, Томислав Тунтев, Ејуп Алими, Соња Мираковска;

-Предлог на закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, поднесен од пратениците Јован Митревски, Томислав Тунтев, Ејуп Алими, Соња Мираковска;

-Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет, поднесен од пратениците Јован Митревски, Томислав Тунтев, Реџаил Исмаили, Соња Мираковска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, Јован Митревски, Томислав Тунтев, Реџаил Исмаили, Соња Мираковска;

-Предлог на закон за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, Јован Митревски, Томислав Тунтев, Реџаил Исмаили, Благој Бочварски, Панче Иванов, Кети Смилеска, Сурија Рашиди, Мирсада Емини Асани, Благојче Трпевски, Сашо Поцков, Весел мемеди, Васко Ковачевски;

-Предлог на закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, Томислав Тунтев, Реџаил Исмаили, Соња Мираковска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство, поднесен од пратениците Нола Исмаилоска, Емил Димитриев и Крсто Мукоски;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронските комуникации;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа и

- Предлог на закон за урбано зеленило, поднесено од пратениците Лилјана Поповска, Маја Морачанин, Петре Шилегов, Стефан Богоев, Благој Бочварски, Диме Велковски и Ејуп Алими.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 35 |
| Вкупно разгледани точки | | 118 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | 32 |
| | економски систем | 27 |
| | јавни дејности | 22 |
| Закони | 1 читање | 33 |
| | 2 читање | 7 |
| | скратена и итна | 34 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 9 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 2 |
| барања за автентични толкувања | | 13 |
| други акти | | 5 |

# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-за заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на одбраната и безбедноста и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФРОСИНА ТАШЕВСКА РЕМЕНСКИ,** претседател |
| | , заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Павле Богоевски |
| 2. | Горан Мисовски |
| 3. | Илија Николовски |
| 4. | Татиана Лалчевска |
| 5. | Џеват Адеми |
| 6. | Емил Димитриев |
| 7. | Иван Иванов |
| 8. | Борис Змејковски |
| 9. | Емилија Александрова |
| 10. | Иван Стоиљковиќ |
| 11. | Чедомир Саздовски |
| 12. | Реџеп Мемеди |
| | **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** |
| 1. | Петар Атанасов |
| 2. | Мира Стојчевска |
| 3. | Ристе Ташев |
| 4. | Сашко Костов |
| 5. | Ејуп Аљими |
| 6. | Антонијо Милошоски |
| 7. | Владимир Ѓорчев |
| 8. | Стојан Миланов |
| 9. | Нада Ципушева |
| 10. | Јохан Тарчуловски |
| 11. | Димитар Стеванаџија |
| 12. | Теута Биљали |

Комисијата за одбрана и безбедност е постојано работно тело основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 31 мај 2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/17)

Во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година, Комисијата за одбрана и безбедност одржа 8 комисиски седници. Комисијата имаше вкупно 11 точки од дневниот ред, од кои:

*Еден предлог на закон во скратена постапка;
*Шест предлог на одлуки за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија во мировни мисии;
*Две предлог на одлуки за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија и
*Две информации за моменталната состојба во Дирекција за заштита и спасување

Комисијата во 2017 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Имено, Комисијата во скратена постапка го разгледа следниот Предлог на закон:

*Предлог на закон за изменување на Законот безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

Комисијата ги разгледа и следниве Предлог на одлуки за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија во мировни мисии:

*Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа" во Босна и Херцеговина;

*Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан;

*Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа" во Босна и Херцеговина;

*Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан;

*Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа" во Босна и Херцеговина и

*Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Авганистан.

Комисијата ги разгледа и следниве Предлог на одлуки за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија:

*Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија

*Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија.

Комисијата ги разгледа и следниве информации:

*Информација за моменталната состојба со која е опремена Дирекцијата за заштита и

спасување, нивната состојба, технички средства, возила, механизација и резервите како и степенот на обучување, оспособување и опремување на силите за заштита и спасување и човечкиот капацитет со кои располага Дирекцијата за заштита и спасување и

*Информација во врска со моменталната состојба со опожарувањето на територијата на Република Македонија и ангажманот на Дирекцијата за заштита и спасување.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| одлуки | | 8 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР КИРАЦОВСКИ,** претседател | |
| | **ХАРИ ЛОКВЕНЕЦ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Соња Мираковска | |
| 2. | Ферид Мухиќ | |
| 3. | Сашко Костов | |
| 4. | Бетиане Китев | |
| 5. | Анета Симоска Димоска | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Зијадин Села | |
| 8. | Антонијо Милошоски | |
| 9. | Владимир Ѓорчев | |
| 10. | Даниела Рангелова | |
| 11. | Зоран Илиоски | |
| 12. | Јусуф Хасани | |
| 13. | Панчо Минов | |
| 14. | Африм Гаши | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Катерина Кузмановска | |
| 2. | Лидија Тасева | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Енес Ибраим | |
| 5. | | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Весел Мемеди | |
| 8. | Трајко Вељаноски | |
| 9. | Нада Ципушева | |
| 10. | Крсто Јовановски | |
| 11. | Ане Лашкоска | |
| 12. | Иван Стоиљковиќ | |
| 13. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 14. | Фадил Зендели | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 31 мај 2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2017).

Во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа 14 комисиски седници. Комисијата имаше вкупно 36 точки од дневниот ред а од кои 19 беа предлози на закони.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа разгледани:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување;

-Предлог на закон за изменување на Законот за јавното обвинителство;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик;

-Предлог на закон за употреба на јазиците;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за извршување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал;

-Предлог на закон за реализирање на рамноправноста на службените јазици и писма во Република Македонија;

-Предлог на закон за амнестија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци и

-Предлог на закон за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 35 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | 18 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 12 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 6 |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 12 |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **1** |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ,** претседател | |
| | **МАГДАЛЕНА МАНАСКОВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Тања Ковачев | |
| 2. | Лилјана Поповска | |
| 3. | Ивана Туфегџиќ | |
| 4. | | |
| 5. | Илија Николовски | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Емил Димитриев | |
| 8. | Никола Поповски | |
| 9. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 10. | Ане Лашкоска | |
| 11. | Емилија Александрова | |
| 12. | Африм Гаши | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Јагода Шахпаска | |
| 2. | Татијана Прентовиќ | |
| 3. | | |
| 4. | Јулијана Николова | |
| 5. | Ѓулумсер Касапи | |
| 6. | Артан Груби | |
| 7. | Илија Димовски | |
| 8. | Трајко Вељаноски | |
| 9. | Сашо Василевски | |
| 10. | Љупчо Димовски | |
| 11. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 12. | | |

Комисијата одржа **5** седници на кои разгледа **15** точки.

Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на закони за ратификација на меѓународни договори, беа разгледани и препорачани на Собранието на Република Македонија 13 предлози за донесување на закоНИ.

**Претседателот на Комисијата, Антонијо Милошоски оствари средби со:**

-Н.Е г. **Кристијан Тимониер**, амбасадор на Република Франција во Република Македонија, (27.04.2017);

-г-ѓа. **Нина Соумалинен**, шеф на мисијата на ОБСЕ и г. **Џек Били** шеф на политичкиот одел во ОБСЕ, (12.05.2017);
-г.**Мајкл Дејвитсон**, делегат од Британската амбасада и директор на оделот за Косово, Албанија и Македонија, (19.05.2017);
-Делегација од ОБСЕ, (22.06.2017);
-г. **Флоренс Манжен**, директор за континентална Европа во Министерството за надворешни работи на Република Франција, (3.07.2017);
-Н.Е г. **Ласло Иштван-Дух**, амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија, (24.07.2017);
-Н.Е г. **Виорел Станила**, амбасадор на Република Романија во Република Македонија, (15.09.2017);
-Н.Е г. **Карло Ромео** амбасадор на Република Италија во Република Македонија, (18.09.2017) и
Н.Е г. **Мирослав Томан** амбасадор на Република Чешка во Република Македонија, (07.12.2017).

**Членовите на Комисијата остварија средби со:**

-г-ѓа **Флоранс Манжен**, Директор за Континентална Европа при Министерството надворешни работи на Република Франција, (4.07.2017);
-г. **Матијс Ван Дер-Плас**, генерален директор за европска соработка во Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија и г-ѓа **Вивијан Сандерс** директор за надворешна политика во Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија,(13.09.2017);
-Пратеничката група за меѓународни односи со Република Македонија на Врховната Рада на Република Украина во состав: г. **Андриј Шињкович**, Претседател на Пратеничката група за меѓународни односи со Република Македонија на Врховната Рада на Украина, г. **Михајло Копцев**, народен пратеник на Украина, г. **Роман Мацола**, народен пратеник на Украина и г. **Ростислав Палагусинец** народен пратеник на Украина, (22.11.2017);
-Делегација на Парламентот на Република Индонезија, предводена од г. **Абдул Малик Харамеин**, заменик-претседавач на Групата за религиски и општествени работи и за еманципација на жените, (4.12.2017) и
-Делегација од Комисијата за европски политики на Сенатот на Република Италија во состав: г. **Ванино Кити**, сенатор и г. **Пјетро Лиуци**, сенатор (15.12.2017).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 15 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 13 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | - |
| **ислушување на амбасадори** | | **-** |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;

-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Македонија и Европската унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;

-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија;

-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;

-анализирање на последиците од пристапување на Република Македонија во членство во Европската унија и подготвува извештаи во врска со истите;

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската унија;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Македонија во членство во Европската унија

| **ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | **АРТАН ГРУБИ,** претседател | |
| | **ВЕСЕЛ МЕМЕДИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Јулијана Николова | |
| 2. | Петар Атанасов | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | | |
| 5. | Бетиане Китев | |
| 6. | Никола Поповски | |
| 7. | Трајчо Димков | |
| 8. | Јусуф Хасани | |
| 9. | Сашо Василевски | |
| 10. | Магдалена Манаскова | |
| 11. | Невенка Стаменковска | |
| 12. | Јагода Шахпаска | |
| 13. | Фадил Зендели | |
| 14. | Шпреса Хадри | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ивана Туфегџиќ | |
| 2. | Славица Шуманска Митева | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 5. | Татијана Прентовиќ | |
| 6. | Хари Локвенец | |
| 7. | Ејуп Алими | |
| 8. | Антонио Милошоски | |
| 9. | Емил Димитриев | |
| 10. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 11. | Васил Пишев | |
| 12. | Владанка Авировиќ | |
| 13. | Жаклина Пешевска | |
| 14. | Африм Гаши | |

Во изминатиот извештаен период Комисијата одржа **7 седници** на кои разгледа **9 точки** и оствари повеќе активности од своите надлежности**;**

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за ЕУ процесите на седница го разгледа **Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2016 година**, **Заклучоците и Препораките за Република Македонија** од Стратегијата за проширување на ЕУ за 2016 година и

**Резолуцијата на Европскиот парламент** од 14 јуни 2017 година за Извештајот на Комисијата за Република Македонија за 2016 година, (28.06.2017);

-го разгледа Планот **"3-6-9"** како Патоказ за зајакнување на оддржливоста на потребните европски реформи во процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, (14.07.2017);

- усвои **Декларација за забрзување на реформските и интегративните процеси за зачленување на Република Македонија во Европската унија**,(14.07.2017) и

-одржа **една** Јавна расправа на тема**: „Младински организации како дел од Берлинскиот процес„**(14.09.2017).

**Реализирани средби на претседателот на Комисијата, г. Артан Груби**

Претседателот на Комисијата, г. Артан Груби оствари средби со:

**-Н.Е г. Семјуел Жбогар**, Шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, (22.06.2017);

-Н.Е г. **Милан Јазбец**, амбасадор на Република Словенија во Република Македонија, (23.06.2017);

-Н.Е г. **Фатос Река**, амбасадор на Република Албанија во Република Македонија, (4.07.2017);

-Н.Е г. **Карло Ромео**, амбасадор на Република Италија во Република Македонија, (6.07.2017);

-Н.Е г. **Димитрис Јанакакис**, амбасадор на Република Грција во Република Македонија, (7.07.2017);

-Н.Е г-ѓа **Кристине Алтхаузер**, амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Македонија, (10.07.2017);

-претставници на граѓански организации во Република Македонија, (12.07.2017);

-Н.Е г-ѓа **Даниела Баришиќ** амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, (13.07.2017);

-Н.Е г. **Ласло Дукс**, амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија, (17.07.2017);

-Н.Е г. **Мартин Безаг**, амабасадор на Република Словачка во Република Македонија, (18.07.2017);

-Н.Е г. **Арне Санесбјорнстанд**, амбасадор на Кралството Норвешка задолжен за Република Македонија, (21.07.2017);

-Д-р г. **Кнут Кирст**, висок функционер од политичкиот и одбранбен сектор на НАТО, (12.09.2017);

-г. **Александар Андрија-Пејовиќ**, министер за европски прашања и шеф на преговарачкиот тим за членство на Црна Гора во Европската унија, (18.09.2017);

-Н.Е г. **Јацег Стефан-Мултановски**, амбасадор на Република Полска во Република Македонија, (31.10.2017);

-г-ѓа **Луиза Винтон**, специјален претставник на канцеларијата на Обединетите Нации во Република Македонија, (1.11.2017);

-Н.Е г. **Виорел Станила**, амбасадор на Република Романија во Република Македонија, (2.11.2017);

-Н.Е г. **Иван Великов Петков**, амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија, (8.11.2017);

-Н.Е г. **Мирослав Томан**, амбасадор на Република Чешка во Република Македонија, (12.12.2017);

-делегација на Италијанскиот сенат, предводена од сенаторот г. **Ванино Кити**, во придружба на амбасадорот на Република Италија во Република Македонија, г. **Карло Ромео**, (15.12.2017) и

-Н.Е г. Иван Великов Петков, амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија; (20.11.2017).

**Реализирани средби на членовите и замениците на Комисијата**

Комисијата оствари средби со:

-Д-р **Милан Брглез**, претседател на државниот збор на Република Словенија, (12.09.2017);
-г. **Матијас ван дер Плас**, генерален директор за европска соработка во Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, (14.09.2017);
-Заменик претседателот на Комисијата, г. **Весел Мемеди**, имаше средба со романска делегација во состав: г. **Стефан Тинца**, политички директор во Министерството за надворешни работи во Република Романија, г, **Александру Ене**, директор за регионална соработка на Западен Балкан, (21.11.2017);
-Делегација на Италијанскиот сенат, предводена од сенаторот г. **Ванино Кити,** а во придружба на амбасадорот на Република Италија во Република Македонија, г. **Карло Ромео,** (15.12.2017) и
-Заменик на министерот за надворешни работи на Република Естонија за европски прашања г**. Мати Маасикас,** (20.07.2017).

**Учество на Претседателот на Комисијата, г. Артан Груби, на меѓународни конференции одржани во Република Македонија**

**г. Артан Груби** имаше воведно излагање на:
-Работилница за размена на искуство и практики за евроинтегративните процеси од парламентарен аспект во организаицја на Организацијата за меѓународна соработка (ГИЗ) од Германија и Собранието на Република Македонија, Скопје, (07.11.2017);
-отварањето на Првата пленарна конференција на Националната конвенција за Европската унија во Република Македонија, организирана од страна на Европско движење во Република Македонија, Владата на Словачката Република и Владата на САД, (10.11.2017);
**-**Парламентарната конференција на тема:"Зајакнување на легислативната контрола во парламентите од Западен Балкан,во функција на претседател на бордот на Мрежата на парламентарните комисии за економија, финансирање и европски прашања на парламентите во Западен Балкан ", (15.11.2017) и
**-**Конференцијата на тема: "Патот на Република Македонија - нов почеток, враќање на патот кон ЕУ и пример за градење добри односи во регионот", во организација на Прогрес институт за социјална демократија, Скопје, Република Македонија, (19.12.2017).

**Меѓународна активност на комисијата**

**1. Меѓународната активност на Комисијата во странство**

Учество на:

-Делегација на Собранието на Република Македонија, во состав: г. **Бетиане Китев**, г-ѓа **Шпреса Хадри**, г. **Илија Димовски** и г. **Африм Гаши**, на Интерпарламентарната конференција на тема: „ЕУ законодавен процес - од законодавна иницијатива до

имплементација и мониторинг", во организација на Европскиот парламент, која се оддржа во Брисел, Кралството Белгија, (19-20.06.2017);

-Пратеникот г-ѓа **Шпреса Хадри** на Конференцијата на претседателите на комисиите за европски прашања на земјите ЕУ членки-КОСАК, што се одржа во Талин, Република Естонија, (9-11.07.2017);

-Делегација во состав: г-дин **Хари Локвенец**, г-дин **Петар Атанасов** и г-ѓа **Невенка Стаменковска** на Интерпарламентарна конференција на тема: " Независна и модерна јавна администрација во ЕУ и земјите од процесот на проширување", во Даниловград, Црна Гора, (28-29.09.2017);

-Делегација во состав: г. **Артан Груби**, г. **Никола Попоски** и г. **Фадил Зендели** на Конференција посветена на интеграцијата на земјите од Западен Балкан кон Европската унија во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија; (19-21.11.2017);

-Делегација во состав: г-ѓа **Ивана Туфегџиќ**, г. **Димитар Стевананџија**, г. **Агим Шакири** и г-ѓа **Теута Биљали** на Конференцијата посветена на поместувањето на јазот помеѓу младинските политики, младинската партиципација и пратениците во Европскиот парламент Брисел, Кралството Белгија, (19-21.11.2017);

-Заменик на претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, г. **Весел Мемеди** на Меѓупарламентарна конференција на тема: „ЕУ и партнерите „Прифаќање на разновидноста за посилно заедништво", во Тбилиси, Република Грузија, (3-6.12.2017) и

-Делегација составена од пратенците: г-ѓа **Јагода Шахпаска** и г. **Реџаил Исмаили** учествуваа на 19-тиот Цетински парламентарен форум на тема: "Парламент и масовни комуникации", во Цетиње, Република Црна Гора, (7-8.12.2017).

**2. Меѓународна активност на претседателот на Комисијата, г. Артан Груби во странство**

**-** Претседателот на Комисијата , г. **Артан Груби:**

-учествуваше на Округла маса на тема: "Западен Балкан на раскрсница: Нови предизвици, сменета динамика" на покана на "Пријатели на Европа" и на Европскиот самит за европска политика, Брисел, Кралството Белгија, (5.12.2017);

-имаше средба со г. **Хот Ји**, заменик помошник државен секретар на Стејт Департментот на САД, Брисел, Кралството Белгија, (5.12.2017);

-имаше средба со г. Едвард Ауер од канцеларијата на г-ѓа Фредерика Могерини, задолжен за Западен Балкан, (5.12.2017);

-имаше средба со д-р **Кнут Кирст,** Висок функционер од Политичкиот и одбранбениот сектор на НАТО, Брисел, Кралството Белгија, (5.12.2017);

-имаше средба со европратеникот: г. **Иво Вајгел,** Брисел, Кралството Белгија; (5.12.2017);

-имаше средба со европратеникот: **г.Едуард Кукан,** Брисел, Кралството Белгија, (5.12.2017);

-имаше средба со европратеникот: г. **Кнут Флекенштајн**, Брисел, Кралството Белгија, (6.12.2017) и

-имаше средба со **г. Давид Кулен** од Европската комисија, одговорен за подготовка на Изврштајот за Македонија, Брисел, Кралството Белгија, (6.12.2017).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 1 |
| декларации, резолуции | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,
-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,
-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,
-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,
-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,
-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,
-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,
-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,
-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,
-донесување акти за кои е овластена од Собранието,
-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,
-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,
-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,
-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,
-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,
-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија",
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и
-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **ЗОРАН ИЛИОСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Антонијо Милошоски | |
| 2. | Крсто Мукоски | |
| 3. | Даниела Рангелова | |
| 4. | Димитар Стеванаџија | |
| 5. | Љупчо Димовски | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Хари Локвенец | |
| 8. | Костадин Костадинов | |
| 9. | Мухамед Зеќири | |
| 10. | Ивана Туфегџиќ | |
| 11. | Артан Груби | |
| 12. | Фадил Зендели | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Лилјана Кузмановска | |
| 2. | Драган Данев | |
| 3. | Трајчо Димков | |
| 4. | Васил Пишев | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Лидија Тасевска | |
| 7. | Јулијана Николова | |
| 8. | | |
| 9. | Татијана Лалчевска | |
| 10. | Тања Ковачев | |
| 11. | Ејуп Алими | |
| 12. | Африм Гаши | |

*Составот на оваа Комисија е утврден согласно Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија донесена на конститутивната седница на Собрание на Република Македонија одржана на 31 мај 2017 година ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17) и Одлуките за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 73/17, 73/17, 84/17 и 160/17)*

Имено, за првпат согласно со досегашната пракса во работата на оваа комисија, претседателското место беше доделено на претседател од пратеничка група во Собранието којашто има најголем број пратеници, а претставува опозиција, како своевиден преседан

Во извештајниот период беа утврдени следниве предлог одлуки:

1. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија,
2. Четири Предлог на одлуки за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
3.Пет Предлог на одлуки за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за разрешување од функцијата Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за именување на Генерален секретар на Собранието на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за именување на функцијата заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
7. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република

Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

9. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);

10. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);

11. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);

12. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);

13. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

14. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);

15. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

16. Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции.

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

20. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции;

21. Две Предлог на одлуки за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);

22. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;

23.Предлог на одлука за избор на член на Државната изборна комисија;

24. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на

членови на Националниот совет за евроинтеграции;
25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;
26. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците и
27. Утврдување Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО).

Собранието на Република Македонија на седницата оддржана на 11 септември 2017 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 125/17).

Ова од причина што во составот на Државната изборна комисија не беше застапена политичката партија во опозиција со втор најголем број пратеници во Собранието, а беше потребно да се направат измени со кои повторно ќе се воспостави концептот на усогласување на составот на Државната изборна комисија со резултатите од последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија оддржани во декември 2016 година.

Согласно со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик став 1 Собранието на Република Македонија, во постапка утврдена со ставовите 2 и 3 на овој член, требаше да го усогласи составот на Државната изборна комисија согласно со членот 27 став 5) од Изборниот законик најдоцна до почетокот на изборната кампања за изборите кои ќе се оддржат на 15 октомври 2017 година за избор на членови на советите на општините и советот на град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје.

Според ставот 2 Собранието го огласува изборот на член на Државната изборна комисија во Службен весник на Република Македонија и во дневниот печат. Огласот трае пет дена од објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Имајќи ги предвид овие одредби, Собранието на Република Македонија на седницата оддржана на 13 септември 2017 година донесе Одлука за објавување јавен оглас за избор на член на Државната изборна комисија.

По огласот се пријави само еден кандидат.

Според членот 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, претседателот на Собранието ја извести политичката партија во опозиција, во рок од 24 часа од приемот на известувањето за пријавени кандидати по огласот од ставот 2 на овој член, да достави предлог за член на Државната изборна комисија.

Политичката партија во опозиција во предвидениот рок го достави својот предлог.

Врз основа на предлогот, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја утврди и на Собранието му ја достави Предлог на одлуката за избор на член на Државната изборна комисија.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **8** |
| Вкупно разгледани точки | **42** |
| одлуки | 36 |
| предлози | - |
| решенија | - |
| барања | 1 |
| разно | 5 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ФАДИЉ ЗЕНДЕЛИ,** претседател | |
| | , заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Богоевски | |
| 2. | Сашко Атанасов | |
| 3. | | |
| 4. | Ферид Мухиќ | |
| 5. | Ммирсада Емини Хасани | |
| 6. | Ане Лашкоска | |
| 7. | Трајчо Димков | |
| 8. | Панчо Минов | |
| 9. | Крсто Јовановски | |
| 10. | Кети Смилевска | |
| 11. | Алија Камберовски | |
| 12. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 13. | Емилија Александрова | |
| 14. | Зиадин Села | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Никица Корубин | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Мухамед Зеќири | |
| 5. | Рецаил Исмаили | |
| 6. | Дафина Стојановска | |
| 7. | Горан Манојлоски | |
| 8. | Ванковер Манчев | |
| 9. | Борис Змејковски | |
| 10. | Ирена Стефоска | |
| 11. | Бети Рабаџиева Наумовска | |
| 12. | Драган Данев | |
| 13. | Слаѓана Митовска | |
| 14. | Весел Мемеди | |

Во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа 3 седници.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија на 29 јуни 2017 година, ја започна својата Прва седница. Првата седница ја свика претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери, а за нејзин претседавач го назначи пратеникот Павле Богоевски. За седницата беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на

одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2016 година,

2. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2016 година,

3. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2016 година и

4. Допис од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставен на 30.3.2017 година, под архивски број 03-1291/2.

Втората седница, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија ја одржа на 13 декември 2017. На седницата се одржа јавна расправа во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права со следниот

ДНЕВЕН РЕД:

Јавна расправа на тема**: Прашањето на ограничување на правото на слободно движење и дискриминацијата на граничните премини кон граѓаните од ромската етничка заедница.**

Третата седница на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија се одржа на 11 декември 2017. На седницата се одржа јавна расправа во соработка со Канцеларијата на ОН со следниот

ДНЕВЕН РЕД:

Јавна расправа на тема: **"70 години** *Универзална декларација на правата на човекот*: **Осврт".**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | **3** |
| Вкупно разгледани точки | | **6** |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | **-** |
| | економски систем | **-** |
| | јавни дејности | **-** |
| Закони | 1 читање | **-** |
| | 2 читање | **-** |
| | скратена и итна | **-** |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | **-** |
| декларации, резолуции | | **-** |
| информации, извештаи, програми, планови | | **3** |
| уставни измени | | **-** |
| иницијативи, стратегии | | **-** |
| други акти | | **1** |
| **јавни расправи** | | **2** |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,** претседател | |
| | **ДРАГАН ДАНЕВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Фросина Ташевска Ременски | |
| 2. | Тања Ковачев | |
| 3. | Мухамед Зеќири | |
| 4. | Хари Локвенец | |
| 5. | Ејуп Алими | |
| 6. | Иван Иванов | |
| 7. | Благица Ласовска | |
| 8. | Трајчо Димков | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Јован Митревски | |
| 2. | | |
| 3. | Павле Богоевски | |
| 4. | Томислав Тунтев | |
| 5. | Артан Груби | |
| 6. | Нада Ципушева | |
| 7. | Ванковер Манчев | |
| 8. | Емилија Александрова | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање оддржа три седници на кои се разгледани четири точки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и од Министерството за одбрана

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ,** претседател | |
| | **ДРАГАН ЦУКЛЕВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Тања Ковачев | |
| 2. | | |
| 3. | Ејуп Алими | |
| 4. | Лилјана Затуроска | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ирена Стефоска | |
| 2. | Горан Мисовски | |
| 3. | Агим Шаќири | |
| 4. | Весна Пемова | |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Комисијата во овој извештаен период одржа две седници на кои разгледа две точки.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17). Со Одлуката се утврдени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** претседател |
| | **ПАНЧО МИНОВ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Кети Смилевска |
| 2. | Јован Митревски |
| 3. | Диме Велковски |
| 4. | |
| 5. | Панче Иванов |
| 6. | |
| 7. | Реџаил Исмаили |
| 8. | Зијадин Села |
| 9. | Крсто Мукоски |
| 10. | Драган Цуклев |
| 11. | Никола Мицевски |
| 12. | Васил Пишев |
| 13. | Владанка Авировиќ |
| 14. | Неџбедин Каремани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Мира Стојчевска |
| 2. | Костадин Костадинов |
| 3. | Милева Ѓорѓиева |
| 4. | |
| 5. | Ристе Ташев |
| 6. | Благојче Трпевски |
| 7. | Ејуп Алими |
| 8. | Весел Мемеди |
| 9. | Илија Димовски |
| 10. | Зоран Илиоски |
| 11. | Владимир Ѓорчев |
| 12. | Љупчо Димовски |
| 13. | Ванковер Манчев |
| 14. | Фадил Зендели |

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година има одржано 14 седници со вкупно 33 точки на дневен ред и тоа: 3 Предлози на закони во прво читање, 2 Предлози на закони во второ читање, 12 Предлози на закони по скратена постапка, една Предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, еден Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година, 2 Финансиски плана, 7 Извештаи, еден Стратешки план, една Програма за работа, една Статутарна одлука и Предлог на

Буџет на Република Македонија за 2018 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2016 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози и мислења, кои што треба да се имаат во предвид при изготвување на наредните буџети.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година беа поднесени вкупно 840 амандмани. Во рокот утврден во член 180-а од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по 63 амандмани.

Комисијата ја разгледа и Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници се предлага реалокација на средствата во рамки на планираните средства со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во износ од 1.647.100.000 денари со цел да се обезбедат средства за исплата на достасани неисплатени обврски за сметка на проектите кај кои е забележано позабавено темпо на реализација.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2018 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето и извршените ревизии на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира и контролира пазарот на хартии од вредност. Согласно Законот за хартии од вредност Комисијата го доставува Годишниот извештај за своето работење до Собранието за усвојување. Имајќи ја предвид оваа законска одредба Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2016 година.

Комисијата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2017 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2016 година,

Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2016 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2016 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2016 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година. Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година.

Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Народната банка на Република Македонија во 2016 година и Извештајот за ризиците во банкарскиот систем на Република Македонија во 2016 година. На седница на Комисијата присуствуваше гувернерот г.Димитар Богов кој ги презентираше извештаите и ја информираше Комисијата во врска со прашањата од монетарната политика и финансискиот систем и состојбата на економијата.

На една од своите седници, Комисијата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Комисијата не даде забелешки на текстот на Статутарната одлука поради што едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија, да донесе Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 33 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | 15 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | 12 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 11 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| други акти | | 2 |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИЛЕВСКИ,** претседател | |
| | **АГИМ ШАЌИРИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Мира Стојчевска | |
| 2. | Ристе Ташев | |
| 3. | | |
| 4. | Хари Локвенец | |
| 5. | Реџаил Исмаили | |
| 6. | Лилјана Кузмановска | |
| 7. | Драган Цуклев | |
| 8. | Љупчо Димовски | |
| 9. | Владанка Авировиќ | |
| 10. | Крсто Мукоски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Анета Симеска Димоска | |
| 2. | Ппанче Иванов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Јован Митревски | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Зоран Илиоски | |
| 7. | Васил Пишев | |
| 8. | Стојан Миланов | |
| 9. | Панчо Минов | |
| 10. | Благоја Деспотовски | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17).

Со оваа Одлука се предвидени надлежностите на комисиите. Согласно со цитираната Одлука, Комисијата за економски прашања разгледува прашања што се однесуваат за:

Комисијата за економски прашања во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година има одржано 2 седници со вкупно 6 точки на дневен ред, од кои еден предлог на закон во скратена постапка, една одлука, еден финансиски план и три извештаи.

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за трговија на зелени пазари кој има за цел во законска рамка да ги уреди сите прашања со кои се прецизираат условите и начинот на вршење на трговија на зелените пазари во Република Македонија, субјектите кои може да вршат трговија, условите и начинот на организирање, евиденцијата на трговците, правата и обврските на трговците и организаторите на зелените пазари. Имено со овој Предлог закон статусот на лицата кои досега работеле на зелените пазари ќе се уреди и нивниот работен однос ќе биде законски нормиран. Исто така, со овој закон ќе се постигне намалување на бројот на невработеност во Република Македонија и со истиот на голема категорија на лица - трговци на зелени пазари што вршат трговија на мало на тезги и пазари и кои се занимаваат со земјоделска дејност ќе им се реши работниот статус.

Согласно со Законот за енергетика, Собранието го разгледува Предлог-Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и Предлог на одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата за економски прашања ги разгледа Предлог-Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и Предлогна одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Исто така, согласно законот за енергетика, Комисијата за економски прашања го разгледа и Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2016 година кој содржи детални податоци за извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика согласно Законот за енергетика како и за материјално-финансиското работење во 2016 година.

Согласно со законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година кој содржи детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално- финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за економски прашања го разгледа и Извештајот за работата на Советот за статистика на Република Македонија за периодот јануари-декември 2016 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател | |
| | **ДИМИТАР СТЕВАНАНЏИЈА,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Татјана Прентовиќ | |
| 2. | Милева Ѓорѓиева | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Диме Велковски | |
| 5. | Мира Стојчевска | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 8. | Никола Мицевски | |
| 9. | Панчо Минов | |
| 10. | Жаклина Пешевска | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Милевски | |
| 2. | Алија Камберовски | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Сашко Атанасов | |
| 5. | Панче Иванов | |
| 6. | Џеват Адеми | |
| 7. | Васил Пишев | |
| 8. | Слаѓана Митовска | |
| 9. | Павлинче Честојнова | |
| 10. | Љубен Арнаудов | |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година, има одржано 4 седници на кои се разгледани вкупно 3 точки на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело. Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа два предлог на закони во прво читање и еден предлог на закон во скратена постапка.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа поднесени амандмани.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не предложи амандмани.

Комисијата во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија, водеше општ претрес на 2 предлог на закони во прво читање, истите не беа разгледани во второ читање од причина што беа неприфатливи и не се дадоа на натамошно читање, а 1 предлог на закон се разгледа во скратена постапка.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

во редовна постапка:

-Предлог на закон за дополнување на Законот за водостопанство; (поднесен од пратениците: Љупчо Димовски, Никола Мицевски, Љубен Арнаудов, Павлинче Честојнова, Димитар Стевананџија, Илија Димовски, Слаѓана Митовска, Жаклина Пешевска, Зоран Ѓорѓиевски, Панчо Минов) и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството; (поднесен од пратениците: Емил Димитриев, Нола Исмајлоска Старова, Крсто Мукоски).

во скратена постапка:

-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 3 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 2 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10, 23/13 и 66/2017). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ЗАТУРОСКА,** - претседател | |
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Мирослав Јовановиќ | |
| 2. | Благојче Трпевски | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Диме Велковски | |
| 5. | | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Благоја Деспотовски | |
| 8. | Слаѓана Митовска | |
| 9. | Драган Данев | |
| 10. | Никола Мицевски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Алија Камберовски | |
| 2. | Бетиане Китев | |
| 3. | Томислав Тунтев | |
| 4. | Соња Мираковска | |
| 5. | Мери Лазарова | |
| 6. | Агим Шаќири | |
| 7. | Невенка Стаменковска | |
| 8. | Панчо Минов | |
| 9. | Јусуф Хасани | |
| 10. | Крсто Мукоски | |

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија во период од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година има одржано 7 седници со 4 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно 21 точки како матично работно тело и тоа:

-четири предлог на закони во прво читање;
-еден предлог на закон во второ читање;
-еден предлог на закон во скратена постапка;
-еден предлог на закон во итна постапка и
-14 годишни извештаи, програми, нацрт план и информации.

Комисијата разгледа вкупно 2 амандмани кои беа усвоени.

Комисијата во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година

година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година;

-Годишен извештај за работата на Македонска радио и телевизија за 2016 година;

-Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2017;

-Предлог годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година;

-Предлог годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година;

-Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2015 година;

-Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016;

-Годишен извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година;

-Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017;

-Извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2016 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2016 година;

-Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2017 година;

-Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2016 година;

-Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - I читање (Поднесен од Илија Димовски, Антонијо Милошоки, Љубен Арнаудов, Крсто Јовановски, Крсто Мукоски, Љупчо Димовски, Драган Данев, Јусуф Хасани и Лилјана Затуроска);

-Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - по скратена постапка (Поднесен од пратениците:Томислав Тунтев, Ејуп Аљими и Весел Мемеди);

-Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид;

-Нацрт на просторен план на Источниот плански регион 2013 - 2030 - I фаза;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронските комуникации - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа - I читање;

-Предлог на закон за урбано зеленило - I читање, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Маја Морачанин, Петре Шилегов, Стефан Богоев, Диме Велковски и Ејуп Алими и

-Предлог на закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, по скратена постапка, поднесен од пратениците Томислав Тунтев, Соња Мираковска и Реџаиљ Исмаили;

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 21 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 6 |
| Закони | 1 читање | 4 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 14 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПЕТАР АТАНАСОВ,** претседател | |
| | **МИЛЕВА ЃОРЃИЕВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ѓулумсер Касапи | |
| 2. | Жаклина Лазаревска | |
| 3. | Ферид Мухиќ | |
| 4. | Јулијана Николова | |
| 5. | Татијана Прентовиќ | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Сурија Рашиди | |
| 8. | Димитар Стевананџија | |
| 9. | Драган Данев | |
| 10. | Благица Ласовска | |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 12. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 13. | Чедомир Саздовски | |
| 14. | Неџбедин Каремани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ивана Туфегџиќ | |
| 2. | Панче Иванов | |
| 3. | Ирена Стефоска | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Татиана Лалчевска | |
| 6. | Џеват Адеми | |
| 7. | Весел Мемеди | |
| 8. | Трајчо Димков | |
| 9. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 10. | Крсто Јовановски | |
| 11. | Слаѓана Митовска | |
| 12. | Павлинче Честојнова | |
| 13. | Жаклина Пешевска | |
| 14. | Теута Биљали | |

** Согласно со Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 66/17) и одлуките на Собранието од 14.06.2011, 5.07.2017 и 8.11.2017 година.*

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот од 30 декември 2016 годин до 31 декември 2017 година одржа 5 седници. На дневен ред на овие седници беа 11 точки, од кои три предлози на закони, пет извештаи, две статутарни одлуки и една тематска јавна расправа.*

***Законодавна дејност***

Комисијата во скратена постапка распраўаше за трите предлози на закони предложени од пратеници за изменување на законите за основното и средното образование и за наставниците во основните и средните училишта, со кои се укина екстерното оценување во основните и средните училишта. Комисијата ги усвите шестте амандмани поднесени на законските предлози за основното и средното образование.

На две комисиски седници се водеше расправа за Статутот на Универзитетот ,,Мајка Тереза" - Скопје (во двете фази од усвојувањето) и за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" - Охрид (во прва фаза).

***Комисиска расправа по извештаи***

Комисијата свика седница на чиј дневен ред беа извештаите за работата на ректорите на **петте јавни универзитети** во државата за 2016 година. Во рамките на оваа седница која се одржа во **четири свикувања** беа разгледани извештаите на: Универзитетот Св. ,,Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола, Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип и на Државниот универзитет во Тетово.

***Јавна расправа***

Комисијата за образование, наука и спорт одржа јавна расправа за ,,Нацртот на сеопфатна стратегија за образованието за периодот 2018 - 2025 година.

Расправата на оваа тема се одвиваше во присуство на претставници на Министерството за образование и наука и органите во неговиот состав, педагошките факултети при јавните универзитети, Професорскиот пленум, Студентскиот пленум и други невладини организации, како и на претставници на повеќе претставништва на меѓународни организации со седиште во Скопје кои ги поддржуваат образовните реформи во Република Македонија. Предлозите искажани во расправата беа испратени до Министерството за образование и наука во насока на подобрување на содржината на стратешкиот документ за развојот на образованието до 2025 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 3 |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | 7 |
| **јавни расправи** | | 1 |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,
-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,
-збогатување на историското и уметничкото творештво,
-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,
-афирмација и заштита на авторството и авторското право,
-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,
-издавачка дејност и библиотекарство,
-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,
-употреба и заштита на македонскиот јазик,
-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,
-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,
-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,
-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и
-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИРЕНА СТЕФОСКА,** претседател | |
| | **РЕЏАИЛ ИСМАИЛИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Никица Корубин | |
| 2. | Сславица Шуманска Митева | |
| 3. | Ферид Мухиќ | |
| 4. | Енес Ибраим | |
| 5. | Шпреса Хадри | |
| 6. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 7. | Крсто Јовановски | |
| 8. | Магдалена Манаскова | |
| 9. | Љубен Арнаудов | |
| 10. | Нола Исмајлоска Старова | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Томислав Тунтев | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Сашко Атанасов | |
| 4. | Мери Лазарова | |
| 5. | Мирсада Емини Хасани | |
| 6. | Ане Лашкоска | |
| 7. | Павлинче Честојнова | |
| 8. | Стојан Миланов | |
| 9. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 10. | Горан Манојловски | |

Во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година Комисијата за култура одржа 7 седници на кои беа разгледани вкупно 15 точки на дневен ред.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа разгледани:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка - II читање;

-Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик - I читање;

-Активности за подготовка на Предлог-програмата за одбележување на јубилејни

годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2018 година;

-Формирање на Работна група за подготовка на Предлог на програма за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2018 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на македонскиот јазик - II читање;

-Предлог na програма за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2018 година;

-Формирање на работна група за посета на институциите од областа на културата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност - II читање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 15 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 10 |
| Закони | 1 читање | 5 |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 5 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МИРСАДА ЕМИНИ ХАСАНИ,** претседател | |
| | **ЈАГОДА ШАХПАСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Катерина Кузмановска | |
| 4. | Ристо Ташев | |
| 5. | Мери Лазарова | |
| 6. | Зоран Ѓорѓиевски | |
| 7. | Сашо Василевски | |
| 8. | Горан Манојловски | |
| 9. | Љубен Арнаудов | |
| 10. | Ванковер Манчев | |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Панче Иванов | |
| 2. | Горан Милевски | |
| 3. | Сашко Костов | |
| 4. | Кети Смилевска | |
| 5. | Реџаиљ Исмаили | |
| 6. | Драган Цуклев | |
| 7. | Весна Пемова | |
| 8. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 9. | Јусуф Хасани | |
| 10. | Дафина Стојановска | |

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година работеше на седници и јавни расправи.

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 14.07.2017 година, ја одржа првата седница со следниот дневен ред:
-Предлог на закон за докторска дејност - Прво читање, поднесен од пратениците: Зоран Ѓорѓиевски, Сашо Василевски, Дафина Стојаноска, Ванковер Манчев, Весна Пемова и Љубен Арнаудов.

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 7.08.2017 година, ја отвори втората седница со следниот дневен ред:
-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, по

скратена постапка, поднесен од пратениците: Томислав Тунтев, Јован Митревски, Мирсада Емини - Асани, Шпреса Хадри, Петре Шилегов и Васко Ковачевски.

Истата беше прекината и продолжи со работа на 11.01.2018 година.

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 6.09.2017 година, ја одржа третата седница со следниот дневен ред:
-Предлог на закон за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, по скратена постапка.

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 25.11.2017 година, ја одржа четвртата седница со следниот дневен ред:
-Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка.

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 14.12.2017 година, ја одржа петатта седница со следниот дневен ред:
-Јавна расправа на тема: ,,Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето"

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија, на 22.12.2017 година, ја одржа шестата седница со следниот дневен ред:
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, по скратена постпка, поднесен од пратениците: Горан Милевски, Ивана Туфегџиќ, Реџаил Исмаили, Маја Морачанин и Лилјана Поповска.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 5 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 4 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година, Комисијата за труд и социјална политика одржа единаесет седници. На седниците беа разгледани вкупно 18 точки на дневниот ред.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** претседател | |
| | **ВЕСНА ПЕМОВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Јован Митревски | |
| 2. | Јагода Шахпаска | |
| 3. | Милева Ѓорѓиева | |
| 4. | Ѓулумсер Касапи | |
| 5. | Жаклина Лазаревска | |
| 6. | Агим Шаќири | |
| 7. | Илија Димовски | |
| 8. | Благоја Деспотовски | |
| 9. | Слаќана Митовска | |
| 10. | Горан Манојлоски | |
| 11. | Жаклина Пешевска | |
| 12. | Фадил Зендели | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Поповска | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Ирена Стефоска | |
| 4. | | |
| 5. | Катерина Кузмановска | |
| 6. | Мирсада Емини Хасани | |
| 7. | Даниела Рангелова | |
| 8. | Амди Бајрам | |
| 9. | Лилјана Кузмановска | |
| 10. | Благица Ласовска | |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 12. | Теута Биљали | |

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, преставници на меѓународните институции, Народниот правобранител, претставници на синдикати од областа на труд и социјалната политика, јавни установи, невладини органицации кои дејствуваат во оваа област, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

-Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;

-Предлог на закон за заштита на децата;

-Предлог на Одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2013 година;

-Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2016 година;

-Предлог на закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со општествена и државна сопственост;

-Предлог на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија;

-Предлог на закон за остварување на правото на пензиија за работниците во рударството (овој предлог на закон не е сеуште разгледан од Комисијата, бидејќи сеуште не е завршена единаесетатта седница на комисијата на чиј дневен ред е како последна точка);

-Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2017 година.

Комисијата за труд и социјална политика во периодот кој е предмет на овој Извештај одржа и три Јавни расправи кои ги обработуваа следните теми:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за работните односи;

-Предлог на закон за дополнување на законот за исплата на платите во Република Македонија и

-Предлог нацрт стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 година и предлог нацрт на национален акциски план за интеграција на бегалци 2017-2027 година (оваа Јавна расправа сеуште не е завршена)

Исто така Комисијата за труд и социјална политика на својата десетта седница го разгледа извештајот од законодавно-правната комисија по Предлог законот за изменување и дополнување на законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 18 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 12 |
| Закони | 1 читање | 6 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | 4 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| **јавни расправи** | | **3** |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамномерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 114/14) Комисијата може да воспоставува меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател | |
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | | |
| 2. | Алија Камберовски | |
| 3. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 4. | Катерина Кузмановска | |
| 5. | Кети Смилевска | |
| 6. | Весна Пемова | |
| 7. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 8. | Невенка Стаменковска | |
| 9. | Јохан Тарчуловски | |
| 10. | Амди Бајрам | |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 12. | Реџеп Мемеди | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Никица Корубин | |
| 2. | Анета Симоска Димоска | |
| 3. | Костадин Костадинов | |
| 4. | Лидија Тасевска | |
| 5. | Агим Шаќири | |
| 6. | Благоја Деспотовски | |
| 7. | Драган Данев | |
| 8. | Магдалена Манаскова | |
| 9. | Чедомир Саздовски | |
| 10. | Горан Манојловски | |
| 11. | Љубен Арнаудов | |
| 12. | Африм Гаши | |

Комисијата за локална самоуправа на Собранието на Република Македонија во периодот 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година не одржа седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,
-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,
-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,
-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,
-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,
-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,
-соработка со соодветните комисии на другите земји и
-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДАНИЕЛА РАНГЕЛОВА,** претседател | |
| | **БЛАГИЦА ЛАСОВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ѓулумсер Касапи | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Никица Корубин | |
| 4. | Мери Лазарова | |
| 5. | Мирсада Емини Хасани | |
| 6. | Ирена Стефоска | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Дафина Стојановска | |
| 9. | Павлинче Честојнова | |
| 10. | Нола Исмајлоска Старова | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славица Шуманска Митева | |
| 2. | Јагода Шахпаска | |
| 3. | Ивана Туфегџиќ | |
| 4. | Жаклина Лазаревска | |
| 5. | Павле Богоевски | |
| 6. | Шпреса хадри | |
| 7. | Лилјана Затуроска | |
| 8. | Лилјана Кузмановска | |
| 9. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 10. | Весна Дамчевска Илиевска | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година, работеше на редовни седници и јавни расправи.*

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, на 27 јуни 2017 година, одржа седница со следниот дневен ред:

***Јавна расправа на тема:*** *Предлог на Закон за изменување на Законот за работните односи*

Седницата се одржа во соработка со Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија.

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:

1*Потребна е сеопфатна анализа и дополнителна дебата за изменување на Законот за работните односи;
2*Да се поднесе барање до Комисијата за труд и социјална политика за одржување на надзорна расправа за досегашната имплементација на Законот за работни односи во делот на породилното отсуство;
3*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Комисијата за труд и социјална политика континуирано ќе водат сметка за недискриминација при вработување на жените и при секои законски измени ќе ги имаат во предвид и потребите на мајката и здравјето на детето, како и разгледувањето на можноста за индивидуално право за користење на породилно отсуство од страна на двата родители, притоа водејќи сметка и за еднородителските семејства.

На 28 јуни 2017 година, Комисијата одржа седница со следниот дневен ред:

*1.Извештаите од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година и*
*2.Осуда на сите форми на шовинистичко и сексистичко изразување, во аудиовизуелните, печатените и електронските медиуми во Република Македонија*

По првата точка, врз основа на расправата, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите констатира дека ги разгледа Извештаите од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година.

По расправата од втората точка, беа донесени следните заклучоци:
1*КЕМ ќе ги следи и осудува сите форми на шовинистичко и сексистичко изразување, говор на омраза како и родово несензитивно изразување во аудиовизуелните, печатените и електронските медиуми во Република Македонија, а се со цел општествено почитување на жената;
2*КЕМ упатува апел до сите медиуми, медиумски работници и останатите релевантни чинители во општеството да се воздржат од таквото изразување и
3*КЕМ ги повикува контролните механизми како што се Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Советот за етика во медиумите и Јавното обвинителство редовно да ги следат таквите медиумски појави и без исклучок да постапуваат во рамките на своите законски надлежности.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, на 14 ноември 2017 година, ја одржа Третата седница со следниот дневен ред:

***Јавна расправа на тема:*** *Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2016 година*

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:
1*Да се смени форматот на Извештајот кој ќе го следи акцискиот план со секторските приоритети со мерка индикаторско средство, резултати и идни чекори во согласност со измените и дополнувањата на

Законот за еднакви можности на жените и мажите и да се воведе компаративна анализа со она што е наведено во акцискиот план;
2*Да се зголемат средствата за економско јакнење на жените во политиката;
3*Да се измени Изборниот законик со воведување на квота за кандидатки за жени градоначалнички и за учеството на жените во извршната власт;
4*Да се зголемат средствата во буџетот за родова еднаквост (семејно насилство, жени претприемачки, двосменско работење на градинките, центри за лица со попреченост);
5*Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истамбулска конвенција) и
6*Да се измени Законот *за прекинување на бременоста*

На 16 ноември 2017 година, Комисијата одржа седница со следниот дневен ред:

***Јавна расправа на тема:*** *Говор на омраза во медиумите насочен кон жените*

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:
1*КЕМ ги осудува сите облици на говор на омраза присутен во аудиовизуелните, печатените и електронските медиумите насочен кон жените;
2*КЕМ иницира измена на *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги* во делот кој ја регулира оваа проблематика;
3*КЕМ иницира измена на *Законот за спречување и заштита од дискриминација* во делот кој ја регулира оваа проблематика и
4*КЕМ поттикнува зајакнување на соработка помеѓу надлежните институции и граѓанскиот сектор во превенција од кампањи кои содржат говор на омраза, преку одржување на јавни дискусии.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 2 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **3** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Комисијата во овој период има одржано пет седници.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно оваа надлежност Комисијата ги разгледа Извештаите на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, и за тоа на Собранието му поднесе извештаи со предлог за верификација на мандатите.

Комисијата согласно член 53 став 5 од Деловникот на Собранието,ги разгледа Барањата за одобрување на притвор на шест пратеници и за тоа на Собранието му поднесе извештај.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАВЛЕ БОГОЕВСКИ,** претседател | |
| | **ПЕТАР АТАНАСОВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Мирослав Јовановиќ | |
| 2. | Александар Кирацовски | |
| 3. | Сашко Костов | |
| 4. | Агим Шаќири | |
| 5. | Трајко Вељаноски | |
| 6. | Јохан Тарчуловски | |
| 7. | Крсто Мукоски | |
| 8. | Борис Змејковски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Хари Локвенец | |
| 3. | Сашко Атанасов | |
| 4. | Мирсада Емини Хасани | |
| 5. | Владимир Ѓорчев | |
| 6. | Невенка Стаменковска | |
| 7. | Никола Поповски | |
| 8. | Зоран Ѓорѓиевски | |

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 3 |
| Вкупно разгледани точки | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | - |
| Информации, извештаи | 5 |
| Прашања, предлози | - |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 35 | 118 | 2 | 33 | 7 | 34 | **2** | 12 | 30 | **-** | **-** |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 14 | 35 | - | 12 | - | 6 | **1** | - | 16 | **1** | **-** |
| одбрана и безбедност | 8 | 11 | - | - | - | 1 | **1** | - | 10 | **-** | **-** |
| надворешна политика | 5 | 15 | - | 1 | 1 | - | - | 12 | 1 | **-** | **-** |
| европски прашања | 7 | 9 | - | 2 | 1 | - | **-** | 1 | 4 | **1** | **-** |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 3 | 6 | - | - | - | - | **-** | - | 4 | **2** | **-** |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 3 | 4 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| финансирање и буџет | 14 | 33 | 3 | 3 | 2 | 12 | **2** | - | 13 | - | - |
| економски прашања | 2 | 6 | - | - | - | 1 | **-** | - | 5 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 4 | 3 | - | 2 | - | 1 | **-** | - | - | **-** | **-** |
| транспорт, врски и екологоја | 7 | 21 | - | 4 | 2 | 1 | **-** | - | 14 | **-** | **-** |
| образование, наука и спорт | 5 | 11 | - | - | - | 3 | **-** | - | 7 | **1** | **-** |
| култура | 7 | 15 | - | 5 | 4 | 1 | **-** | - | 5 | **-** | **-** |
| здравство | 6 | 6 | - | 1 | - | 4 | **-** | - | - | **1** | **-** |
| труд и социјална политика | 11 | 18 | - | 6 | 2 | 4 | **-** | - | 3 | **3** | **-** |
| еднакви можности на жените и мажите | 4 | 5 | - | - | - | - | - | - | 2 | **3** | - |
| прашања на изборите и именувањата | 8 | 42 | | | | | | | 42 | | |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 3 | 5 | - | - | - | - | - | - | 5 | - | - |
| локална самоуправа | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - |
| **Вкупно:** | **148** | **365** | **5** | **69** | **19** | **68** | **6** | **25** | **167** | **12** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РЕЏАИЛ ИСМАИЛИ,** претседател | |
| | **ЈУСУФ ХАСАНИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Петар Атанасов | |
| 2. | Никица Корубин | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Антонијо Милошоски | |
| 6. | Горан Манојловски | |
| 7. | Дафина Стојановска | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Артан груби | |
| 10. | Шпреса Хадри | |
| 11. | Зиадин Села | |
| 12. | Фадил Зендели | |
| 13. | | |
| 14. | Сашко Костов | |
| 15. | | |
| 16. | Иван Стоиљковиќ | |
| 17. | Зеќир Рамчиловиќ | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа една седница:

-**Првата седница** на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 7 септември 2017 година со дневен ред:

- Избор на претседател и заменик на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери.

За претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците е избран членот на

Комитетот г. Реџаил Исмаили, а за заменик на претседателот на Комитетот е избран членот на Комитетот г. Јусуф Хасани.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците г. Реџаил Исмаили се заблагодари на укажаната доверба и изрази надеж дека сите заедно ќе придонесат Комитетот успешно да ги остварува задачите за кои е основан.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на РМ бр. 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Советот на Собранискиот канал разгледува прашања од функционирањето на Собранискиот канал, а особено:

-донесува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во овој мандат сеуште не е формиран.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Буџетскиот совет со почетокот на работата на овој парламентарен состав сеуште не е формиран.

# 4.3.3. НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Клучните европски постулати кои Националниот совет за евроинтеграции ги прифати и ги промовира од самото негово формирање и во својата досегашна работа се „обединети во различните", отвореност и инклузивност.

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2017 година се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет и нивно учество во дискусиите,
- активности на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

## ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/07) донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 2007 година. Согласно оваа Одлука во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Заради обезбедување на континуитет во остварувањето на делегираните надлежности на Националниот совет за евроинтеграции и согласно усвоениот заклучокот од 18-та седница на Советот одржана на 26 ноември 2010 година, Собранието на 2-та седница одржана на 06 јули 2011 година усвои Одлука за изменување на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија"бр.91/11). Со оваа одлука во составот на Советот, за членовите од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија се предвидени заменици-членови.

Актуелниот состав на Советот е определен со Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија " бр.89/17), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр.122/17), и Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици на членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" бр. 160/17).

Составот на Националниот совет за евроинтеграции ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел - членството на Република Македонија во Европската унија.

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници.

Согласно Одлуката за основање на НСЕИ, Претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција.

Во Одлуката за основање на НСЕИ, во членот 3, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици, и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Во периодот на подготвување на овој извештај, во Советот не е пополнето место за член во Советот од Заедницата на единиците за локалната самоуправа, од каде се очекува да доставaт предлог до Собранието. Местото на член на НСЕИ по функција копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија од 22 декември 2017 е непополнето.

Претседателот на Советот, согласно членот 5 од Одлуката за основање на НСЕИ, на 12.09.2017 година достави дописи до 11 организации заради делегирање на нивен претставник за учество во работата на НСЕИ. Од 7 организации беа доставени номинирани претставници, додека 4 организации не одговорија на дописот од претседателот на Советот, и покрај вложените напори и комуникација од страна на службата на НСЕИ.

Во извештајниот период, во работата на Советот учествува 7 номинирани претставници од: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Исламската верска заедница, Католичката црква во Република Македонија и Евангелско-методистичката црква во Македонија.

Граѓанската платформа на Македонија, Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, Македонската православна црква и Еврејската заедница во Македонија, до крајот на 2017 год. не номинираа претставник за учество во работата на Советот.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредуваат со деловник. Во периодот опфатен со извештајот, Советот не донесе нов деловник, односно работеше според Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година.

Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

**ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

Во периодот опфатен со овој извештај, Националниот совет за евроинтеграции одржа една седница.

Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции се одржа на 20 септември 2017 година на која беше усвоен дневен ред со 3 точки:

1. Презентација на активностите реализирани од Владата на Република Македонија за интеграција во Европската унија, во изминатото тромесечие;
2. Предлог активности за тековното тромесечие и потреба од поширок национален консензус;

3. Усвојување на Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември - декември 2017.

На седницата беа презентирани активностите реализирани од Владата на Република Македонија за интеграција во Европската унија, како и активностите за тековното тромесечие и потреба од поширок национален консензус. На седницата беа поканети и присуствуваа Н.Е. Самуел Жбогар Шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, како и амбасадори на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија, претставници од Министерството за надворешни работи, од Секретаријатот за европски прашања. Во обраќањето пред Советот, Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања Бујар Османи, укажа дека спроведувањето на реформите не претставува обврска само на Владата туку на сите општествени фактори и е неопходен предуслов во градењето на функционална демократија, стабилно и просперитетно општество и компетитивна економија. Приоритетен чекор е да се обезбедува политички дијалог во Собранието, а условената препорака на Европската комисија за почеток на преговорите мора да стане безусловна. Целта на Владата е да обезбеди консензуална платформа за отстранување на вториот услов од Извештајот на ЕК, за што е потребно предвидените закони да се донесат со широка поддршка. Планираните реформи кои произлегуваат од Програмата на Владата ги имаат во предвид Договорот од Пржино, препораките од Итните реформски приоритети, Венецијанската комисија, Греко, ОБСЕ и препораките од консултациите со граѓанските организации.

*Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Никола Попоски* истакна дека одржувањето на Првата седница на Советот е во момент кога веќе е објавен вториот извештај на Рајнхард Прибе кој ги продолжува препораките од 2015 година. Клучно за извештајот од 2017 година е дека за се што треба да се направи потребна е дебата за поширок национален конзенсус, што не се однесува само на тесното мнозинство на пратениците во Собранието, туку пошироко. Потребно е да се воспостават нови стандарди за да се обезбеди здрава демократија, здрав дијалог каде законските решенија ќе мора да поминат низ јавна дебата со вклученост на сите фактори, па дури потоа да бидат во Собраниска процедура. Владата не може да обезбеди мандат без контролни механизми, затоа опозицијата е тука да поддржи добри решенија за најбрз почеток на преговорите за членство.

На седницата на Националниот совет за евроинтеграции се обрати и Самуел Жбогар Шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, кој истакна дека за Република Македонија клучните приоритети се реформите во судството, службите за разузнавање и надзорот, добрososетските односи како и потребата да се воспостави меѓупартиска соработка и договор. Основната стратешка цел на сите политички партии во Собранието е започнувањето на преговорите за членство во Европската унија. Евроинтеграциите треба да бидат обединувачка сила не само на политичките партии туку и на целокупната јавност во земјата. Не само што треба да се продолжи со реформите, потребни се и кредибилни избори, ослободени од насилство и неправилности, што е многу важен предуслов за да се оди напред во процесот. Владејачката коалиција има голема одговорност и важно е да не

се осврнува на лошите практики на користење на државни ресурси и нулта толеранција во однос на ова прашање.

Во расправата со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: Никола Попоски, претседател на Советот, пратениците Антонио Милошовски, Африм Гаши и Влатко Ѓорчев, и претставникот од Конфедерацијата на слободни синдикати Благоја Ралповски.

***Средба на Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции***

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Никола Попоски на 18 декември 2017 година, оствари средба со министерот за надворешни работи на Унгарија Петер Сијарто, во рамки на неговата официјална посета на Република Македонија.

На средбата Попоски го истакна следното истакна „кога ќе влеземе во ЕУ зависи од членките на ЕУ, но кога ќе се европеизираме зависи само од нас самите. Затоа, вниманието треба да ни биде на зајакнувањето на институциите и примена на законите повеќе отколку на што било друго". Сијарто ја повтори поддршката од Унгарија во евроатлантските аспирации на Македонија, потенцирајќи го континуираниот напредок што државата го остварува во насока на процесот на проширување на ЕУ и НАТО. Тој потврди дека Македонија беше верен партнер на Унгарија во менаџирањето на мигрантската криза, како заштитник на надворешната граница на ЕУ. Двајцата соговорници констатираа дека местото на Македонија е во европското семејство, за што неколкупати досега ја докажала својата улога како заслужен член на Унијата.

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Стручните, административните и техничките работи за потребите на Националниот совет за евроинтеграции ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ, предвидено со членот 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија " бр.140/07) и членот 21 од Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на 25.10.2011 година. Секторот за поддршка на НСЕИ е формиран во 2009 година согласно Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија, како посебна организациона единица во рамките на Службата на Собранието. Со Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието донесен во април 2015 година, утврдени се 12 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места. Во периодот на изготвување на овој извештај, во Секторот за поддршка на НСЕИ работните задачи ги извршуваат 7 државни службеници: раководител на Сектор, 2 извршители (советник и виш соработник) во Одделението за поддршка на работата на НСЕИ и 4 извршители (раководител на одделение, 2 советници и еден самостоен референт) во Одделението за следење на евроинтеграциите.

***Активности на Секторот за поддршка на НСЕИ***

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот, го следи процесот

на европска интеграција, подготвува материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедува материјали за средбите од меѓународен карактер, за потребите на членовите и претставниците на Советот. За организирање на седниците, јавни расправи и меѓународни средби на Советот одговорно е *Одделението за поддршка на работата на НСЕИ.* Ова одделение остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, ги ажурира седниците на НСЕИ во е-Парламент, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во Одделението се изготвуваат покани за седници, дописи до амбасадори на земји-членки на ЕУ, записници од одржани седници, се води грижа за аудио записите и стенографските белешки, подготвува одделни соопштенија за реализирани активности на Советот кои се објавуваат на Собраниската веб-страница. *Одделението за следење на евроинтеграциите и ЕУ центарот* е одговорно за следење на процесот на европската интеграција, остварува контакти со Секретаријатот за европски прашања и со други државни органи, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со службеници од Комисијата за европски прашања, Секторот за меѓународна соработка (Мешовит парламентарен комитет РМ-ЕУ) и остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на цивилниот сектор. Одделението од 2009 година па наваму, го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку матрица за степенот на усвојување на законодавството според НПАА (одделно за закони и за подзаконските акти). Одделението ги следи активностите на Европската комисија (поврзани со политиките на ЕУ и европското законодавство).

***ЕУ центар на Собранието -*** Во рамките на ИПА Проектот за "Техничка помош за Парламентот", што се спроведе во Собранието во периодот јануари 2011 - јуни 2012 година, беше обезбедена финансиска и стручна помош и за воспоставување на ЕУ центар во Собранието. Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања. ЕУ центарот ја издаде првата електронска информативна публикација - ЕУ вести во јули 2014 година, а досега се публикувани вкупно 29 месечни изданија на ЕУ весникот. Електронската публикација се доставува до сите пратеници,  до членовите и претставниците на НСЕИ, како и до дел од Собраниската служба која работи во областа на евроинтеграциите/европските прашања. ЕУ вестите се објавуваат и на Собраниската интернет страна, на македонски и албански јазик.

***Работни процедури ИСО 9001:2008***

Во рамките на Проектот за имплементација на системот за управување на квалитет на јавните услуги и документирање на системот за управување со квалитет на јавните услуги, според МК-ЕН ИСО 9001:2008, спроведен во Собранието во 2014 година, одобрени се три работни процедури во надлежност на Секторот за поддршка на НСЕИ.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Талат Хафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**МАЈ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со американскиот заменик-помошник државен секретар за Европа и Евроазија, г. Хојт Брајан Ји (*1 мај 2017 год.);*
- Средба со политичкиот директор при министерството за надворешни работи на Обединетото Кралство, г - ѓа Карен Пирс (*5 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, Н.Е. г. Џес Бејли. (*8 мај 2017 год.)*
- Средба со амбасадорот на Францускaта Република во Република Македонија, Н.Е. г. Кристиан Тимоние (*8 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Република Албанија во Република Македонија, Н.Е. г. Фатос Река (*10 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Швајцарската Конфедерација во Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Сибил Зутер Техада (*10 мај 2017 год.);*
- Средба со делегација од американскиот конгрес предводена од конгресменот Боб Гоодлатте (*11 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Кралството Шведска во Република Македонија, Н.Е. г. Матс Стафенсон (*15 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, г. Милан Јазбец и заменик - амбасадорот, Н.Е. г- ѓа Уршка Поточник (*16 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Канада во Република Македонија, Н.Е. г. Филип Пинингтон (*17 мај 2017 год.);*
- Средба со делегација на група на високи офицери и цивили од Кралскиот колеџ за одбранбени студии од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (*22 мај 2017 год.);*
- Средба со кинеската амбасадорка во Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Лин Лисјен (*23 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Република Косово во Република Македонија, Н.Е. г. Илбер Хиса *(29 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Кралството Белгија во Република Македонија, Н.Е. г. Франсоа Бонтан (*29 мај 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Република Турција во Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Тулин Еркал Кара (*30 мај 2017 год.).*
- Прием по повод 25 години - Швајцарска поддршка за Република Македонија, Музеј на современа уметност *(31 мај 2017 год.).*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со амбасадорот на ЕУ во Република Македонија, Н.Е. г. Самуел Жбогар (*3 мај 2017 год.);*
- Средба со Високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика на Европската Унија, г-ѓа Федерика Могерини (*4 мај 2017 год.);*
- Средба со Комесарот за добрососедска политика и проширување на Европската комисија, Јоханес Хан (*4 мај 2017 год.);*
- Средба со пратениците од Европскиот Парламент: г. Иво Вајгл, г. Едуард Кукан, г. Алојз Петерле и г. Кнут Флекенштајн (*4 мај 2017 год);*
- Средба со амбасадорите и претставниците на Амбасади од земјите членки на ЕУ:
  - Република Австрија - Н.Е. Ренате Коблер
  - Република Бугарија - Н.Е. Иван Петков
  - Република Хрватска - Н.Е. Данијела Баришиќ
  - Чешка Република - Н.Е. Мирослав Рамеш
  - Француска Република - Н.Е. Доминик Готиер

- Сојузна Република Германија - Н.Е. Марко Акватичи
- Република Грција - Ефтимиос Царлафтис
- Италијанска Република - Н.Е. Карло Ромео
- Кралство Холандија - Н.Е. Воаутер Пломп
- Република Полска - Н.Е. Јацек Мултановски
- Романија - Н.Е. Виорел Станила
- Словачка Република - Н.Е. Мартин Безак
- Република Словенија - Н.Е. Милан Јазбец
- Кралство Шпанија - Н.Е. Фернандо Лопез де Кастро
- Кралство Шведска - Антон Ирексвист
- Обединето Кралство - Н.Е. Чарлс Гарет (*12 мај 2017 год.*)

- Средба со директорот на НДИ, г. Крис Хеншоу, заменик – директор, г. Роберт Скот Хејзлет и Едип Билал (*15 мај 2017 год.);*
- Средба со шефот на мисијата на ОБСЕ, г-ѓа Нина Суомалаинен (*17 мај 2017 год.);*
- Средба со постојан координатор на Обединетите нации и постојан претставник на УНДП, г-ѓа Луиза Винтон (*23 мај 2017 год.);*
- Средба со известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки преземени при приемот во Советот на Европа (Мониторинг Комисија) *(30 мај 2017 год.)* .

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Интервју за Клик Плус во ТВ 21 (*2 мај 2017 год*);
- Интервју за Арт ТВ (*8 мај 2017 год.*);
- Учество и обраќање на конференција на тема: "Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание„ - Граѓанска асоцијација МОСТ (*11 мај 2017 год*);
- Интервју за емисијата *200* во Алсат М( *11 мај 2017 год.*);
- Интервју за *Anadolu Agency ( 11 мај 2017 год.);*
- Средба со поранешните претседатели на Собранието: г. Стојан Андов, г. Тито Петковски и г. Никола Поповски (*15 мај 2017 год.*);
- Средба со претставници на Институтот за демократија (ИДСЦС). (*26 мај 2017 год.*);
- Средба со претставници и со директорот на Фондацијата Бергхов, г. Луџи Вималарајан(*26 мај 2017 год.*);
- Средба со претставници на Фондацијата за демократија на Вестминстер, г. Емил Атанасовски, г. Дамир Незири и г-ѓа Ивана Петкуќеска (*26 мај 2017 год.*).
- 

**ЈУНИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, г. Вилем Ваутер Пломп (*6 јуни 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод годишнината од роденденот на Кралицата Елизабета II, Музеј на современа уметност (*8 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Република Хрватска во Република Македонија, г-ѓа Данијела Баришиќ *(12 јуни 2017 год.);*
- Средба со вршителот на работи на Украина во Република Македонија, г. Ротислав Палагусинец (*13 јуни 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод влез на Црна Гора во НАТО, ресторан Воденица *(13 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Италија во Република Македонија, г. Карло Ромео (*16 јуни 2017 год.);*
- Средба со г. Роберт Питинџер, Американски конгресмен *(18 јуни 2017 год.);*

- Средба со г-ѓа Инара Мурниеце, спикер на Парламентот на Република Латвија (*18 јуни 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Национален ден на Хрватска, хотел Александар Палас *(20 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на СР Германија во Република Македонија, Н.Е. г-ѓа Кристине Алтхаузер (*21 јуни 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Ден на Државноста на Република Словенија и 25 годишнината од дипломатските односи меѓу Република Словенија и Република Македонија, во Македонска опера и балет (*22 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Република Полска во Република Македонија, Н.Е. г. Јацек Мултановски (*23 јуни 2017 год.);*
- Средба со министерот за надворешни работи на Кралството Норвешка, Н.Е. Борге Бренде (*23 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Јапонија во Република Македонија, Н.Е. г - ѓа Кеико Ханеда (*27 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Шпанија во Република Македонија, Н.Е. г. Рамон Абароа Каранза (*27 јуни 2017 год.*);
- Средба со амбасадорот на Република Грција во Република Македонија, Н.Е. г. Димитрис Јанакакис (*29 јуни 2017 год);*
- Присуство на прием по повод 241. годишнина од независноста на Соединетите Американски Држави, Амбасада на САД (*29 јуни 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Република Романија во Република Македонија, г. Виорел Станила (*30 јуни 2017 год.).*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Учество на Осмиот парламентарен безбедносен форум во Рига, Република Латвија (*18-20 јуни 2017 год.*);
- Средба со директорката на Директоратот за проширување, надлежен за Западен Балкан на Европската Комисија, г-ѓа Геновева Руиз Калавера (*27 јуни 2017 год.*);

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Интервју за Канал 77 (*10 јуни 2017 год.*)
- Присуство на церемонија за инаугурација на џамијата во село Дебреше, Гостивар *(11 јуни 2017 год.*)
- Домаќин на Ифтарска вечера за пратеници ( *14 јуни 2017 год.*)
- Присуство на Традиционална Ифтарска вечера организирана од Халкбанк, Буши Ресорт (*15 јуни 2017 год.);*
- Присуство на Ифтарска вечера приредена од страна на поглаварот на Исламската верска заедница Реис ул Улема Х. Сулејман еф. Реџепи, Буши Ресорт (*20 јуни 2017 год.*).
- Обраќање на Парламентарниот безбедносен форум, Рига, Латвија (*21 јуни 2017 год.*);
- Обраќање на Тркалезната маса на тема: „Собранието и граѓанските организации" (*21 јуни 2017 год*);
- Обраќање на настан по повод заштита на Охридскиот регион, НВО "Фронт 21-42„ (*21 јуни 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Рамазан Бајрам „Баклавата на Бајрам", Александар Палас (*21 јуни 2017 год.*);
- Свечено отворање на уметничка колонија Гостивар 2017 година (*27 јуни 2017 год.*);

- Обраќање на Конференција посветена на зајакнувањето и улогата на Собранието на Република Македонија. IDSCS - Институт за Демократија Социетас Цивилис; Civica Mobilitas (*28 јуни 2017 год.);*
- Присуство на Свечена прослава по повод одбележувањето на Денот на општина Гостивар (*29 јуни 2017 год.*);
- Средба со европскиот експерт Питер Ванхојте, претседателот на здружението на новинари Насер Селмани и новинарот Драган Секуловски (*30 јуни 2017 год.*).

**ЈУЛИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Официјална посета на Црна Гора (*2-4 јули 2017 год);*
- Средба со Претседателот на Црна Гора, г. Филип Вујановиќ *(3 јули 2017 год.);*
- Средба со потпретседателот на Владата на Црна Гора за политички систем и министер за правда, г. Зоран Пажин (*3 јули 2017 год.);*
- Средба со министер за човекови и малцински права, г. Мехмед Зенка (*3 јули 2017 год.);*
- Средба со градоначалникот на Улцињ и претставници од Општината, г. Назиф Цунгу (*4 јули 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на исламска Република Иран во Република Македонија, г. Хосеин Карими (*6 јули 2017 год.);*
- Присуство на прошталнен прием за Амбасадорката на Република Германија г-ѓа Кристине Алтхаузер во Република Македонија, Холандска Резиденција (*7 јули 2017 год.);*
- Средба со министерката за надворешни работи на Австралија, Н.Е. г-ѓа Џули Бишоп (*11 јули 2017 год.);*
- Домаќин на вечера во чест на министерката за надворешни работи на Австралија, Н.Е. г-ѓа Џули Бишоп, ресторан Балканика *(11 јули 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Босна и Херцеговина во Република Македонија, г-ѓа Лепа Бабиќ (*12 јули 2017 год.);*
- Прием по повод Националниот празник на Француската Република, комплекс „Македонско село" (*14 јули 2017 год.);*
- Средба со амбасадорката на Швајцарската Конфедерација во Република Македонија, г-ѓа Сибил Зутер Техада (*18 јули 2017 год.);*
- Средба со амбасадорот на Чешка Република во Република Македонија, Н.Е. г. Мирослав Ранеш (*19 јули 2017 год.*);
- Присуство на прием по повод независноста на Израел *(19 јули 2017 година);*
- Средба со вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Финска во Република Македонија, г. Перти Иконен (*20 јули 2017 год);*
- Присуство на прием по повод заминувањето на амбасадорот на Шпанија, резиденција на амбасадорот *(20 јули 2017 год.);*
- Средба со вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Азербејџан во Република Македонија, Н.Е. г. Фаик Багиров (*25 јули 2017 год.*);
- Средба со министерот за образование на Република Косово, г. Арсим Бајрами (*27 јули 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Националниот ден на Швајцарија, Резиденција на амбасадорот *( 27 јули 2017 год.)*.

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со претставникот на УНИЦЕФ во Скопје, г. Бенџамин Перкс (*13 јули 2017 год.*);
- Средба со помошник Генерален секретар на НАТО за јавна дипломатија, г. Тачан Илден (*19 јули 2017 год.).*

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Обраќање на отворањето на 56. Балкански Фестивал на Народни Песни и Игри, Центар за култура, Охрид (*6 јули 2017 год.);*
- Обраќање на Фестивал на народни инструменти и песни "Пеце Атанасовски„ (*7 јули 2017 год.)*
- Учество на свеченост по повод финалето на Супер купот на УЕФА (*7 јули 2017 год.*)
- Средба со ректорот на Тетовскиот Универзитет г. Вулнет Амети (*7 јули 2017 год.)*
- Присуство на премиера на претставата „Г" (*12 јули 2017 год.*).
- Обраќање на Комисијата за европски прашања (*14 јули 2017 год.*).
- Присуство на прием по повод избор на нов генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова (*17 јули 2017 год.*)
- Обраќање на Регионална тркалезна маса за презентирање на истражувањето за отвореноста и транспарентноста на Парламентите од Западен Балкан (*19 Јули 2017 год.*)
- Интервју за МИА (*21 јули 2017 год*).
- Интервју за Канал 5 (*21 јули 2017 год.*)
- Обраќање до јавноста по повод сто дена од изборот за претседател на Собранието на Република Македонија (*27 јули 2017 год.*)

**АВГУСТ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Работна средба со амбасадорот на Обединетото Кралство, Н.Е. г. Чарлс Гарет (*1 август 2017 год.);*
- Средба со претседателот на Владата на Република Бугарија, г. Бојко Борисов (*1 август 2017 год.*);
- Домаќин на ручек во чест на претседателот на Владата на Република Бугарија, г. Бојко Борисов, ресторан Воденица (*1 август 2017 год.*);
- Средба со претседателот на 44. Народно Собрание на Република Бугарија, г. Димитар Главчев (*8 август 2017 год.);*
- Присуство на прием во чест на високиот претставник на УСАИД, резиденција на амбасадорот на САД (*30 август 2017 год.).*
- Средба со министерот за надворешни работи на Република Грција, г. Никос Коѕиас (*31 август 2017 год.);*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со пратеници од Европски парламент: г. Иво Вајгл, г. Кнут Флекенштајн и г. Едуард Кукан (*31 август 2017 год.).*

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Носител на настаните по повод одбележување на Денот на Републиката, Крушево (1 - *2 август 2017 год.);*
- Обраќање по повод 2 Август, Ден на Републиката, Крушево (*2 август 2017 год.);*
- Распишување на локални избори (*6 август 2017 год.);*

- Изјава по повод распишување на локалните избори (*6 август 2017 год.);*
- Присуство на Официјална Гала вечера по повод финалето на УЕФА Суперкуп 2017, Музеј на Македонската борба *(7 август 2017 год.);*
- Обраќање по повод 16 години од Охридскиот рамковен договор (*13 август 2017 год.)*;
- Интервју за Плус Инфо (*16 август 2017 год.);*
- Присуство на свечено отворање на галеријата во чест на 25 - годишнината на македонската армија, Музеј на Македонија *(17 август 2017 год.);*
- Интервју во ТВ 21 за емисијата *10 минути (17 август 2017 год.);*
- Средба со студенти од Летната школа на Косовско – канадска фондација „ТБГ" *(18 август 2017 год.);*
- Централна свеченост по повод 18 август, Денот на АРМ. (*18 август 2017 год.)*
- Интервју за телевизија Телма (*18 август 2017 год.);*
- Присуство на затворањето на 37. издание на Охридско лето *(20 август 2017 год.);*
- Интервју за Albanian Daily News (*26 август 2017 год.).*
- Средба со претставници од невладината организација ХЕРА (29 август 2017 год.);
- Средба со претставници од Национален младински совет (30 август 2017 год.);
- Средба со претставници од граѓанската асоцијација МОСТ (30 август 2017 год.);

**СЕПТЕМВРИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Присуство на прием по повод независноста на Украина, Вила Ина (*4 септември 2017 год.)*;
- Средба со вонредниот и ополномоштен амбасадор на Мексико во Република Македонија, Н.Е. г. Марко Антонио Гарсија Бланко (*6 септември 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод отворањето на Амбасада на Јапонија во Република Македонија, хотел Мериот *(6 септември 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Националниот ден на Словачка, хотел Стоунбриџ (*6 септември 2017 год.);*
- Средба со државниот министер за надворешни работи на Јапонија, Н.Е. г. Казујуки Накане (*7 септември 2017 год.);*
- Средба во рамките на официјалната посета на претседателот на Државниот Збор на Република Словенија, Н.Е. д-р Милан Брглез (*12 септември 2017 год.);*
- Домаќин на ручек во чест на претседателот на Државниот Збор на Република Словенија, д-р Милан Брглез (*12 септември 2017 год.);*
- Присуство на крводарителска акција, Амбасада на САД (12 септември 2017 год.);
- Средба со Делегацијата на Националната гарда на Вермонт, предводена од генерал-мајорот Стивен Креј (*14 септември 2017 год.)*;
- Присуство на прием по повод одбележувањето на 10 годишнината од формирањето на британската бизнис група во Македонија, хотел Мериот (*19 септември 2017 год.)*
- Средба со новоименуваниот, вонреден и ополномоштен амбасадор на СР Германија во Република Македонија, Н.Е. г. Томас Норберт Герберих (*20 септември 2017 год.);*
- Средба со делегацијата на Комисијата за меѓународни односи на Домот на лордовите во Парламентот на Обединетото Кралство, Лордот Брус Грокот и Баронесата Џин Кусинс (*21 септември 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Националниот ден на Кинеската Народна Република, во хотел Александар Палас (*27 септември 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод националниот ден на Република Молдавија, ресторан Воденица (*27 септември 2017 год.*);
- Присуство на Литературна манифестација по повод одбележување на Меѓународен ден на Бошњаците, во хотел Стоунбриџ (*28 септември 2017 год.);*

- Средба со поранешниот претседател на 62, 63 и 64. Влада на Република Турција и пратеник од Конја, проф. д-р Ахмет Давутоглу (*29 септември 2017 год.);*
- Средба со поранешниот градоначалник на Општина "Вакарико Албанезе" во областа Калабрија, и почесен Конзул на Албанија во Италија (*29 септември 2017 год.).*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со Делегација на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори, предводена од г-ѓа Одри Гловер, шеф на мисијата на ОДИХР во Македонија (*22 септември 2017 год.);*
- Учество на Меѓународна научна конференција организирана од Федерацијата за универзален мир (Европа), во партнерство со Меѓународната асоцијација на пратеници за мир (ECOSOC), Приштина, Косово (*23- 24 септември 2017 год.*);
- Доделена плакета Амбасадор за мир од страна на Федерацијата за универзален мир (Европа) ( *23 септември 2017 год.*).

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Учество на отворањето на изложбата „Од традиција“ на сликарот Решат Амети (*3 септември 2017 год.);*
- Поздравно обраќање на Конференција организирана од Институтот за безбедност, Хотел Инекс Горица, Охрид *(5 септември 2017 год.);*
- Учество на церемонијата на осветувањето на катедралата "Мајка Тереза", во Приштина, Косово (*5 септември 2017 год.);*
- Интервју за РТК, (*6 септември 2017 год)*
- Поздравно обраќање на конститутивна седница на Интерпартиска парламентарната група за правата на лицата со хендикеп. (*6 септември 2017 год.)*
- Претседавање со Првата седница на Комитетот за односи меѓу заедниците, (*7 Септември 2017 год.)*
- Домаќин на прием по повод 8. Септември - Денот на независноста на Република Македонија (*7 Септември 2017 год.);*
- Учество на централната прослава по повод 8. Септември - Денот на независноста на Република Македонија (*7 Септември 2017 год.);*
- Интервју за Топ тема на ваша страна, во рамките на емисијата Жешко столче (*8 септември 2017);*
- Поздравно обраќање за време на формирањето на Клубот за младински прашања и политики во рамки на Собранието на Република Македонија (*14 септември 2017 год.);*
- Изјава за медиуми по повод потпишување на Меморандум за соработка со Вестминстер фондацијата за демократија и Министерството за надворешни работи и Комонвелт на Британија (*15 септември 2017 год.);*
- Обраќање по повод одбележување на 15 септември - Меѓународниот ден на демократијата (*15 септември 2017 год.);*
- Претседавање со конститутивната седница на секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (*18 септември 2017 год.);*
- Присуство на промоција на книга на г. Стојан Андов, поранешен претседател на Собрание на РМ, Кинотека на Македонија *(19 септември 2017 год.);*
- Присуство на прием „70 години на Макпетрол“, хотел Холидеј ин *(20 септември 2017 год.);*

- Давање свечена изјава на г-ѓа Ермира Асани Салија, член на Државна изборна комисија (*21 септември 2017 год.);*
- Давање на свечена изјава на д-р Анита Ангеловска Бежоска, вицегувернер на Народна банка на Република Македонија (*21 септември 2017 год.);*
- Обраќање на конференција на тема: „Култура и мир на Балканот - улогата на пратениците", Приштина, Косово *(23 септември 2017 год.);*
- Обраќање на свеченото отворање на зградата на исламската гимназија - "Иса Беу" во Гостивар (*27 септември 2017 год.)*
- Поздравно обраќање на дебатата за "Политичкото учество на лицата со попреченост„ - ИППГ(*28 септември 2017 год.).*

## ОКТОМВРИ

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери

- Средба со амбасадорот на Република Куба, Н.Е. Педро Пабло Сан Хорхе Родригез (*3 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод свеченото отворање на конзулатот на Кралството Мароко во Република Македонија, винарија Камник (*3 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод по повод Денот на обединувањето на Сојузна Република Германија, хотел Александар Палас (*3 октомври 2017 год.)*
- Средба со Министерот за Надворешни Работи на Големото Војводство Луксембург, Н.Е. Жан Аселборн (*4 октомври 2017 год.);*
- Прошталнa средба со Словачкиот амбасадор, Н.Е. г. Мартин Безак (*12 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод Национален ден на Малта, хотел Континентал *(13 октомври 2017 год.);*
- Средба претседателот на Консултативниот совет на Оман, со Н.Е. г. Халид Ал-Маавали, Санкт Петербург (*17 октомври 2017 год.);*
- Средба со претседателот на Сенатот на Мексико, Н.Е. г. Ернесто Кордеро Аројо, Санкт Петербург *(17 октомври 2017 год.)*
- Средба претседателот на Сенатот на Холандија, со Н.Е. г-ѓа Анкие Брокерс Кнол, Санкт Петербург (*17 октомври 2017 год.)*
- Присуство на прием по повод Националниот ден на Унгарија, хотел Мериот *(20 октомври 2017);*
- Средба со заменикот на претседателот на Владата и министер за надворешни работи на Република Косово, г. Беџет Пацоли (*25 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод повторното отворање на канцеларијата на военото аташе на Р. Романија, Хотел Александар Палас *(25 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод 100 години независност на Финска, во Даут - пашин амам (*25 октомври 2017 год.);*
- Средба со претседателот на Парламентот на Унгарија, Н.Е. г. Ласло Ковер, Будимпешта (*27 октомври 2017 год);*
- Средба со претседателот на Парламентот на Република Албанија, Н.Е. г. Грамоз Ручи , Будимпешта (*27 октомври 2017 год.);*
- Средба со претседател на Парламентот на Црна Гора, Н.Е. г. Иван Брајовиќ, Будимпешта (*27 октомври 2017 год.);*
- Средба со претседателката на Парламентот на Република Србија, Н.Е. г-ѓа Маја Гојковиќ, Будимпешта (*27 октомври 2017 год.);*
- Средба со, претседател на Парламентот на Република Косово, Н.Е. г. Кадри Веселин, Будимпешта (*27 октомври 2017 год.*);
- Присуство на прием по повод Ден на Републиката на Република Турција, хотел Александар Палас (*30 октомври 2017 год.);*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со претставници на НДИ, г. Кен Волак, претседател на Американскиот национален демократски институт, г. Роберт Бенџамин, регионален директор на НДИ од САД за Европа и г. Крис Хеншоу, директор на НДИ за Македонија (*5 октомври 2017 год.*);
- Учество на 137 Собрание на ИПУ во Санкт Петерсбург, Руска Федерација (*16- 19 октомври 2017 год.*);
- Средба со сенаторката г-ѓа Габриела Куевас Барон, кандидат за претседател на Интерпарламентарната унија (*17 октомври 2017 год.*);
- Учество на Осмата конференција на Претседатели на Парламенти на земјите од Западен Балкан во Будимпешта, Унгарија *(27-28 Октомври 2017 год.).*

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Интервју за Журнал ТВ *(2 октомври 2017 год.);*
- Обраќање пред студентите во Универзитетот Фон (*4 октомври 2017 год.);*
- Обраќање на "Балканска Конференција по повод 500-годишнината од Протестантската Реформација, 1517-2017" одржана во Собрание на Република Македонија (*5 октомври 2017 год.);*
- Присуство на одбележување на 50 годишнината од основањето на МАНУ *(9 октомври 2017 год.);*
- Интервју за новинската агенција ITAR - TASS (*10 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод одбележувањето на Петнаесет годишнина од постоење на Централниот регистар на Република Македонија, ресторан Воденица (*10 октомври 2017 год.);*
- Присуство на промоција на книгата "Создавање и развој на заштитата и рехабилитацијата на лицата со попреченост во Република Македонија и отпочнување на дефектолошки студии,, од авторот Љупчо Ајдински *(10 октомври 2017 год);*
- Интервју за австрискиот весник "Wiener Zeitung"(*13 октомври 2017 год.);*
- Присуство на прославата на 15 годишнината на телевизискиот канал News24, Тирана Албанија (23 октомври 2017 год.);
- Поздравно обраќање на Научната конференција за аерозагадувањето, Центар за истражување и информирање за животна средина "Еко свест", Универзитет на ЈИЕ, Тетово (*30 октомври 2017 год.)*

**НОЕМВРИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со амбасадорот на Државата Израел во Република Македонија, Н.Е. г. Дан Ориан (*1 ноември 2017 год.);*
- Средба со градоначалникот на Прешево, г. Шќиприм Арифи (*2 ноември 2017 год.);*
- Средба со новоименуваниот вонреден и ополномоштен амбасадор на Чешката Република во Република Македонија, г. Мирослав Томан *(8 ноември 2017 год.)*
- Средба со министерот за надворешни работи на Црна Гора, г. Срѓан Дармановиќ (*9 ноември 2017 год.);*
- Средба со државниот секретар за надворешни и европски работи на Словачката Република, г. Иван Корчок (*10 ноември 2017 год.);*
- Присуство на прием по повод заминувањето на Словачкиот амбасадор, резиденција на Амбасада на Полска *(10 ноември 2017 год.);*

- Средба со амбасадорот на Аргентинската Република, ополномоштен за Република Македонија, г. Алберто Алфредо Мануел Труеба (*10 ноември 2017 год.);*
- Учество на француско - германската комеморација во чест на помирувањето од 1918, Битола и Прилеп *(11 ноември 2017 год.);*
- Средба со новиот вонреден и ополномоштен амбасадор на Кралството Шпанија во Република Македонија, Н.Е. Емилио Лоренцо Сера (*14 ноември 2017 год.);*
- Средба со Претседателот на Република Албанија, г. Илир Мета (*20 ноември 2017 год.);*
- Средба со Делегација на Пратеничката група за меѓупарламентарни односи со Република Македонија на Врховната Рада на Украина (*21 ноември 2017 год.);*
- Официјална посета на Кралство Шведска (*27 - 28 ноември 2017 година);*
- Средба со градоначалничката на Стокхолм, г-ѓа Ева-Луиз Ерландсон Слорах (*27 ноември 2017 год.)*
- Средба со министерката за надворешни работи на Кралството Шведска, г-ѓа Маргот Валстром (*27 ноември 2017 год.);*
- Аудиенција кај Кралот на Шведска, Неговото Височество Карл XVI Густаф (прва аудиенција на претседател на Собрание по осамостојувањето на Република Македонија) (*27 ноември 2017 год.);*
- Средба со претседателот на шведскиот Риксдаг, Н.Е. г. Урбан Алин (*28 ноември 2017 год.);*
- Средба со директорот за образование во Стокхолмската бизнис школа, г. Јан Ричардсон и деканот на школата, г-ѓа Мариа Фрасли Хенигсон (*28 ноември 2017 год.);*
- Средба со министерот за одбрана на Црна Гора, г. Предраг Бошковиќ (*30 ноември 2017 год.);*
- Средба со В.Д. заменик - помошник секретар за одбрана на САД, г-ѓа Лаура Купер (*30 ноември 2017 год.).*

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со директорот на Одделот за парламентарни и владини програми на Националниот демократски институт (НДИ), г. Скот Хубли (*08 ноември 2017 год.)*;
- Средба со пратеникот на Европскиот парламент, г. Иво Вајгл (*09 ноември 2017 год.);*
- Заедничка изјава за медиуми со пратеникот на Европскиот парламент, г. Иво Вајгл (*10 ноември 2017 год.)*
- Средба со новиот генерален секретар на ОБСЕ, г. Томас Гремингер (*14 ноември 2017 год.*);
- Средба со претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, г. Арлем Дезир (*15 ноември 2017 год.);*
- Средба со Еврокомесарот за соседска политика и преговори за проширување, г. Јоханес Хан (*20 ноември 2017 год.);*
- Средба со извршниот директор на Холандската конституенца на Светската банка, г. Френк Хеемскерк (*30 ноември 2017 год.).*

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Присуство на промоцијата на шведските книжевни дела преведени од издавачката куќа „Шкупи“, општина Чаир (*02 ноември 2017 год.);*
- Неформална средба со претставниците на медиумите во Република Македонија (*10 ноември 2017 год.);*
- Обраќање на Регионалната Конференција на мрежата на парламентарни комисии за економија, финансии и евроинтеграции на Западен Балкан (*15 ноември 2017 год.)*
- Интервју за ТВ Дукаѓини (*15 ноември 2017 год.);*
- Ад хок средба со Меѓуресорската група за реформи, координаторите, претседателите, членовите на комисиите и министерот Спасовски (*16 ноември 2017 год.*);

- Обраќање на работната средба на ИППГ на тема “Семејство за секое дете„ (*17 ноември 2017 год.);*
- Интервју во Алсат М за емисијата *360 степени.(17 ноември 2017 год.)*
- Дебата на Топ Тема во рамките на настанот "Дебатна Анкета" организирана од Институтот за европска политика, хотел Континентал (*18 ноември 2017 год.)*
- Присуство на музичка вечер „Музика на семејството Бернадот во Шведска“ организирана од Амбасада на Шведска, МОБ *(18 ноември 2917 год.);*
- Обраќање по повод откривањето на споменикот на Мајка Тереза, Пореч, Хрватска (*23 ноември 2017 година);*
- Обраќање по повод Меѓународниот настан „16 дена активизам против родово насилство“, Собрание на РМ (*24 ноември 2017 год);*
- Присуство на настан на Стопанската комора на Северозападна Македонија (*30 ноември 2017 год.)*

**ДЕКЕМВРИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- Средба со амбасадорот на Унгарија во Република Македонија, г. Ласло Иштван Дукс (*01 декември 2017 год.);*
- Средба со директорот на Канцеларијата за Јужна и Централна Европа во Стејт Департментот, г. Метју Палмер (*06 декември 2017 год.);*
- Средби со конгресмени: Роберт Питинџер, Роберт Адерхолд, Дејв Трот (*7 декември 2017 год.)*
- Средба со конгресмени: Дејвид Прајс и Питер Роскам (*08 декември 2017 год.)*
- Средба со координаторот на ПГ на ГЕРБ во Народното собрание на Република Бугарија, г. Цветан Цветанов (*10 декември 2017 год.)*
- Присуство на прием по повод Националниот ден на државата Катар, во хотел Мериот *(11 декември 2017 год.);*
- Средба со потпретседателката на Република Бугарија, г-ѓа Илијана Јотова (*14 декември 2017 год.);*
- Средба со г. Ванино Кити, претседател на Комисијата за европски политики во Сенатот на Република Италија *(15 декември 2017 год.);*
- Присуство на погребот на Кралот на Романија Михаил Први, Букурешт, Романија. (*16 декември 2017 година)*
- Средба со министерот за надворешни работи и трговија на Унгарија, г. Петер Зијарто *(18 декември 2017 год.)*
- Официјална посета на Албанија *(19-21 декември 2017 год.)*
- Средба со претседателот на Собранието на Република Албанија, Н.Е. г. Грамоз Ручи. (*20 декември 2017 год.*)
- Средба со Претседателот на Република Албанија, Н.Е. г. Илир Мета. ( *20 декември 2017 год*)
- Средба со претседателот на најголемата опозициска партија во Албанија, г. Љуљзим Баша. (*20 декември 2017 год.*)
- Средба со заменик - претседателката на Владата на Република Албанија, г-ѓа Сенида Меси. (*21 декември 2017 год.*)
- Средба со потпретседателот на општина Пустец, г. Андон Јани; со претседателката на советот на округот Корча, г-ѓа Ана Веруши и советниците на општина Пустец. ( *21 декември 2017 год.*)

## Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери

- Учество на Парламентарниот безбедносниот форум во Вашингтон, САД (*4-9 декември 2017 год.*);
- Работна вечера во чест на претседателот на Собранието на Република Македонија - „Напредувањето на Македонија на демократскиот пат: улогата на парламентот“, Вашингтон (*7 декември 2017 год.);*
- Средба со претседателот на ИРИ, г. Даниел Твининг (*10 декември 2017 год.);*
- Средба со претставниците на ОБСЕ / ОДИХР: Тина Куккама - Бах, шеф на Демократско управување и родова единица, ОДИХР; Џакопо Леоне - директор за демократско владеење, ОДИХР; Резарт Мехмеди - Национален програмски офицер, Мисија на ОБСЕ во Скопје (*10 декември 2017 год.);*

## Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери

- Интервју за *Гласот на Америка (8 декември 2017 год.)*
- Обраќање по повод „70 години универзална декларација на правата на човекот: осврт“ (*11 декември 2017 год.)*
- Обраќање на Завршната конференција на Евро-атлантскиот совет на Македонија по повод проектот „Зајакнување на младинскиот дијалог за промоција на демократските процеси во светлината на евроатланските интеграции“ (*13 декември 2017 год.)*
- Интервју на Алсат М за емисијата *„Патот кон...“ (13 декември 2017 год.)*
- Интервју на Top Channel за емисијата *Top Story,( 19 декември 2017 год)*
- Свечена изјава на новоизбраниот државен јавен обвинител, г. Љубомир Јовески (*25 декември 2017 год*)
- Свечена изјава на г. Благе Цветковиќ, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (*26 декември 2017 год.*)
- Посета на Посебното основно училиште - „Иднина“ и на децата на Универзитетската клиника за детски болести, Оддел Онкологија, подарување на новогодишни пакетчиња (*27 декември 2017 год.*)
- Неформална средба со претставниците на медиумите (*28 декември 2017 год.*)
- Традиционална новогодишна средба со пратениците и вработените во Собранието на Република Македонија (*29 декември 2017 год.*)
- Изјава во ТВ 21 за емисијата *Клик Плус (29 декември 2017 год.).*

## 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието. Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.

Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициона партија.

Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.

За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.

Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.

Со почетокот на овој мандат од 30 декември 2016 година сеуште не се избрани потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 мај 2014 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на ПСЈИЕ и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ, и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 јули 2014 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно кооридницање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

**Шеф на Делегацијата:** г. Бетиане Китев
**Членови:** г. Никола Поповски
и г-ѓа Шпреса Хадри
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски,
г-ѓа Фросина Ташевска Ременски
и г. Африм Гаши.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 членови, од кои 318 се членови, а 318 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На Информативниот семинар наменет за секретарите на националните делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 28 и 29 април 2017 г. во Стразбур, Француската Република, учествуваа г-ѓа Марија Стефанова и г-ѓа Ана Качакова, во својство на секретар и ко-секретар на Делегацијата.

Ко-известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите-членки преземени при приемот во Советот на Европа (Мониторинг комисија), г-ѓа Лисе Кристоферсен, пратеник од Норвешка и г. Валериј Гилечи, пратеник од Молдавија во рамките на пост-мониторинг дијалогот беа во дводневна посета на Република Македонија од 30 мај до 1 јуни 2017 година.

Од 26 до 29 јуни 2017 година во Стразбур, Француската Република, се одржа редовната летна сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа. На сесијата учествуваа пратеникот г. Владимир Ѓорчев и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на делегацијата.

На редовниот годишен состанок на секретари на национални делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 15 декември 2017 г. во Париз, Француската Република, учествуваше г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар на Делегацијата.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Владимир Ѓорчев

**Членови:** г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Ејуп Алими

**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски, г.Александар Кирацовски и г. Фадил Зендели

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и

консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На Зимската сесија на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), што се одржа на 23 и 24 февруари 2017 година во Виена, Република Австрија, учествуваше г. Лиман Авдиу, ко-секретар на Делегацијата во ПС на ОБСЕ.

На Работилницата на ПС на ОБСЕ за национални малцинства, што се одржа од 28 до 30 мај 2017 година во Вилах, Република Австрија, учествуваше г. Лиман Авдиу, ко-секретар на Делегацијата во ПС на ОБСЕ.

На 26. годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 5 до 9 јули 2017 година во Минск, Република Белорусија, учествуваше г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата во ПС на ОБСЕ.

На 16. Есенска сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 3 до 5 октомври 2017 година во Андора ла Веја, Андора учествуваше делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, г-ѓа Јагода Шахпаска, член на Делегацијата и г. Фадил Зендели, заменик член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Томислав Тунтев, г. Јован Митревски, г-ѓа Даниела Рангелова, г. Димитар Стеванаџија, г. Африм Гаши и г. Реџаил Исмаили

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува

контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 178 национални парламенти, а 12 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На 137. Собрание на Интерпарламентарната унија, што се одржа од 14 до 18 октомври 2017 година во Санкт Петербург, Руска Федерација, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата во ИПУ, пратениците г. Јован Митрески, г. Реџаиљ Исмаили и г-ѓа Јулиана Николова, членови на Делегацијата, г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, како и г. Илир Селмани, државен советник и шеф на Кабинет на претседателот на Собранието, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во ИПУ и г-ѓа Беса Дрндар, преведувач.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Фадил Зендели
**Членови:** г-ѓа Елизабета Канчевска Милевска и
г-ѓа Мирсада Емини Хасани
**Заменици-членови:** г. Љупчо Димовски, и г. Горан Мисовски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија,

Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

Во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2014 година Делегацијата немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Весел Мемеди
**Заменици-членови:** г. Костадин Костадинов,
г. Емил Димитриев
и г. Африм Гаши

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења.

Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици на членови.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На 94. Рос-Рот семинарот на ПС на НАТО, што се одржа од 21 до 23 март 2017 г. во Сараево, БиХ, и на 96. Рос-Рот семинарот што се одржа од 7 до 9 ноември 2017 г. во Љубљана, Република Словенија учествуваше секретарот на Делегацијата, г-ѓа Ана Качакова.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г.Емил Димитриев
**Членови:**г. Енес Ибраим, г-ѓа Теута Биљали
**Заменици-членови:** г. Чедомир Саздовски, г-ѓа Мира Стојчевска и г. Агим Шаќири

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како сукцесор на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Македонија,

Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (ЕМУНИ, МЕДРЕГ, ПУИЦ, ЦТБТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до оние заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Во текот на еден краток период, ПСМ се етаблира како главен актер во парламентарната дипломатија во регионот и нејзината посветеност на основачките принципи и повелба е загарантирана со континуираната поддршка на сите парламенти кои се нејзини членови. Преку ПСМ, политичкиот дијалог и разбирање меѓу земјите-членки и нивните граѓани континуирано се зајакнува. Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На Регионалниот семинар посветен на евалуацијата на имплементацијата на националните парламенти на Резолуцијата на ОН за тероризмот, која во заедничка организација на ПС на Медитеранот, ИПУ и ОН се одржува во Рим, Италија на 30 и 31 март 2017 година учествуваа секретарот на Делегацијата во Парламентарното собрание на Медитеранот г-ѓа Ана Качакова и секретарот на Делегацијата во Интерпарламентарната унија г-ѓа Билјана Огненовска.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Џеват Адеми
**Членови на Делегацијата:** г. Ферид Мухиќ, г-ѓа Весна Дамчевска Илиевска и г-ѓа Никица Корубин.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 83 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат: четири комисии (за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања), четири регионални собранија (Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа), Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата е основана во јануари 2001 година. Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 18 октомври 2017 година. Секцијата брои 10 членови, Бирото на Секцијата пет членови, а Делегацијата четири членови.

### Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година

На 30. Регионално собрание Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), што се одржа од 24 до 26 октомври 2017 година во Сарајево, Босна и Херцеговина учествуваа: г-ѓа Весна Дамчевска-Илиевска, прв потпретседател

на Секцијата, г. Ферид Мухиќ, потпретседател, г-ѓа Никица Корубин и г-ѓа Татјана Прентовиќ, членови на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и г. Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Талат Џафери
**Членови:** г.Трајко Вељаноски, г.Хари Локвенец, г. Џеват Адеми
**Заменици-членови:** г.Јусуф Хасани, г-ѓа Анета Симоска Димоска, г-ѓа Сурија Рашиди и г. Фадил Зендели

Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарните дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондации.

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сѐ заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година**

На Седниците на Комисијата за економија, инфраструктура и енергија и Комисијата за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка на Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржаа на 17 и 18 март 2017 година во Загреб, Република Хрватска, учествуваше г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На Седницата на Комисијата за социјален развој, образование, наука и истражување на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржа од 20 до 22 април 2017 година во Истанбул и Бурса, Република Турција, учествуваа г-ѓ Емануела Стојкоска, национален координатор и Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На Седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа, што се одржа на 19 и 20 мај 2017 година во Опатија, Република Хрватска, учествуваше г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На Четвртата пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа, што се одржа од 8 до 10 јуни 2017 година во Загреб, Република Хрватска, учествуваше г. Џеват Адеми, пратеник на Собранието на Република Македонија, во својство на В.Д. шеф на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На Седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа, што се одржа на 15 и 16 декември 2017 година во Љубљана, Република Словенија, учествуваше г. Хари Локвенец, член на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија - РМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

### Активности во периодот од 30 декември 2016 година до 31 декември 2017 година

Во овој извештаен период Делегацијата немаше активности.

## 6.2.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

Редовниот годишен состанок на национални координатори во Европскиот парламент се одржа на 3 октомври 2017 г. во Брисел, Кралството Белгија, на кој учествуваше г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, национален координатор во Европскиот парламент.

Во рамките на Програмата за стажирање во Европскиот парламент, која веќе петта година по ред се реализира во организација на Одделението за претпристапни активности, од 25 септември до 31 октомври 2017 г. како стажант од Службата на Собранието на Република Македонија учествуваше Горана Поп-Георгиева, соработник во Кабинетот на претседателот на Собранието.

Редовниот годишен состанок на национални коресподенти на ИПЕКС се одржа на 15 ноември 2017 година во Братислава, Словачката Република, на кој учествуваше г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, национален кореспондент во ИПЕКС.

На студиската посета на Собранието на Република Португалија, организирана во рамките на ТАИЕКС за парламентарен надзор над безбедносните и разузнавачките агенции од 8 до 11 мај 2017 година во Лисабон, од Собранието на Република Македонија, учествуваа службениците г. Слободан Кузмановски, г-ѓа Елена Дановска Златева и г. Петар Митковски.

**Европски парламент**

На Интер-парламентарна конференција:"Транс-европските мрежи и агендата на поврзување", што се одржа на 2 и 3 март 2017 година во Приштина, Република Косово, учествуваа г. Данчо Јаневски, раководител на одделение и г. Илбер Имери, помлад соработник во Комисијата за транспорт, врски и екологија.

На Интерпарламентарната конференција по повод Меѓународниот ден на жената, која се одржа на 8 и 9 март 2017 година во Брисел, Кралство Белгија, учествуваше г-ѓа Габриела Збиљиќ, советник во Комисијата за политички систем од Собранието на Република Македонија.

На Интер-парламентарна конференција "Јавните набавки и улогата на парламентот" што се одржа на 2 и 3 мај 2017 година во Брисел, Кралство Белгија, учествуваа г. Драган Пулевски, помлад соработник во Комисијата за финансирање и буџет и г-ѓа Анета Синадиновска, самостоен референт во Секторот за финансиски прашања на Собранието на Република Македонија.

На Семинарот на високо ниво за "Законодавниот циклус на ЕУ – од законодавна иницијатива до имплементација и мониторинг" кој се одржа од 19 до 21 јуни 2017 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците г. Африм Гаши, г. Бетијан Китев, г-ѓа

Шпреса Хадри, г. Илија Димовски, придружувани од г-ѓа Станислава Чулиќ, советник во Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

На Форумот ЕУ-Западен Балкан кој се организираше на 11 и 12 јули 2017 година во Трст, Република Италија, во рамките на активностите на Европскиот парламент, учествуваше пратеникот г-ѓа Ивана Туфегџиќ од Собранието на Република Македонија.

На Интер-парламентарната конференција "Модерна и независна јавна администрација" која се одржа на 28 и 29 септември 2017 година во Даниловград, Република Црна Гора, учествуваа пратениците г-ѓа Невенка Стаменковска, г. Петар Атанасов, г. Хари Локвенец, придружувани од г. Ристо Илиевски, соработник во Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

На Тркалезната маса на високо ниво за евроинтеграциските процеси во Западен Балкан, која се одржа на 20 и 21 ноември 2017 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците г. Артан Груби, г. Томислав Тунтев, г. Никола Попоски, г. Фадил Зендели, придружувани од г-ѓа Станислава Чулиќ, советник во Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

Во рамки на Програмата за млади парламентарци, на Конференцијата на тема "Премостување на јазот меѓу младинската политика, учеството на младите и парламентарците во Западен Балкан" што се одржа на 20 и 21 ноември 2017 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците г-ѓа Ивана Туфегџиќ, г-ѓа Теута Биљали, г. Агим Шаќири и г. Димитар Стеванаџија.

**ИПС-Парламентарен практикум (Меѓународна парламентарна стипендија на Германскиот Бундестаг)**

Од 20 до 24 февруари 2017 година, избраните ИПС стипендисти за 2017 година Катерина Јакимовска и Владимир Бошњаковски, имаа можност да остварат посета на Собранието на Република Македонија, да се запознаат со неговата работа и функционирање и да се сретнат со генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г. Жарко Денковски. На средбата присуствуваа претставници од Амбасадата на Сојузна Република Германија во Република Македонија.

## 6.3.БИЛАТЕРАЛА

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на г. Бојко Борисов, премиер на Република Бугарија, Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Бугарија на 1 август 2017 г. оствари средба со официјалната делегација од Република Бугарија.

Делегацијата на Пратеничката група на Врховната Рада на Украина за меѓупарламентарни односи со Република Македонија, престојуваше во официјална посета на Република Македонија на 21 и 22 ноември 2017 година, на покана од г. Јован Митрески, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина. Делегацијата ја предводеше г. Андриј Шињкович, претседател на Пратеничката група за меѓупарламентарни односи со Република Македонија, а во нејзин состав беа пратениците г. Михалјо Кобцев и г. Роман Пацола, членови на Пратеничката група, како и г. Јевгениј Лозинскиј, соработник во Врховната Рада на Украина.

Делегација на Групата за соработка со Собранието на Република Македонија во Индонезискиот парламент, престојуваше во официјална посета на Република Македонија на 4 и 5 декември 2017 г.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1.Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2.Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Конститутивна седница на Собранието на Република Македонија **(30 декември 2016 - 30 мај 2017)** |
| Конференција Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание - Обраќање на на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(11 мај 2017)** |
| Ифтар вечера по повод рамазанските пости, приредена од Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(14 јуни 2017)** |
| Јавно предавање на потпишаните картички од граѓаните по повод Кампањата на Еколошкото здружение на граѓани Фронт 21/42 за зачувување на единственото УНЕСКО подрачје во Македонија - Охридскиот регион - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(21 јуни 2017)** |
| Свечено отворање на 56 Балканскиот фестивал на народни песни и игри - Покровител Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(6 јули 2017)** |
| Отворање на регионална тркалезна маса за презентирање на истражувањето на отвореноста и транспарентноста на парламентите нод Западен Балкан - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(19 јули 2017)** |

| |
|---|
| Одбележување на 16 години од Рамковниот договор - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(13 август 2017)** |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија **(7 септември 2017)** |
| Хуманитарна акција во донирање на храна и дарување крв по повод "Денот на службата" за одбележување на трагичните настани од 11 септември 2001 година **(12 септември 2017)** |
| Потпишување на Меморандум за соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Фондацијата за демократија на Вестминстер **(15 септември 2017)** |
| Одбележување на 20 години од Универзалната декларација за демократија на Интерпарламентарната унија и 10 години од прогласувањето на Меѓународен ден на демократијата **(15 септември 2017)** |
| Работилница на тема: " Политичко учество на лицата со попреченост" **(28 септември 2017)** |
| Балканска академска конференција по повод 500 години од протестантската реформација - Покровител Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(од 5 до 7 октомври 2017)** |
| Отворање на Регионалната парламентарна конференција - Зајакнување на легислативниот надзор на парламентите од Западен Балкан - Обраќање на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(15 ноември 2017)** |
| Прием по повод Регионалната парламентарна конференција - Зајакнување на легислативниот надзор на парламентите од Западен Балкан **(15 ноември 2017)** |
| Работилница на Интерпартиската парламентарна група за лицата со посебни способности во соработка со УНИЦЕФ, на тема :" Семејство за секое дете" - Обрашање на Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(17 ноември 2017)** |
| Есенско собрание на Националниот младински совет на Македонија **(од 18 до 19 ноември 2017)** |
| Глобална кампања против насилството врз жените и девојчињата **(24 ноември 2017)** |
| Обука за пратеници и служба на Собранието на Република Македонија во рамките на програмата Партнерство за демократија на американскиот конгрес (ИРИ) **(од 29 ноември до 1 декември 2017)** |
| Годишно обраќање на Н.Е. г. Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија, пред Собранието на Република Македонија **(26 декември 2017)** |
| Традиционален предновогодишен брифинг на претседателот Џафери, со акредитирани новинари **(28 декември 2017)** |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Зоран Заев,** претседател на Владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Радмила Шекеринска Јанковска,** министер за одбрана на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Оливер Спасовски,** министер за внатрешни работи на Република Македонија **(31 мај 2017)** |

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Билен Саљији,** министер за правда на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Никола Димитров,** министер за надворешни работи на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Драган Тевдовски,** министер за финансии на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Крешник Бектеши,** министер за економија на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Љупчо Николовски,** министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Арбен Таравари,** министер за здравство на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска,** министер за образование и наука на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Мила Царовска,** министер за труд и социјална политика на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Сухејл Фазлиу,** министер за локална самоуправа на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Роберт Алаѓозовски,** министер за култура на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Дамјан Манчевски,** министер за информатичко општество и администрација на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Горан Сугарески,** министер за транспорт и врски на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Садула Дураку,** министер за животна средина и просторно планирање на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **проф. д-р Кочо Анѓушев,** министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Бујар Османи,** министер без ресор владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Роберт Поповски,** министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Едмонд Адеми,** министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Хазби Лика**, министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Аднан Ќахил,** министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Самка Ибраимовски,** министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Рамиз Мерко**, министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Зорица Апостолска**, министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **проф. д-р Зоран Шапуриќ**, министер без ресор во владата на Република Македонија **(31 мај 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Беким Максути**, заменик на министерот за одбрана на Република Македонија |
| Свечена изјава на **д-р Агим Нухиу,** заменик на министерот за внатрешни работи на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Оливер Ристовски**, заменик на министерот за правда на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |

| |
|---|
| Свечена изјава на **д-р Арта Точи,** заменик на министерот за надворешни работи на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Ширет Елези**, заменик на министерот за финансии на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Кире Наумов**, заменик на министерот за економија на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Власте Димковиќ,** заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Гоце Чакаровски**, заменик на министерот за здравство на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Висар Ганиу**, заменик на министерот за образование и наука на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **д-р Елми Азири**, заменик на министерот за труд и социјална политика на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Дејан Павлески**, заменик на министерот за локална самоуправа на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| свечена изјава на **г. Владимир Лазовски**, заменик на министерот за култура на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Александар Бајдевски,** заменик на министерот за информатичко општество и администрација на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Ремзи Мехмеди,** заменик на министерот за транспорт и врски на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **м-р Јани Макрадули**, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање на Република Македонија **(22 јуни 2017)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Ермира Асани Салија**, член на Државната изборна комисија **(21 септември 2017)** |
| Свечена изјава на **г-ѓа Анита Ангеловска-Бежоска**, член на Државната изборна комисија **(21 септември 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Венко Филипче**, министер за здравство на Република Македонија **(25 декември 2017)** |
| Свечена изјава на **г Љубомир Јовески**, јавен обвинител на Република Македонија **(25 декември 2017)** |
| свечена изјава на **г. Арбер Адеми**, заменик министер за образование и наука на Република Македонија **(25 декември 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Благе Цветковиќ,** заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија **(26 декември 2017)** |
| Свечена изјава на **г. Аксел Ахмедовски**, министер без ресор во Владата на Република Македонија **(28 декември 2017)** |

## 7.4. Доделување државни награди

| |
|---|
| Доделување на Државна награда "Мајка Тереза" **(26 август 2017)** |
| Доделување на Државна награда "8 септември" во Кристална сала во Собранието на Република Македонија **(7 септември 2017)** |
| Доделување на Државна награда "11 Октомври" **(11 октомври 2017)** |
| Доделување на Државна награда "Свети Климент Охридски" **(8 декември 2017)** |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во периодот јануари - декември 2017 година, Собранискиот канал/ МТВ изврши вкупно 101 директни преноси на пленарни седници на Собранието на Република Македонија, со вкупно времетраење од 18.002 минути.

Што се однесува до седниците на комисиите, комитетите, советите, надзорните расправи и другите работни тела, истите беа одложено пренесувани до гледачите на Собранискиот канал.

- Така, Комисијата за финансирање и буџет одржала 14 седници со вкупно времетраење од 4.423 минути;
- Седници на Законодавно - правната комисија биле вкупно 36, или, изразено во минути 922;
- Комисијата за транспорт, врски и екологија, во наведениот период одржала 10 седници во времетраење од 1.090 минути;
- Вкупно 3 седници одржала Комисијата за економски прашања, или, 404 минути;
- Комисијата за европски прашања заседавала 11 пати во времетраење од 1.239 минути;
- Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржала 22 седници со вкупно времетраење од 2.025 минути;
- Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, во наведениот период имала 4 седници кои биле емитувани во вкупно времетраење од 112 минути;
- Комисијата за образование, наука и спорт одржала 8 седници во времетраење од 628 минути;
- Комисијата за надворешна политика одржала 5 седници во времетраење од 220 минути;
- Комисијата за одбрана и безбедност се состанала вкупно 9 пати и расправала 161 минута;
- Комисијата за деловнички и мандатно- имунитетни прашања се состанала 4 пати, во времетраење од 30 минути;
- Комисијата за здравство одржала 8 седници во времетраење од 451 минути;
- Комисијата за прашања на изборите и именувањата одржала 13 седници во времетраење од 236 минути;
- Националниот совет за евроинтеграции, во наведениот период се состанал еднаш, а седницата траела вкупно 76 минути;
- Дваесет и пет седници одржала Комисијата за труд и социјална политика во времетраење од 2.152 минути;

- Комисијата за надзор над работата на УБК и Агенцијата за разузнавање одржала 2 седници во траење од 34 минути;
- Комисија за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на МВР, УФП, ЦУ И МО одржала 2 седници во времетраење од 47 минути;
- Комисијата за култура вкупно заседавала 10 пати со време од 420 минути;
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се состанала 3 пати во времетраење од 256 минути;
- Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржала 3 седници во времетраење од 217 минути;
- Комисија за труд и социјална политика и Комисија за еднакви можности на жените и мажите одржале една заедничка седница во времетрање од 209 минути;
- Клуб на жени пратенички одржал една седница во времетраење од 84 минути;
- Комитетот за односи меѓу заедниците се состанал еднаш, во времетраење од 17 минути и
- Верификационата комисија заседавала два пати во времетраење од 7 минути.

**На Собранискиот сервис во 2017 год се емитувани и следниве активности:**

**Септември**

1.Снимка доделување на Државната награда "8-ми Септември" во траење од 22 минути;

2.Работилница - Политичко учество на лицата со попреченост во траење од 126 минути;

3. Манифестација "Ден на демократијата" во траење од 36 минути.

**Октомври**

1.Снимка од доделување на Државната награда ,,11-ти Октомври" во траење од 30 минути.

**Ноември**

1. Работна средба ИППГ-семејство за секое дете во траење од 106 минути.

**Декември**

1.Снимка доделување на Државната награда "Свети Климент Охридски " во траење од 30 минути;

Вкупното времетраење на снимките на овие содржини емитувани на Собранискиот канал во 2017 год изнесува 322 минути.

**2. Бесплатно претставување на активностите од изборните кампањи на учесниците на локалните избори 2017**

Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија согласно член 76а став 8 од Изборниот законик има обврска на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа да обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија.

Во однос на користењето на трите часа односно на едниот час, учесниците во кампањата можат да одлучат да доставаат снимен материјал од активностите за спроведување на изборна кампања или своето време може да го искористат и за директно обраќање од студио.

**Реализирано бесплатно претставување за првиот круг на локалните Избори 2017**

| | 25.09 | 26.09 | 27.09 | 28.09 | 29.09 | 30.10 | 01.10 | 02.10 | 03.10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција -ВМРО ДПМНЕ | 29.20 | 27.07 | 29.45 | 28.00 | 25.21 | 25.21 | 25.21 | 28.37 | 29.47 |
| Група избирачи - Љупчо Настоски Општина Охрид | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 |
| Група избирачи - БранкоЈовановски Општина Мак. брод | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Борис Давидов Општина Кавадарци | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Ќирчо Ташков Општина Битола | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 |
| Народно движење за Македонија - Ѓорѓи Тодоров | | 00.46 | 00.46 | | | | | | |
| Левица | | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 |
| Група избирачи - Ѓорѓи Ајтов ОпштинаНеготино | | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 |
| Група избирачи- Сашо Николов Општина Неготино | | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 |
| Група избирачи- Савчо Стојчовски ОпштинаПробиштип | | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Народно движење за Македонија - Насто Палиоски | | | | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 |
| Група избирачи-Стојан Манолев Општина Валандово | | | | | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 |
| Група избирачи-Стевчо Стевоски Општина Охрид | | | | | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Ристо Сакалиев ОпштинаКавадарци | | | | | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 |
| Група избирачи-Горан Стоилковски ОпштинаПробиштип | | | | | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 |
| Коалиција - СДСМ | | | | | | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 |
| Група избирачи-Јорго Огненовски Општина Битола | | | | | | | 00.47 | 00.47 | 00.47 |
| Социјалдемократска партија на Македонија - Методи Јованоски | | | | | | | | 00.21 | 00.21 |
| Трајно македонско радикално обединување - Ванчо Шехтански | | | | | | | | | 00.50 |

| | 04.10 | 05.10 | 06.10 | 07.10 | 08.10 | 09.10 | 10.10 | 11.10 | 12.10 | 13.10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција -ВМРО ДПМНЕ | 28.30 | 27.53 | 29.55 | 27.53 | 28.30 | 27.07 | 27.07 | 27.07 | 27.07 | 27.07 |
| Група избирачи - Љупчо Настоски Општина Охрид | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 |
| Група избирачи - БранкоЈовановски Општина Мак. брод | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Борис Давидов Општина Кавадарци | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.47 |
| Група избирачи - Ќирчо Ташков Општина Битола | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 |
| Левица | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 | 00.40 |
| Група избирачи - Ѓорѓи Ајтов ОпштинаНеготино | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 | 00.48 |
| Група избирачи-Сашо Николов Општина Неготино | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 |
| Група избирачи-Савчо Стојчовски Општина Пробиштип | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 | 00.39 |
| Народно движење за Македонија - Насто Палиоски | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 | 00.42 | | | 00.42 | |
| Група избирачи-Стојан Манолев Општина Валандово | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 | 00.45 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Група избирачи- Стевчо Стевоски Општина Охрид | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Ристо Сакалиев ОпштинаКавадарци | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 | 00.49 |
| Група избирачи- Горан Стоилковски ОпштинаПробиштип | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 | 00.50 |
| Коалиција - СДСМ | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 | 29.55 |
| Група избирачи- Јорго Огненовски Општина Битола | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 | 00.47 |
| Социјалдемократска партија на Македонија - Методи Јованоски | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 | 00.21 |
| Трајно македонско радикално обединување - Ванчо Шехтански | 00.50 | | | | 00.50 | | | | 00.50 | |
| Група избирачи - Даниел Огненоски Општина Дебарца | | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Група избирачи - Јадранка Бибан Општина Дебарца | | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 | 00.43 |
| Трајно македонско радикално обединување - Верица Арсова | | 00.49 | | | | 00.49 | | | | 00.49 |
| Трајно македонско радикално обединување - Здравко Бошков | | | 00.48 | | | | 00.48 | | | |
| Трајно македонско радикално обединување - Бојан Ѓорѓиески | | | | 00.50 | | | | 00.50 | | |
| Народно движење за Македонија - Исмаил Бојда | | | | | | | 00.46 | 00.46 | | |
| Народно движење за Македонија - Стојан Блажевски | | | | | | | | | | 00.49 |

**Реализирано бесплатно претставување за вториот круг на локалните Избори 2017**

| | 20.10 | 21.10 | 22.10 | 23.10 | 24.10 | 25.10 | 26.10 | 27.10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Коалиција - ВМРО ДПМНЕ | 24.37 | 24.37 | 24.37 | 24.37 | 24.10 | 24.10 | 24.10 | 24.10 |
| Коалиција - СДСМ | 29.50 | 29.50 | 29.50 | 29.50 | 29.50 | 29.50 | 29.50 | 29.50 |

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент.

Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали
    - креирање на материјал
    - прием и архивирање на материјал
    - известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
    - Закажување на седници
    - Водење на седниците
    - Додавање на заклучоци
    - Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
    - Закажување на седници
    - Водење на седниците
    - Додавање на заклучоци
    - Додавање на извештаи
    - Додавање на стенограми
    - Додавање на аудио и видео записи
    - Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
    - најави на пратенички прашања
    - додавање на поставени прашања
    - додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка „со хартија" во „без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедуваќи високо ниво на ефикасност, економичност , мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. е-Парламентот дава пристап до богати , контекстуални информации за сите вклучени во парламентарниот процес: пратеници, професионалци , експерти, медиуми и

граѓаните. Овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите, и тоа секому, секаде и на секој уред .




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Над 200 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања, видео и аудио записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Во овој период, во е-Парламент процесирани се над 2 000 материјали со соодветните придружни документи.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб-локација.



Собранието оваа година доби нов, модерен и современ идентитет преку интернетот како медиум, и тоа сега со прегледност преку сите уреди, на компјутер, таблет, или мобилен телефон. Новиот веб портал на Собранието претставува комплетно ново визуелно онлајн искуство за корисниците.

Бројот на корисници на паметни телефони и таблети рапидно расте, како и времето што корисниците го трошат во прелистување на веб страници преку овие уреди. Собранието им овозможува со новиот портал индивидуален пристап на овие корисници и полесно подостапни информации. Страниците на порталот се поврзани и со профилите на Собранието на социјалните мрежи со што е овозможена и комплетна интерактивност со корисниците.

Архитектурата на порталот е внимателно планирана за да се осигура дека потребите на сите целни групи се исполнети и корисниците секогаш може да ги добијат бараните информации. Целата работа на Собранието е презентирана транспарентно на сајтот во 4 јазични верзии, сега во нова навигациска структура која нуди современо и модерно корисничко искуство.

На веб-локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи и заклучоци поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела и записници од собраниските седници.
Веб-локацијата е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните,

електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб-локацијата може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-локацијата на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.



## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.065 претставници на средствата за јавно информирање, од кои 771 новинар, 218 сниматели и 76 лица задолжени за техничка поддршка. Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието („Службен весник на Република Македонија" број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 15 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 89 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 27 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 42 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 37 |
| ТЕЛМА | 42 |
| АЛ САТ | 36 |
| СИТЕЛ | 59 |
| ТВ ЕРА | 12 |
| ТВ АЛФА | 24 |
| ТВ АРТ | 7 |
| НАША ТВ | 9 |
| ТВ СОНЦЕ | 13 |
| ТВ „Е" | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 52 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 5 |
| ТВ 21М | 33 |
| ТВ ШЕЊА | 31 |
| ТВ НОВА | 44 |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 16 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 9 |
| КАНАЛ 77 | 1 |
| РАДИО МОФ | 5 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 16 |
| ВЕЧЕР | 14 |
| КОХА | 8 |
| ЛАЈМ | 9 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 8 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 8 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 15 |
| РЕПУБЛИКА | 4 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 47 |
| МАКФАКС-агенција | 17 |
| ОБСЕ | 36 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| ВЕСТ МК | 4 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| ЗАМАН | 5 |
| КУРИР | 12 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| e REPORTER | 4 |
| ЖУРНАЛ | 6 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| ПЛУСИНФО | 10 |
| А1он | 5 |
| БРИФ | 5 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 4 |
| БИРН | 7 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 5 |
| РЕПОРТЕР.МК | 6 |
| ЦИВИЛ МЕДИА | 7 |
| АКТУЕЛНО | 1 |
| ПРОДУКЦИЈА 360 СТЕПЕНИ | 12 |
| АЛМАКОС | 6 |
| NEWSROOM.MK | 10 |
| ПОСТ.МК, МЕДИА.МК | 25 |
| 24 VAKTI | 3 |
| ЧЛЕН 16 | 7 |
| ИНБОКС 7 | 10 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 15 |
| ANADOLU AGENCY | 9 |
| МЕТА.МК | 5 |

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали, покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање, подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница, потоа до експедиција и до куририте, а воедно, електронски го доставува и до медиумите.

Во периодот од 30.12.2016 година до 31.12.2017 година, Одделението има подготвено и дистрибуирано 151 дневен информатор.

Одделението секојдневно ја ажурира веб-локацијата на Собранието на Република Македонија на четири јазични верзии (македонски, албански, англиски и француски јазик).

Одделението ги објавува собраниските актуелности на www.sobranie.mk во делот активности, соопштенија и ЕУ вести, а тековно објавува и други разни материјали за потребите на собраниската веб-локација.

За сите соопштенија, најави за средби и прес-конференции, Одделението ги информира медиумските куќи и веб-порталите кои се акредитирани во Собранието на Република Македонија.

Одделението ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието на Република Македонија и потоа известува за истите преку веб-локацијата.

Исто така, Одделението ги преработува и Извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-локацијата.

Дневната агенда и сите собраниски активности Одделението ги објавува и на социјалните мрежи Facebook, Twitter, по потреба и видео материјали на Youtube, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9.КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

*Клубот на пратенички во периодот од 30 декември 2016 до 31 декември 2017 година, работеше на работни средби, работилници, обуки, промоции и други активности.*

***Делокруг на работа** на Клубот е унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за еднакви можности, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економија, здравство, образование, безбедност, политички систем; на национално, локално и меѓународно ниво; иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштитата и заштита од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.*

На 6 јули 2017 година, Клубот на пратенички одржа конститутивен состанок на кој за координаторка беше предложена и избрана пратеничката од СДСМ, Ѓулумсер Касапи. Во следниот четиригодишен мандатен период за членки на претседателството беа делегирани и избрани: Лилјана Кузмановска и Емилија Александрова од ВМРО ДПМНЕ, Ирена Стефоска како независна пратеничка, Лилјана Поповска од ДОМ, Соња Мираковска од НСДП, Шпреса Хадри од ДУИ, Теута Биљали од БЕСА, Татјана Прентовиќ и Мери Лазарова од СДСМ, Никица Корубин од ЛДП и Даниела Рангелова од ВМРО ДПМНЕ, по функција како претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија.

На 17 јули 2017 година, Клубот на пратенички одржа работна средба на тема: **"Клуб на пратенички, достигнувања и приоритети".**

На средбата беа доделени благодарници на поранешните координаторки и заменик координаторка на Клубот и на основачите на Клубот на пратенички.

По барање на пратеничката Лилјана Кузмановска, на 24 јули 2017 година се одржа состанок на Претседателството на Клубот на пратенички, на кој беа разгледани конкретни случаи, кои се однесуваат на позицијата и статусот на жената, по однос на работното место.

На 1 август 2017 година Клубот на пратенички преку соопштение до јавноста го осуди дискриминаторскиот однос кон жените - учеснички на Меѓународниот атлетски

маратон во Охрид, на кој наградите за жените натпреварувачки, беа пониски од оние за мажите натпреварувачи.

Клубот на пратенички во соработка со Un Women - Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените и Македонското женско лоби на 21 и 22 септември 2017 година, организираа работилница на тема: "**Градиме мостови на разбирање".**

Во периодот непосредно пред предлагањето кандидати за градоначалнички и градоначалници за Локалните избори 2017 г., пратеничките, членки на Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија, во соработка со собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите изработија **Предлог - Декларација за вклучување на повеќе жени градоначалнички во Република Македонија.**

Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во соработка со Националниот демократски институт - НДИ на 6 октомври 2017 година организираше: **"Промоција на кандидатки за градоначалнички во Република Македонија".**

По претставувањето на кандидатките следеше дискусија во која учествуваа повеќе актуелни пратенички, кои им дадоа голема поддршка на кандидатките за градоначалнички.

Клубот на пратенички во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше обука на тема "**Зајакнување на капацитетите на Клубот на Пратенички"**

Обуката беше предвидено да се одржи од 1 до 3 декември 2017 година, но истата се одложи.

Клубот на пратенички во дадениот период одржа повеќе средби со меѓународни организации и дипломатски претставници на кои теми на разговор беа поддршката и соработката на Клубот на пратенички.

# 10. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО

## 10.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

- **5 октомври, 2017 година** - Состанок помеѓу Претседателот на Собрание на Република Македонија, Талат Џафери со Претседателот на Националниот Демократски Институт, Кен Волак, во врска со долгогодишната соработа помеѓу двете институции.

**ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

- **31 јануари 2017 година -** тематски брифинг за граѓанската иницијатива за Заштита на УНЕСКО подрачјето во Република Македонија со пратеници од СДСМ, БЕСА, ДУИ, Алијанса за Албанците и граѓанската организација Фронт 21/42.
- **Февруари 2017 година** - со поддршка на НДИ и граѓанската организација Фронт 21/42 формирана е неформална група на пратеници *Пријатели на УНЕСКО заштитеното подрачје во Македонија*.
- **Февруари и март 2017 година** - Кратки презентации за улогата на Собранието во македонскиот политички систем, одговорностите и улогата на пратениците и процесот на законодавни и надзорни расправи. Учесници: Покана беше доставена до сите пратенички групи, додека обука се одржа за пратеничките групи на СДСМ и БЕСА . Презентацијата за Алијансата за Албанците поради објективни причини беше одложена.
- **Март 2017 година-** средба на пратеници со Ана Галиндо - Мароне, раководител на Одделението за Актот на Хеч (Закон за заштита од штетни политички активности во САД) на американската Канцеларија на Специјаниот Оддел, со цел споделување на искуствата од САД во однос на одвојување на партијата од државата. Учесници: пратениците од Алијансата за Албанците, БЕСА, ВМРО- ДПМНЕ, ДУИ и СДСМ.

- **26 април 2017 година** - тематски брифинг на тема Мрежно мерење во Република Македонија, можности, перспективи, примери Ђ како до почиста енергија со пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ДОМ, БЕСА и невладината организација Аналитика.
- **21 јуни 2017 година** - по повод Денот на Охридското езеро неформалната група на пратеници *Пријатели на УНЕСКО заштитеното подрачје во Македонија* со поддршка на Претседателот на Собранието на Република Македонија и во партнерство со граѓанската организација Фронт 21/42 одржаа јавен настан на кој беа предадени над 8000 картички потпишани од граѓаните до пратениците со апел за одржување на надзорна расправа на законодавството за УНЕСКО заштитеното подрачје.
- **30-31 октомври 2017 година** - НДИ организираше стратешко планирање со Парламентарниот клуб за младински прашања и политики.
- **28 ноември 2017 година, Скопје -** Модерирана дискусија со собраниската служба и организации на граѓанското општество кои работат на проекти со Собранието на Република Македонија за "Ефективни парламентарни процедури и практики" со Сузан Епстин и Валери Хајтсузен од Истражувачката служба на Конгресот на САД.
- **28 ноември 2017 година, Скопје -** Модерирана дискусија со претседатели на собраниски комисии "Подобрување на законодавниот процес преку ефективни парламентарни процедури" со Сузан Епстин и Валери Хајтсузен од Истражувачката служба на Конгресот на САД. Учествуваа претседателите на Комисијата за култура, Комисијата за образование и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.
- **Континуирана** поддршка на претседатели на комисии и советниците на комисиите во контекст на организација на јавни расправи и јакнење на надзорната функција на Собранието.
- **Континуирана** примена на Прирачникот за професионален развој на пратениците. Учесници: пратеници од ЛДП, СДСМ, ДУИ.

## ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ

- **11-12 мај 2017 година, Попова Шапка** - Поддршка на подготовка на План за активности на Парламентарниот институт и Стратегиски план за Парламентарниот институт за периодот 2018-2020.
- **17-18 мај 2017 година, Брисел** - НДИ финансиски поддржа обука за поднесување ИПА проекти за истражувач од Парламентарниот институт. Белгија.
- **6-7 јули 2017 година, Кавадарци** - НДИ ја поддржа правата сесија за подготовката за стратегиски план за Собранието на Република Македонија за периодот од 2018-2020.
- **8-10 ноември 2017 година, Скопје** - НДИ организираше серија на состаноци и работни средби на тема Отворено Владино Партнерство со директорот за демократско владеење на НДИ, Скот Хубли. Оваа активност вклучуваше пратеници, претставници на службата на Собранието, граѓански организации, а целта е да се вклучи Собранието во Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство на Република Македонија.
- **30 ноември до 2 декември 2017 година, Кавадарци** - НДИ ја поддржа втората сесија за подготовката за стратегиски план за Собранието на Република Македонија за периодот од 2018-2020 година.
- **27-29 ноември 2017 година, Скопје** - НДИ организираше семинар за Парламентарниот институт со Сузан Епстин и Валери Хајтсузен од Истражувачката служба на Конгресот на САД. Семинарот се одржа во Собранието и беше посветен на реафирмирање на вредностите на непристрасност, објективност и пристапност на услугите на Парламентарниот институт.

## КОМИСИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО НА КОНГРЕСОТ НА САД

- **11-17 декември 2017 година, Вашингтон, САД -** Со покана од Комисијата за демократско партнерство на конгресот на САД (ХДП), делегација на вработени од Собранието на РМ присуствуваа на студиска посета во

Вашингтон, САД. Темата на студиската посета беше под наслов "Градење на довербата на граѓаните преку подобрена парламентарна комуникација и граѓанско учество" во која покрај делегацијата од Македонија учествуваа и делегации од Грузија, Киргистан и Шри Ланка. Делегацијата од Собранието на РМ ја сочинуваа: Илир Селмани - Шеф на кабинет на претседателот на Собранието на РМ, Бојан Василевски - Кабинет на Генералниот секретар, Слободан Трцков - пратеничка група - ВМРО-ДПМНЕ, и Татјана Поповска - пратеничка група, СДСМ

## ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

- **26-28 ноември 2017 година, Братислава -** Во рамките на регионалната програма на НДИ за Законодавно зајакнување на Западен Балкан се одржа настан за Поддршка од парламентарните служби во законодавството. На настанот учествуваа пратеничките Ивана Туфегџиќ од СДСМ и Ане Лашкоска од ВМРО-ДПМНЕ, како и од службите Сања Богатиновска, советник на Законодавно-правната комисија. Целта на настанот беше да се формираат меѓупартиски, меѓупратенички работни групи кои што ќе работат заеднички на одредени законодавни иницијативи каде што би се поддржале едни со други на регионално ниво.

## КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ

- **28 јуни 2017 година, Скопје** - НДИ ги собра пратеничките од сите политички партии на заедничка средба, со цел да се стимулира и поддржи заедничката соработка.
- **Редовни консултации** со координаторката на Клубот на пратенички во однос на активностите на Клубот.
- **6 октомври 2017 година, Скопје** - НДИ во соработка со Клубот на пратенички организираа Промоција на кандидатки за градоначалнички за Локалните избори 2017.

## . 10.2. Активности на Канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

### Проект „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание"

Граѓанската асоцијација МОСТ го спроведува проектот „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание", чија цел е подобрување на работата на Собранието преку вклучување на граѓаните во информирана дебата за улогата на Собранието и изборните реформи.

Проектот започна да се имплементира во јули 2016 година и ќе се спроведува до март 2018 година. Крајната цел на проектот е придонес кон суштинска дебата за законските решенија, преку вклучување на сите засегнати страни во процесот, што би придонело и кон зголемување на на одговорноста, транспарентноста и продуктивноста на Собранието во иднина.

Во рамките на проектот МОСТ има потпишано меморандум за соработка со Собранието на Република Македонија, со цел поефикасна комуникација и забрзување на процесот на размена на информации.

Дел од активностите предвидени со проектот се собирање и обработка на податоци поврзани со работата на комисиите во Собранието на Република Македонија и придонесот на пратениците, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Собраните податоци се обработуваат и презентираат преку Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието.

Досега се објавени три извештаи, од кои два се однесуваат на работата на сегашниот парламентарен состав.

**Вклучување на Собранието на РМ во Отвореното владино партнерство**

Во периодот од 8 до 10 ноември претставници на Граѓанската асоцијација МОСТ учествуваа на акциското планирање за Отворен парламент, што треба да резултира со формирање на Работна група за Отворено владино партнерство и вклучување на Собранието на Република Македонија во овој процес. Настанот беше организиран во Собранието на РМ, со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка и Националниот демократски институт.

**Работни групи за измени на Деловникот на Собранието на Република Македонија и Законот за Собранието на Република Македонија и подготовка на Кодекс за етичко однесување во Собранието на Република Македонија**

Граѓанската асоцијација МОСТ, заедно со други организации кои ја следат работата на Собранието, е дел од работните групи задолжени за подготовка на измени на Деловникот на Собранието на Република Македонија и Законот за Собранието на Република Македонија, како и подготовка на Кодекс за етичко однесување во Собранието на Република Македонија.

# 11. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието од 12 февруари 2015 година настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *државни советници*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Од конститутивната седница на овој деветти парламентарен состав на 30 декември 2016 година па до изборот на новиот Генерален секретар со службата раководеше* ***г-н Жарко Денковски*** *- дотогашниот генерален секретар.*

*Н осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 јули 2017 година за нов генерален секретар е избрана* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар во моментов има четири заменици и тоа претходно избраните* ***Вјекослав Анѓеловски и Неџбедин Ибраими*** *како и новоизбраните на осмата седница на Собранието на Република Македонија на 25 ноември 2017 година,* ***Маријана Кацарска и Мики Милковски.***

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори во чии рамки има 51 одделение, две посебни организациони единици - одделенија како и една посебна организациона единица - Парламентарен институт.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието,

пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од девет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за јавно информирање, односси со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека со три одделенија, врши работи во врска со информирање на јавноста за работа на Собранието и работните тела, изготвување на статистички материјали поврзани со работата на Собранието и работните тела, се прибираат, чуваат , обработуваат и даваат на користење документациони податоци и материјали за работа на Собранието, набавка и евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за административни работи со пет одделенија врши административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Секторот за подршка на Советот на собраниски канал со две одделенија ги извршува работите на планирање, подготовка и реализација на преносите на седниците на Собранието и работните тела и планирање, развој и имплементација на системот за електронско гласање и говорење.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 11.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да допринесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките превземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2017 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува Стратешки план и Годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Стратешкиот план претставува основен план за развој на Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Македонија, во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварувањето на целите утврдени врз основа на извршената проценка на ризиците за потребите на планирањето на ревизијата, односно ,,Ревизорски универзум". Стратешкиот план му овозможува на Одделението за внатрешна ревизија објективна процена за спроведување на Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија.

Внатрешната ревизија преку извршување на ревизиите со висок квалитет, работејќи со објективна умереност и соодветно дејствување придонесува за подобрување на работењето на институцијата.

Стратешкиот план и Годишниот план ги донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија, по претходно добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2017 година во Одделението за внатрешна ревизија беа планирани четири ревизии и тоа две ревизии на усогласеност (регуларност), една ревизија на оценка на системот на внатрешните контроли и една ревизија на следење на препораките од ревизорските извештаи..

1. Ревизија на усогласеност при употреба на личните податоци на вработените во Собранието на Република Македонија

2 Ревизија на системот на внатрешна контрола при функционирањето на Секторот за информатички и комуникациски технологии во Собранието на Република Македонија.

3. Ревизија на усогласеност при користење на боледувањата на вработените во Службата на Собранието на Република Македонија

4. Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизија за 2016 година

За сите погоренаведени ревизии се изготвуваат конечни ревизорски извештаи на Одделението за внатрешна ревизија.

## 11.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е проучувањето и примената на законските и подзаконските акти за остварување на правата на државните службеници и другите вработени во Службата, во однос на вработувањето, подготвување на стручна и аналитичка обработка на податоци, подготвување на програми, анализи и информации за управување со човечките ресурси, обука и развој на државните службеници, како и мерење на работниот перформас на државните службеници преку годишното оценување.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | помошно Стручни | |
| Генерален секретар и заменици на генерален секретар | 1+4 | - | - | - | - |
| Кабинет на претседателот на Собранието | 7 | 1 | 6 | - | - |
| Сектор на генералниот секретар | 24 | 3 | 17 | 4 | - |
| Државни советници | 8 | 8 | | | - |
| Законодавно правен сектор | 7 | | 6 | 1 | - |
| Сектор за седници на Собранието | 12 | 4 | 7 | 1 | - |
| Сектор за работни тела на Собранието | 43 | 8 | 34 | 1 | - |
| Сектор за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека | 11 | 2 | 9 | | - |
| Сектор за меѓународна соработка на Собранието | 7 | 3 | 4 | | - |
| Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции | 6 | 2 | 4 | | - |
| Сектор за информатички и комуникациски технологии | 17 | 4 | 3 | 10 | - |
| Сектор за финансиски и економски прашања | 13 | 2 | 1 | 10 | - |
| Сектор за преведување | 21 | 4 | 10 | 7 | - |
| Сектор за стручни и административни работи | 72 | 3 | 2 | 36 | 31 |
| Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал | 1 | 1 | - | - | - |
| Посебна организациона единица - Парламентарен институт | 18 | 3 | 15 | - | - |
| Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија | 3 | - | 3 | - | - |
| Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси | 1 | 1 | - | - | - |
| **ВКУПНО:** | **271** | **49** | **121** | **70** | **31** |

Во Службата, заклучно со 31 декември 2017 година има 240 административни службеници и 31 вработен без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 271 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, кој има заменици.

Службата има 49 раководни административни службеници, 121 стручни административни службеници, 70 помошно-стручни административни службеници и 31 вработен без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**Реализирани обуки**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 10 мај до 31 декември 2014 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

***Февруари***

1. Работилница: "Размена на искуства меѓу ИПС стипендистите од Македонија во Германскиот Бундестаг и надворешните соработници (асистентите) во Собранието на Република Македонија", Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија, 16 февруари 2017 година - 16 учесници и
2. Работилница**:** "Стандарди за управување со човечки ресурси, транспарентност на парламентите и календар на активности", Струга, од 23 до 25 февруари 2017 година - 32 учесници.

***Март***

3. Парламентарна конференција: "Агенда на политики и поврзување на транс-европски мрежи", Приштина, Косово, од 2 до 3 март 2017 година - 2 учесници;
4. Работилница: "Безбедност и здравје при работа - фактори, права, обврски и превентивни мерки", Собрание на Република Македонија, 20 март 2017 година- учесници сите вработени во Службата;
5. Работилница: "Проценка и управување со ризиците - изготвување на Регистар на ризици и Стратегија за управување со ризиците", Министерство за финансии, Скопје, 20 март 2017 година - 13 учесници;
6. Регионална конференција: "Законодавни иницијативи и коалицирање во создавање на закони", Прага, од 21 до 23 март 2017 година -1 учесник;
7. Работилница за развивање на алатка за планирање на вработувањата, Скопје, од 7 до 8 март 2017 година -1 учесник.

***Април***

8. Работилница од областа на управување со човечки ресурси: "Селекција и структурирани интервјуа", Парламентарен институт, од 2 до 4 април 2017 година -13 учесници;
9. Конференција: "Сервиси на податоци од општествените науки во Југоисточна Европа (SEEDS) во Македонија", Скопје, 4 април 2017 година - 2 учесници;

10. Работилница: "Доуредување на правната рамка за истражување и анализа", Охрид, од 6 до 8 април 2017 година -12 учесници и
11. Студиска посета на Парламентот на Република Црна Гора - 5 учесници.

***Мај***

12. Конференција на тема: "Јавните набавки и улогата на парламентите" Брисел, Кралството Белгија, од 1 до 3 мај 2017 година - 2 учесници;
13. Работилница: "Буџетска транспарентност и отчетност и улогата на Собранието на Република Македонија", Љубљана,од 2 до 4 мај 2017 година - 3 учесници;
14. ЕЦПРД Семинар на тема: „ Парламентите - легитимитет и новите надзорни инструменти", Лисабон, Португалија, 8 до 10 мај 2017 година-2 учесници;
15. Работилница: "Стратешки план на Парламентарниот институт 2018-2020", Тетово, од 11до12 мај 2017 година - 16 учесници;
16. Користење фондови на ЕУ, Брисел, Кралство Белгија, од 17 до 18 мај 2017 година-1 учесник;
17. Конференција за глобална законодавна отвореност, градење доверба на граѓаните преку отвореност и вклученост, Киев, Украина, од 17 до 21 мај 2017 година - 2 учесници;
18. Завршна конференција на проектот "Граѓанинот на прво место", Скопје, 18 мај 2017 година - 1 учесник;
19. Презентација на препораките и резултатите од Индексот на регионална отвореност за 2016 година и "Поинт конференција", Сараево, од 24 до 28 мај 2017 година -1 учесник;
20. Форум: "Превенција на корупцијата-водство и координација во Македонија", Скопје, 30 мај 2017 година-1 учесник;
21. Работилница за социјална инклузија во проектите поддржани од Швајцарија, Скопје, 30 мај 2017 година -1 учесник и
22. Унапредување на истражувачките услуги во парламентите на земјите од Западен Балкан, Бечичи, Црна Гора, од 31 мај до 2 јуни 2017 година - 3 учесници.

***Јуни***

23. "Библиотеки, истражувачки и документациски служби во парламентите: искуства, трендови и перспективи", Рим, Италија, од 8 до 9 јуни 2017 година - 2 учесници;
24. Годишна конференција: "Буџетска транспарентност и отчетност и улогата на Собранието на Република Македонија", Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија, 16 јуни 2017 година - 11 учесници и
25. Тркалезна маса: "Собранието и граѓанските организации (вклученост, соработка и отворена законодавна власт), Парламентарен институт, Собрание на Република Македонија, 21 јуни 2017 година - 10 учесници.

***Јули***

26. Работилница: "Подготовка на Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија (2018-2020)", Кавадарци, од 6 до 8 јули 2017 година - 27 учесници;
27. Регионална тркалезна маса за презентирање на истражувањето за отвореноста и транспарентноста на парламентите од Западен Балкан, Собрание на Република Македонија, 19 јули 2017 година - 2 учесници и

28. Средба: "Клуб на пратенички - постигнувања и достигнувања“, Собрание на Република Македонија, 20 јули 2017 година - 1 учесник.

***Август***

29. Пред-Конференција на IFLA "Информацијата како темел на општествената солидарност : "Улогата на парламентарните библиотеки и истражувачки служби“, Варшава, Република Полска, од 15 до 18 август 2017 година - 2 учесници.

***Септември***

30. Предизвиците на земјите кандидати и земјите потенцијални кандидати за членство во ЕУ и процесот на пристапување во Европската монетарна унија, Виена, Австрија, од 11 до 15 септември 2017 година - 1 учесник;
31. Обука на тема: "Човекови права и малцинства", Хаг, Холандија, од 13 до 22 септември 2017 година - 2 учесници;
32. "Јавното мислење за полицијата“ - презентација, Скопје, 14 септември 2017 година - 1 учесник;
33. ЕЦПРД Семинар: "Иднината на парламентарните истражувачки служби и библиотеките во една ера на брзи промени: Оптимизирање на квалитетот, услугата, испораката и релевантноста", Брисел, Белгија, од 21 до 22 септември 2017 година - 2 учесници;
34. Швајцарска кооперативност и партнерска работилница, Скопје, 25 септември 2017 година - 1 учесник;
35. Воведна обука за "Професионална етика и интегритет", Собрание на Република Македонија, од 25 до 27 септември 2017 година - 19 учесници и
36. Обука за обучувачи (ТОТ), Скопје, од 28 до 30 септември 2017 година - 6 учесници.

***Октомври***

37. Работилница: "Во потрага по изгубеното јавно мислење: истражувачки проблеми и предизвици", Скопје, 4 октомври 2017 година - 2 учесници;
38. ЕЦПРД Семинар: "Активности на парламентите во однос на прашањата поврзани со финансиските пазари", Атина, Република Грција, од 5 до 6 октомври 2017 година - 2 учесници;
39. ЕЦПРД Годишна конференција на коресподенти, Стразбург, од 18 до 22 октомври 2017 година - 2 учесници;
40. Студиската посета на Германскиот Бундестаг, од 22 до 28 октомври - 7 учесници и
41. Конференција: "Предлог модел за државно финансирање на граѓански организации во Македонија“, Скопје, 27 октомври 2017 година - 2 учесници.

***Ноември***

42. Регионална работилница "Размена на парламентарни комисии", Скопје, од 7 до 8 ноември 2017 година - 2 учесници;
43. Обука: "Обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци", Скопје, 8 ноември 2017 година - 1 учесник;
44. Студиска посета на Швајцарскиот парламент, Берн, Швајцарија, од 14 до 18 ноември 2017 година - 5 учесници;
45. Експертска мисија на претставничките од Конгресната истражувачка служба на САД (CRS), Собрание на Република Македонија, од 27 до 29 ноември 2017 година - 8 учесници;

46. IRI House Democracy Partnership Macedonia Mission "Промовирање на граѓанско учество за подобрување на транспарентост и етика", Собрание на Република Македонија, од 28 до 30 ноември 2017 година - 15 учесници;
47. "Стратешко планирање во Собранието на Р.М. 2018-2020“ (втор дел), Кавадарци, од 30 ноември до 2 декември 2017 година - 28 учесници и
48. Форум на тема: "Унапредување на ефикасноста на Партиципативниот форум и креирање на рамка на идните активности" и на тема: "Подобрување на квалитетот на образованието на јазиците на припадниците на заедниците", Скопје, 16 и 17 ноември 2017 година - 1 учесник.

***Декември***

49. Студиска посета на Парламентот на Кралството Норвешка, Осло, 7 и 8 декември 2017 година - 3 учесници;
50. Работилница на тема: " Пишување и комуникација“, Скопје, 7 декември 2017 - 2 учесници и
51. Состанок на Парламентарниот пленум на Енергетската заедница на тема: "Предизвици за безбедно енергетско снабдување во регионот на Енергетската заедница" и "Енергетска ефикасност и клима", Виена, Австрија, од 18 до 21 декември 2017 година - 1 учесник.

- Часови по француски, германски и албански јазик за Службата на Собранието кои се реализираат во Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија во текот на 2017 година.

Покрај специјализираните обуки, реализирани се и генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на општите компетенции, предвидени во Каталогот на генерички обуки во склоп на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) и системот на Микроучење, и тоа на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Управување со промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавниот сектор;
- Вовед во јавна администрација;
- Антикорупциски мерки и етика во администрацијата;
- Законот за општа управна постапка, и
- Нема погрешна врата.

## 11.1.3 Парламентарен институт

1. **ДОДАВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА ЗАКОНОДАВНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО**

- **Обезбедување на информации, истражувања и анализи**

Парламентарниот институт во извештајниот период обезбедуваше навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и по сопствена иницијатива. Парламентарниот институт одговори на **49 барања** за истражувачки работи од пратеници во 2017 година и 17 истражувачки работи по сопствена иницијатива.

Беа лекторирани и преведени истражувачките работи за **Збирката на истражувачки работи по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт за 2016** година која се објави во 2017 година на македонски, албански и англиски јазик.

Во извештајниот период Секторот за општи анализи и истражувања одговори и на **102 барања кон ЕЦПРД мрежата** и на **18 барања кон други баратели** (истражувачки служби на Парламентите од соседните земји).

Во насока за подобрување на правилата и процедурите, беше изработен **Прирачник за изработка на истражувачка работа на Парламентарниот институт** со кој се опишува постапката на изработка на истражувачки работи, процесот на предистражување, начинот на користење и прикажување на изворите за изработка на истражувачките работи, техничкото уредување на истражувачките работи. Прирачникот е издаден и испечатен на македонски и албански јазик.

Дополнително, Секторот за општи анализи и истражувања изработи и **Насоки за користење на истражувачките услуги на Парламентарниот институт и** кои како дел од секоја истражувачка работа се доставуваат до корисниците на истражувачките услуги (пратениците).

Во функција на вмрежување со истражувачките служби од парламентите во регионот и Европската унија и размена на експертиза, беа договорени активности за **заедничко истражување** со Парламентарниот институт при Долниот дом на Парламентот на Репубика Словенија, при што беше изработена компаративна анлиза за спроведување на регионалната политика (национален и ЕУ пристап) во двете држави.

Во функција на вмрежување со истражувачките служби од парламентите во регионот, во периодот 15-17 јуни 2017 година во Скопје, беше оддржана регионална конференција, во просториите на Парламентарниот институт, на која учестуваа претставници, истражувачи од парламентите на Албанија, Црна Гора, Косово и Словенија, а беа поканети и парламентите на Бугарија, Грција, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Беше изработена заедничка студија на тема "**Буџетска транспарентност и отчетност и улогата на Парламентот**", која на конференцијата беше презентирана. Како трета конференција по ред, присутните се согласија во финалните заклучоци за важноста на соработката; и беше презентирана и студија за можностите за формализирање и проширување на мрежата; и за следни чекори да

се запознаат генералните секретари на парламентите во регионот со цел формирање на регионалната истражувачка мрежа.

На 21 јуни 2017 година во Парламентарниот институт се одржа и тркалезна маса со невладините организации и здруженија на граѓани на тема **„Собранието и граѓанските организации (вклученост, соработка и отворена законодавна власт)„**. Настанот беше отворен со воведно обраќање на претседателот на Собранието г.Талат Џафери. На настанот земаа учество 31 претставник од вкупно 25 граѓански организации.

Во извештајниот период беше одржана и работилница во Тетово, на која беше изработен Планот за активности на Парламентарниот институт за 2018 година и Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 година.

Во 2017 година Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции започна и пишување на заедничка истражувачка работа со ИСППИ (Институтот за социолошки, правни и политиколошки истражувања од Скопје) која се состои од неколку фази, првата предистражувачка фаза заврши во 2017 година, а во 2018 година продолжува истражувачката фаза и финалниот драфт на истражувачката работа.

Во периодот од 27 до 29 ноември истражувачите од Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции присуствуваа на обука која беше организирана од Националниот демократски институт (НДИ) во едукативниот центар на Парламенатрниот институт на Собранието на Република Македонија со двајца истражувачи од Истражувачката служба од Конгресот на САД Валери Хајтсузен и Сузан Епстин кои го споделија своето искуство наразлични теми, а пред се на воспоставените принципи за непристрасност и објективност, односи со клиентите, преговарање на прашањата/барањата, проверка на квалитетот, користење на извори и ресурси во процесот на истражување, методологија на истражување.

Во декември 2017 година тим од истражувачи од Секторот за општи анализи, истражувања и евроинтеграции оствари студиска посета на истражувачката служба на Парламентот на Кралството Норвешка во Осло. Целта на оваа студиска посета е размена на искуства помеѓу двете истражувачки служби: Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија и Секторот за информирање и документација на Норвешкиот парламент.

- **Реализација на Годишниот план за обуки за пратениците, вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во канцелариите за контакти со граѓаните**

По локалните избори, за новоизбраните пратеници Парламетарниот институт одржа **Воведна сесија за пратениците во Собранието на Република Македонија** на тема **Институционални ресурси за пратениците во Собранието на Република Македонија,** во просториите на Едукативниот центар на Парламентарниот институт на **23 ноември 2017 година**.

Парламентарниот институт ја подготви и испечати брошурата **Водич за пратеници** на македонски и на албански јазик, која беше дистрибуирана на новиот пратенички состав

Во согласност со Планот на активности на Парламентарниот институт за 2017 година, беа организирани **5** обуки наменети за вработените во Службата на Собранието по следниот редослед и теми:

| ТЕМА | МЕСТО | ДАТУМ | УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|---|
| Стандарди за управување со човечки ресурси, транспарентност на парламентите и календар на активности | Струга | 23-25 февруари 2017 | 32 |
| Управување со ризици | Едукативен центар на ПИ | 20 март 2017 | 14 |
| Управување со човечки ресурси | Едукативен центар на ПИ | 3-5 април 2017 | 13 |
| Стратешко планирање, методи и процес, Стратешки план на Собранието на Република Македонија за 2018-2020 година | Кавадарци | 6-8 јули 2017 | 40 |
| Стратешко планирање во Собранието на Република Македонија 2018-2020 година, втор дел | Кавадарци | 30 ноември - 02 декември 2017 | 40 |

Во соработка со Здружението за парламентарна соработка ИПС-Македонија и Германската амбасада во Република Македонија се одржа **работилница** на тема: **Размена на искуства меѓу ИПС стипендистите од Македонија во Германскиот Бундестаг и надворешните соработници (асистентите) во Собранието на Република Македонија.** Работилницата се одржа на **16 февруари 2017** година во Едукативниот центар на Парламентарниот институт во присуство на вкупно **23** учесници. Во дискусијата беа разменети споредбените модели за статусот, функционирањето, финансирањето и средствата за работа на асистентите во двата парламента.

- **Истражувачка библиотека и управување со документите од законодавната архива**

Во функција на обезбедување на разноликост на информации за пратениците и службата на Собранието континуирано се збогатува библиотечниот фонд. Од спроведената јавна набавка во 2017 година се набавени 90 наслови. 460 книги се донирани со одлука на Владата на Република Македонија. Исто така 330 книги се донирани од различни донатори, соработници на Парламентарниот институт по повод одбележувањето на Светскиот ден на книгата и авторските права.

Вкупниот број на книги со кои располага библиотеката е 6213 книги. Во електронскиот систем се индексирани вкупно 4732 наслови од кои 682 наслови се индексирани и каталогизирани во текот на 2017 година. Со ова е исполнет 100% индикаторот предвиден во стратешкиот план, бидејќи освен предвидениот фонд на книги кој е набавен, внесени се и дел од донираните книги.

Електронскиот каталог се пристапува преку страницата http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx, каде секој корисник може да пристапи со неговото корисничко име и лозинка со која и се пристапува во е-парламент.

Во извештајниот период, бројот на книги индексирани според областите од ЕвроВок се следните: Политика – 821; Меѓународни односи – 299; Европска Унија – 264; Право – 898; Економија – 241; Трговија – 57; Финансии – 123; Социјални праашања – 305; Образование и

комуникации – 613; Наука – 726; Деловност и конкуренција – 107; Вработување и работни услови – 43; Транспорт – 6; Животна средина – 18; Земјоделство, шумарство и рибарство – 32; Земјоделско-прехрамбени производи – 24; Производство, технологија и истражување – 56; Енергија – 8; Индустрија – 1; Географија – 31; Меѓународни организации – 57;




Во делот на подготовка на референтни материјали (тематски истражувања) е исполнет индикаторот за 2017 година, со изработување на **10 проактивни** тематски материјали:

- Rules of Procedure;
- Демократија;
- Демографија на Балканот низ историјата;
- Корупција;
- Менаџмент и управување во различни области;
- Економски раст и развој;
- Меѓународни односи – преговори и одржување на мирот;
- Стручни речници;
- Психологија и психоанализа;
- Криминологија и организиран криминал.

Тематските истражувања може да се најдат во читалницата на библиотеката, точките поставени за промотивен материјал како и во рмс системот каде се наоѓаат сите изработени материјали на Парламентарниот институт.

На 24 април 2017 година по трет пат беше одбележан **Светскиот ден на книгата и авторското право**. Настанот беше организиран во Едукативниот центар на Парламентарниот институт, каде беа изложени голем број на книги кои претходно беа донирани на истражувачката библиотека од различни донатори и соработници на Парламентарниот институт кои беа поканети и им беа доделени благодарници од страна на Раководителот на Парламентарниот институт.

Бидејќи истражувачката библиотека е во постојан процес на збогатување на нејзиниот библиотечен фонд како и поради известување на корисниците за насловите со кои располага, секој месец во рмс системот на Парламентарниот институт се промовираат најмалку пет нови наслови на книги.

Во текот на 2017 година од страна на пратениците и службата на Собранието вкупно беа изнајмени 142 книги.

На 3000 наслови кои се внесени во електронскиот систем на библиотеката се ставени rfid налепници (бар кодови) со кои се заштитуваат од неовластено изнесување на истите од просториите на истражувачката библиотека.

Двајца вработени од Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива од 15 до 18 август 2017 присуствуваа на пре-Ифла конференција која се одржа Варшава во Парламентот на Република Полска. Темата на конференцијата која е наменета само за парламентарни библиотеки оваа година се однесуваше на "Информацијата како основа за социјалната солидарност: Улогата на парламентарните библиотеки и истражувачките служби".

Во врска со примената на Извештајот за прашањата од интер секторскиот акциски план од 14.06.2016 година според кој треба да се овозможи системски пристап за управување со библиотеката на Собранието беа утврдени вкупниот број на библиотечниот фонд, локацијата на материјалите, пресметка на потребниот простор во зградата на Собранието за складирање како и план со динамика на индексирање.

- **Управување со документите кои ја сочинуваат законодавната архива**

Законодавната архива, функционира и во континуитет се дополнува со документи кои произлегуваат од работата на пленарните седници и од седниците на работните тела. Индексираните документи во е-архива системот се достапни за сите корисници пристапувајќи на следниот линк: http://pi-earchive/Cases.aspx?affiliateId=1 , од каде може лесно да пребаруваат документи по различни критериуми како пратенички мандати, број на пленарна седница, вид на документ и др.

Во извештајниот период скенирани се и индексирани документи од 37 пленарни седници со вкупно 440 точки од дневниот ред.

Вкупно од пратеничкиот мандат 2014-2016 се скенирани и индексирани 61 пленарна седница со вкупно 803 точки од дневниот ред. Бројката е под предвиденото поради нефункционирање на е-архива системот на подолг период од причини на нефункционирање на серверите и проблеми со одржувањето на системите.

Вториот дел од процесот на индексирање на документите од законодавната архива се одвива преку договорот со Државниот архив на Република Македонија за обезбедување скенирање и индексирање на архивскиот материјал од пратеничките мандати тргнувајќи од 1986 до 2012 година во е-архива системот. Со завршување на овој проект ќе се зголеми вредноста на законодавната архива на Парламентарниот институт, ќе биде овозможена дигитализација на материјалите во е-архива софтверот.

Во е-архива системот почна пракса на внесување на материјали доставени од страна на претходните претседатели на Собранието на Република Македонија – говори, обраќања од мандатот на неговото претседателствување со што на е-архива системот и се дава и друга димензија на чување на документи кои ќе станат наследство на Собранието. Во делот на законодавната архива преостанува предизвик целосното обработување на материјалите од пратеничкиот мандат 2014-2016 како и превземањето за дигитална обработка на документите од тековниот пратенички мандат.

Во читалницата на Парламентарниот институт во текот на 2017 година се обезбедени **5** домашни дневни весници, **4** периодични списанија, интернет пристап, лиценци за пристап до базите на податоци Службен весник и Академика. Дополнително, беа обезбедени **27** лиценци за пристап до базата на податоци Службен весник на Република Македонија доделени на вработените во Службата на Собранието.

## 2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА УЛОГАТА НА ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ

Во присуство на **23** учесници од невладини граѓански организации се одржа тркалезна маса на тема: **Собранието и граѓанските организации (вклученост, соработка и отворена законодавна власт)** на која воведно обраќање имаше претседателот на Собранието на Република Македонија г.Талат Џафери. На настанот се дискутираа следните теми: партнерство за отворена власт, Националниот акциски план и обврските на законодавната власт, како и буџетската транспарентност, отчетност и улогата на Собранието. Тркалезната маса се одржа во организација на Парламентарниот институт на **21 јуни 2017** година во Едукативниот центар.

Од **8 до 10 ноември 2017 година**, во просториите на Едукативниот центар на Парламентарниот институт, во организација на НДИ Македонија и ПИ, се одржаа повеќе активности во врска со иницијативата **Отворено владино партнерство (ОВП)** и приклучувањето на Собранието кон истата со свој акциски план. За таа цел беше поканет Скот Хубли, директор на одделот за парламентарни и владини програми на НДИ Вашингтон и експерт за ОВП. На работните состаноци и сесиите организирани за таа цел, под менторство и експертиза на г. Хубли, активно учествуваа претставници од актуелниот пратенички состав, од стручната Служба на Собранието, од домашни и меѓународни организации кои се занимаваат со мониторинг на работата на Собранието, како и македонскиот национален координатор за ОВП.

Како резултат на овие активности, Собранието на Република Македонија, на **28 ноември 2017 г**. донесе **Одлука за формирање работна група за отвореност на законодавната власт** и подготовка на Акциски план за отвореност на Собранието во рамките на Партнерството за отворена власт. Работната група има задача да го подготви Акцискиот план заклучно со јуни 2018 г.

- **Семинари за ученици и студенти**

Во извештајниот период се реализираа **6** еднодневни семинари на тема **Демократијата и Собранието** наменети за ученици од основни и средни училишта на Република Македонија и **2** семинари за студенти на тема **Парламентот (Собранието) како основна институтција на Парламентарното право**.

| датум на одржување | тип на училиште | град/ општина | ученици машки | ученици женски | ученици вкупно | наставници | вкупно учесници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 февруари 2017 | основно | Крушево, Радовиш, Пехчево, Кратово, Скопје | 9 | 15 | 24 | 5 | 29 |
| 24 март 2017 | средно | Гевгелија, Битола, Демир Хисар, Берово, Скопје | 8 | 16 | 24 | 6 | 30 |
| 21 април 2017 | основно | Македонски Брод, Демир Капија, Пробиштип, Нов Дојран, Скопје | 8 | 17 | 25 | 6 | 31 |
| 22 септември 2017 | средно | Скопје, Струмица, Тетово, Богданци, Македонска Каменица | 6 | 18 | 24 | 5 | 29 |
| 13 октомври 2017 | основно | с. Буковиќ-Скопје, с.Соколарци-Кочани, с.Драгобраште-Виница, с.Табановце-Куманово | 5 | 16 | 21 | 4 | 25 |
| 15 декември 2017 | средно | Кавадарци, Свети Николе, Кичево, Скопје, Кратово | 5 | 18 | 23 | 6 | 29 |
| | | | | | | **ВКУПНО 2017** | **173** |

| датум на одржување | образовна институција | град/ општина | студенти машки | студенти женски | студенти вкупно | професори | вкупно учесници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 октомври 2017 | Правен факултет - Унивезритет "Гоце Делчев" | Штип | 13 | 20 | 33 | 1 | 34 |
| 20 ноември 2017 | Институтот за социологија на Филозофскиот факултет при УКИМ | Скопје | 4 | 13 | 17 | 1 | 18 |

- **Отворени денови во собранието на Република Македонија**

Во текот на 2017 година, се реализираа **36** отворени денови за посета на Собранието. Вкупно **5045** граѓани и ученици организирани во **112** групи имаа можност да ги посетат најрепрезентативните простории на Собранието.




Покрај последниот петок од месецот како регуларен Отворен ден за посета на Собранието, се организираа обиколки и на добиени и одобрени барања за посета од ученици, студенти, граѓани и странски делегации.

- **Изработка, печатење и дистрибуција на информативни материјали**

Во извештајниот период препечатени се вкупно **11.456** информативни материјали, а вкупно се дистрибуирани **16.147** информативни материјали до соодветните целни групи. Поради присуство на делегација од Венецуела, информативните материјали беа преведени на шпански јазик и дистрибуирани на венецуелската делегација.

Канали за информирање

- Во насока на зајакнување на транспарентноста и информирање на јавноста, реализираните настани од едукативен и информативен карактер, навремено се објавуваат на фејсбук страницата Парламентарен институт (@PIMakedonija).

- На банерот на Парламентарен институт на интернетската страница на СРМ, се објавуваат активностите на Парламентарниот институт на четири јазици: македонски, албански, англиски и на француски јазик (http://www.sobranie.mk/parlamentaren-institut-baner.nspx).

- Исто така, на секои три месеци преку електронската платфрома Constant Contact се дистрибуира Билтен на Парламентарниот институт на македонски, англиски и на албански јазик. Билтенот пренесува информации за активностите и настаните организирани и спроведени од страна на Парламентарниот институт. Во извештајниот период изработени се четири електронски билтени и електронски дистрибуирани на 20 април, 11 јули, 10 октомври и 05 јануари 2018, до следните целни групи: пратениците на Собранието, раководителите на Службата на Собранието и невладини организации.

## 11.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***




***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 453.806 копии**

**А3 формат: 120.811 копии**

**А4 формат фотокопирани: 349.972 копии**



# 12. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Прва конститутивна седница | 30.12.2016<br>27.03.2017<br>28.03.2017<br>29.03.2017<br>30.03.2017<br>31.03.2017<br>03.04.2017<br>04.04.2017<br>05.04.2017<br>06.04.2017<br>10.04.2017<br>11.04.2017<br>12.04.2017<br>18.04.2017<br>19.04.2017<br>20.04.2017<br>21.04.2017<br>24.04.2017<br>25.04.2017<br>26.04.2017<br>27.04.2017<br>31.05.2017 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда | 13,25-15,10<br>12,25-18,00<br>12,20-18,05<br>11,30-18,00<br>11,20-18,00<br>11,20-17,05<br>12,25-18,00<br>11,25-18,00<br>11,35-18,05<br>11,30-18,00<br>11,50-18,00<br>11,30-18,00<br>11,25-18,00<br>11,45-18,00<br>11,40-18,00<br>11,35-18,00<br>11,40-18,00<br>11,30-18,00<br>11,45-18,00<br>11,40-18,00<br>11,40-18,00<br>10,10-10,55 |
| 2. | Втора седница | 30.05.2017<br>31.05.2017 | -вторник<br>-среда | 11,25-19,15<br>12,10-24,00 |
| 3. | Трета седница | 31.05.2017 | -среда | 11,05-11,15 |
| 4. | Четврта седница | 01.06.2017 | -четврток | 13,50-18,15 |
| 5. | Петта седница | 14.06.2017<br>15.06.2017<br>22.06.2017<br>29.06.2017<br>28.07.2017<br><br>17.08.2017<br>07.09.2017 | -среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-четврток<br>-петок<br><br>-четврток<br>-четврток | 11,20-16,40<br>12,15-18,45<br>11,10-17,50<br>12,20-15,30<br>11,05-14,00 и<br>15,40-16,45<br>15,35-15,40<br>12,15-14,00 |
| 6. | Шеста седница | 05.07.2017<br>06.07.2017<br>10.07.2017<br>11.07.2017<br>12.07.2017<br>13.07.2017<br>07.08.2017<br>09.08.2017<br>11.08.2017<br>12.08.2017<br>14.08.2017<br>15.08.2017<br>16.08.2017<br>17.08.2017<br>06.11.2017<br>07.11.2017 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда<br>-петок<br>-сабота<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник | 11,40-21,45<br>12,30-16,20<br>11,20-18,55<br>12,15-17,35<br>11,15-18,25<br>11,15-17,40<br>11,25-18,05<br>11,40-21,30<br>11,00-22,05<br>12,05-18,15<br>12,20-18,15<br>11,05-18,10<br>11,15-18,15<br>15,25-15,35<br>11,35-17,40<br>12,05-12,15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Седма седница | 29.06.2017 | -четврток | 11,35-12,20 |
| 8. | Осма седница | 14.07.2017<br><br>15.07.2017<br>17.08.2017<br>07.11.2017<br>16.11.2017<br>17.11.2017<br>25.11.2017 | -петок<br><br>-сабота<br>-четврток<br>-вторник<br>-четврток<br>-петок<br>-сабота | 11,05-17,20 и<br>17,30-03,35<br>13,15-18,00<br>15,15-15,25<br>12,15-12,30<br>13,05-17,55<br>13,05-17,40<br>12,35-12,40 |
| 9. | Деветта седница | 14.07.2017<br>06.08.2017 | -петок<br>-недела | 17,20-17,30<br>17,00-17,05 |
| 10. | Десетта седница | 28.07.2017 | -петок | 15,20-15,40 и<br>16,45-17,05 |
| 11. | Единаесетта седница | 01.08.2017<br>03.08.2017<br>04.08.2017<br>05.08.2017<br>06.08.2017 | -вторник<br>-четврток<br>-петок<br>-сабота<br>-недела | 10,25-14,00<br>11,25-17,05<br>11,20-18,05<br>11,25-18,00<br>13,15-17,00 |
| 12. | Дванаесетта седница | 04.09.2017<br>06.09.2017<br>07.09.2017<br>15.09.2017<br>18.09.2017<br>19.09.2017<br>06.11.2017<br>14.11.2017<br>15.11.2017<br>17.11.2017<br>25.11.2017 | -понеделник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-сабота | 11,40-18,00<br>11,10-17,15<br>15,55-17,45<br>11,20-20,30<br>11,15-18,00<br>11,25-13,50<br>17,40-17,55<br>15,40-16,50<br>16,40-17,40<br>17,40-17,45<br>12,40-14,45 |
| 13. | Тринаесетта седница | 11.09.2017<br>12.09.2017<br>17.11.2017 | -понеделник<br>-вторник<br>-петок | 11,10-23,50<br>16,40-19,50<br>17,45-17,50 |
| 14. | Четиринаесетта седница | 12.09.2017 | -вторник | 12,15-12,35 |
| 15. | Петнаесетта седница | 13.09.2017<br>14.09.2017<br>19.09.2017<br>20.09.2017<br>21.09.2017<br>22.09.2017<br>23.09.2017<br>13.11.2017<br>14.11.2017<br>15.11.2017 | -среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-сабота<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,30-15,30<br>11,05-16,10<br>15,30-23,25<br>11,40-14,00<br>11,20-18,05<br>11,30-02,15<br>12,10-15,05<br>12,45-17,50<br>12,25-15,40<br>12,20-16,20 |
| 16. | Шеснаесетта седница | 20.09.2017 | -среда | 11,15-11,40,<br>16,45-17,00 и<br>17,25-22,55 |
| 17. | Седумнаесетта седница | 20.09.2017 | -среда | 17,05-17,25 |
| 18. | Осумнаесетта седница | 01.11.2017 | -среда | 11,25-15,40 |
| 19. | Деветнаесетта седница | 08.11.2017<br>09.11.2017 | -среда<br>-четврток | 11,50-17,35<br>15,15-16,30 |
| 20. | Дваесетта седница | 18.11.2017 | -сабота | 11,10-17,50 |
| 21. | Дваесет и прва седница | 21.11.2017<br>22.12.2017 | -вторник<br>-петок | 11,35-16,00<br>18,30-18,35 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
